Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 327, 15 август 2023 година

август 2023 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛЕЖИШТА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП** ........ **21**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ ЏЕЗ БАС (60910) И МУЗИЧКА ПРОДУКЦИЈА (60916) НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **30**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **49**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТОФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **60**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **67**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 612 НАУКА ЗА КНИЖЕВНОСТ, 64000 МАКЕДОНИСТИКА, 61226 КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ (ВО КНИЖЕВНОСТА) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **74**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА СТУДЕНТИТЕ НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ/НАСОКИ“ ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА НИКОЛОВСКА ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **86**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3** ........ **90**



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-123/10 од 5.5.2023 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 5.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *интерна медицина (30225)* на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Марија Вавлукис** – редовен професор за наставно-научната област интерна медицина - кардиологија, вработена во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, претседател;

- **д-р Валентина Велкоска-Накова**, вонреден професор за наставно-научна област ендокринологија и заболувања на метаболизмот, вработена во Клиничка болница Штип и Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;

- **д-р Гордана Камчева-Михаилова** – вонреден професор за наставно-научната област кардиологија, вработена во Клиничка болница - Штип и Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 13.4.2023 година и во предвидениот рок се пријавија:

- **д-р Александар Серафимов**, специјалист кардиолог, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на кардиологијата, вработен во ЈЗУ Клиничка болница Штип;

- **д-р Вера Пеншовска-Николова**, специјалист интернист, супспецијалист во областа дијабетологија, вработена во ЈЗУ Здравствен дом Скопје, Поликлиника „Јане Сандански“.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Д-р Александар Серафимов**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Александар Серафимов е роден на 1 март 1983 год. во

Кочани, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Кочани (Гимназија „Ѓупчо Сантов", насока општа гимназија, 1997-2001 год.) со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Медицинскиот универзитет во Софија се запишува во учебната 2001/2002 г. и дипломира на 10 август 2007 година со просечен успех 8,15 и се здобива со стручниот назив – **доктор на медицина**. По положување на стручен државен испит на 20 февруари 2008 година се здобива со работна лиценца. По дипломирањето работи како доктор по општа медицина во службата за Итна медицинска помош (2008-2009 год.) при Здравствениот дом во Кочани.

Во септември 2008 година запишува магистерски студии по јавно здравство и здравствен менаџмент на Медицинскиот факултет во Софија, како стипендист на Кралството на Норвешка, и истите успешно ги завршува на 26 август 2010 година, со просечен успех 9,67 со одбрана на магистерскиот труд „Современи модели за финансирање во здравството" и се здобива со звање **магистер на медицински науки, област здравствен менаџмент**.

Во учебната 2016/2017 година запишува трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, насока Базични и клинички испитувања во медицината, област клиничка медицина, кардиологија. Во 2020 година е одобрен за изработка докторскиот труд со наслов „Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт". На 28 ноември 2022 година јавно ја брани докторската дисертација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и се стекнува со звање **доктор на медицински науки,** област кардиологија, со просечен успех 10,0.

На 5 март 2009 година е избран за **помлад асистент за научното поле фундаментални медицински науки** на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, додека на 16.9.2011 год. е избран за **асистент за наставно-научно поле - клинички медицински науки.** На 12.10.2014 година д-р Александар Серафимов е избран за **асистент-докторанд**.

Од 1 март 2015 година д-р Александар Серафимов започнува да работи како општ лекар при ЈЗУ Клиничка болница Штип. Од февруари 2016 година запишува специјализација по кардиологија и истата ја завршува со полагање на специјалистички испит на 7 април 2022 година и се стекнува со звање **специјалист - кардиолог**.

Во текот на својот стручен развој и унапредување има реализирано повеќе едукативни престои во земјава и во странство, како што е активното учество на WEILL CORNELL семинарот по кардиологија во Салцбург, Австрија, во соработка со Медицинскиот универзитет во Виена, во јуни 2018 година.

Активно се служи со англиски, словенечки и бугарски јазик.

Во текот на неговата досегашна професионална кариера се има реализирано во наставно-образовна, стручна и научноистражувачка работа, активно а резултатите од неговата стручна и истражувачка дејност ги споделува учествувајќи на мноштво национални и интернационални конгреси, симпозиуми и работилници. Како таков, има значаен придонес во наставната и образовна дејност на факултетот.

Д-р Серафимов е активен член на повеќе стручни и професионални асоцијации: Лекарската комора на Македонија, Македонско лекарско друштво, Бугарскиот лекарски сојуз од 2008 година. Член е на Лекарската комора на Словенија од 2015 година. Од 2016 година е член на Македонското кардиолошко здружение.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

1. ***Просечен успех од прв циклус на студии.*** Кандидатот ги има завршено интегрираните студии на Медицинскиот факултет при Медицински универзитет – Софија, Р. Бугарија (300 ЕКТС) со просечен успех 8,15.

2. ***Просечен успех од втор циклус студии.*** Кандидатот ги има завршено студиите од втор циклус на Медицински факултет при Медицински универзитет – Софија, Р. Бугарија (180 ЕКТС) со просечен успех 9,67.

3. ***Просечен успех од трет циклус на студии - Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатот има научен степен доктор на медицински науки од областа кардиологија, со кој се стекнува по одбраната на докторската дисертација со наслов „Прогностичка улога на срцевите биомаркери кај пациентите со миокарден инфаркт“ на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип со просечен успех од 10,0.

4. ***Претходен избор во звање*** – соработничко звање: помлад асистент, асистент, асистент-докторанд (во континуитет) при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

5. ***Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Stefan Petrovski, Marija Karakolevska Ilova, Elena Simeonovska Joveva, **Aleksandar Serafimov**, Ljubica Adzi-Andov, Violeta Dimitrova (2018) | Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2018 Jun 20; 6(6):1046-1051 | 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2** | Visar Miftari, **Aleksandar Serafimov**, Fisnik Demiri, Ekrem Ismani (2019) | Effectiveness Study On Longitudinal Laboratory monitoring Of the INR in Patients Receiving Vitamin-K Antagonist For Atrial Fibrilation in R. Macedonia | Medicus International Medical Journal, 24 (3). pp. 280-285. ISSN 1409-6366 | 2004 |
| **3** | Visar Miftari, Marija Vavlukis, Ekrem Ismani, **Aleksandar Serafimov** (2020) | Effectiveness of Vitamin K antagonist for secondary prophylaxis of brain stroke in patients with atrial fibrillation in routine public care settings | Medicus International Medical Journal, 25 (3). pp. 413-419. ISSN 1409-6366 | 2004 |
| **4** | **Aleksandar Serafimov**, Hajber Taravari, Enes Shehu, Darko Kitanoski, Visar Miftari, Ljubica Georgievska-Ismail, Sasko Kedev, Marija Vavlukis (2020) | Added Value of Modified Anderson–Wilkins Acuteness Score in Prognostication of Patients with Acute Myocardial Infarction | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2020 Nov 10; 8(B):1171-1179. | 2013 |
| **5** | Marija Karakolevska Ilova, Elena Simeonovska Joveva, **Aleksandar Serafimov** (2021) | De novo Stage IV Luminal Breast Cancer: Yes or No for Local Treatment? Serial Cases and Review | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, (2021) May 14; 9 (B). pp. 1-5. | 2013 |
| **6** | **Aleksandar Serafimov**, Darko Donevski, Marija Karakolevska Ilova, Elena Simeonovska Joveva, Kristina Todosieva Serafimova, Sasko Kedev, Marija Vavlukis (2022) | Incremental Value of Cardiac Biomarkers in Mid-term Prognosis of Patients with Acute Coronary Syndrome | Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 2022 Feb 02; 10 (B). pp. 294-302. | 2013 |

**6.** ***Потврда за познавање на англиски јазик*** – кандидатот активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).

**7.** ***Способност за изведување на високообразовна дејност*** – со активно учество во наставата како асистент на повеќе предмети кандидатот покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови за избор:**

***1. Учество во научноистражувачки проекти*** *– кандидатот учествува во три научноистражувачки проекти:*

- Дентална морфологија на хумани трајни заби: екстерна и интерна анатомија на корени и коренски канални системи – експериментална студија (Dental morphology of human permanent teeth: external and internal anatomy of roots and root canal system –an experimental study). [Project] https://eprints.ugd.

edu.mk/9884/
- Clinically relevant risk factors for suicide: Comparison between clinical group with passive suicidal ideation, active suicidal ideation and without suicidal ideation https://eprints. ugd.edu.mk/12837/
-Навики во исхраната и нутритивниот статус на децата. [Project]

***2. Препораки од двајца професори од соодветната област*** – кандидатот достави две препораки:

- Препорака од д-р Валентина Велкоска-Накова, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- препорака од д-р Гордана Камчева-Михаилова, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***3. Минимум поени за избор во насловен доцент*** – кандидатот има остварено минимум поени (во прилог е табелата во која се бодираат активностите при избор во звање).

**Наставно-образовна дејност**

Својата наставно-образовна дејност д-р Александар Серафимов ја започнува во 2009 година, кога е избран во соработничко звање **помлад асистент** за научното поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. На 16 септември 2011 година е избран во соработничко звање **асистент** за наставно-научно поле/област фундаментални медицински науки, додека на 12 август 2014 година е избран во соработничкото звање **асистент-докторанд** и продолжува.

Од неговиот прв избор во соработничко звање во 2009 година, во континуитет активно учествува во реализација на практичната настава на повеќе предмети од повеќе академски студиски програми: Општа медицина, Фармација и Дентална медицина, како и студиските програми од стручните студии: Медицински лаборанти, Медицинска сестра / техничар, Физиотерапевти и Оптометристи. Учествувал во реализација на практичната настава за следните предмети: Анатомија 1 и 2, Патолошка анатомија 1 и 2, Патологија со патофизиологија, Патологија – одбрани поглавја, Вовед во клиничко испитување 1, Интерна медицина 1 и 2, Интерна медицина со нега.

**Научноистражувачка дејност**

Како резултат на неговата научноистражувачка работа и континуирано стручно и научно надградување, активно и пасивно учество на домашни и меѓународни конгреси, семинари и едукативни манифестации, кандидатот има објавено повеќе трудови во меѓународни научни списанија и во книги на апстракти. Автор и коавтор е на 26 трудови презентирани и публикувани во домашни и меѓународни конгреси/симпозиуми или во стручни и научни списанија.

Трудовите од реден број 1 до реден број 12 се рецензирани во Билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ бр. 133 при изборот за асистент-докторанд од 1 октомври 2014 година.

1. Dimitrovska Ivanova, Marija and Kamceva, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar (2014) Новини во дијагностика и терапија на еозинофилен езофагеит. Medicus, 9 (20). pp. 24-25. ISSN 1857-5994.

2. Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena and Petrovski, Stefan and Serafimova, Kristina and Todosieva, Kristina (2014) Баретов езофагус - морфолошки карактеристики и дијагноза. Medicus, Информативен гласник на јавното здравство - Штип, 9 (19). pp. 12-14.

3. Simeonovska Joveva, Elena and Karakolevska Ilova, Marija and Serafimov, Aleksandar and Petrovski, Stefan and Skenderi, Viollca (2013) Paraneoplastic disorders affecting the neuromuscular junction: Myastenia gravis associated with paraneoplastic syndrome - case report. Medicus 2013, Tetovo, 61 (18(1)). pp. 146-149. ISSN 1409-6366UPC.

4. Serafimov, Aleksandar and Kamcev, Nikola and Velickova, Nevenka and Panova, Gordana and Sokolovska-Malovcheva, Gabriela (2011) Ethical Problems in Pathology Practice. 1st Macedonian Congress of Pathology with International Participation, Ohrid, Macedonia, 1 (1). pp. 42-44.

5. Sokolovska-Malovcheva, Gabriela and Duganovska, Snezana and Janevska, Vesna and Serafimov, Aleksandar and Komina, Selim (2011) Truncus arterious communis (TAC) associated with malformations of other organ systems. 1st Macedonian Congress of Pathology with International Participation, Ohrid, Macedonia, 1 (1). pp. 71-75.

6. Todosieva, Kristina and Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena and Marolova, Angela and Petrova, Marina (2010) Превенција на колоректален карцином. Book of abstracts, 33rd International Medical Scientific Congress for Medical Students and Young Doctors, 13-16 May 2010, Ohrid, Republic of Macedonia. pp. 43-48.

7. Serafimov, Aleksandar and Donchovska, Danica and Marolova, Angela and Velickova, Nevenka and Milev, Mishko (2010) The role of evidence-based medicine in healthcare management. 33rd International Medical Scientific Congress for Medical Students and Young Doctors, Ohrid, Macedonia, 1 (1). pp. 52-56.

8. Panova, Gordana and Zisovska, Elizabeta and Simeonovska Joveva, Elena and Serafimov, Aleksandar and Karakolevska Ilova, Marija (2013) Stigma surrounding the patients using mental health services. In: 5 th DAAD Summer School, 28 Aug-01 Sept 2013, Bar, Montenegro.

9. Zisovska, Elizabeta and Serafimov, Aleksandar and Panova, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena (2013) Advances of information technology in communication with adolescent patients. In: 5th DAAD Summer School, 28 Aug-01 Sept 2013, Bar, Montenegro.

10. Serafimov, Aleksandar and Simeonovska Joveva, Elena and Zisovska, Elizabeta

and Panova, Gordana (2013) The Extend of Confidentiality in Psychiatry. In: 5th DAAD Summer School, 28 Aug-01 Sept 2013, Bar, Montenegro.

11. Zisovska, Elizabeta and Serafimov, Aleksandar and Panova, Gordana and Simeonovska Joveva, Elena (2013) Human rights of children and adolescent patients using mental health services. In: 5th DAAD Summer School, 28 Aug-01 Sept 2013, Bar, Montenegro.

12. Velickova, Nevenka and Serafimov, Aleksandar and Milev, Mishko (2010) The role of ICT in family medicine. In: 33rd International medical scientific congress for medical students and young doctors, 13-16 May 2010, Ohrid.

**За овој избор ги има приложено следните трудови:**

Трудови објавени во целост во списанија со меѓународен уредувачки одбор

13. Petrovski S, Karakolevska Ilova M, Simeonovska Joveva E, **Serafimov A,** Adzi-Andov Lj, Dimitrova V. (2018) Influence of the Type and Amount of Liver Resection on the Survival of the Patients with Colorectal Metastases. Open Access Maced J Med Sci, 6 (6). ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/20385/)

Трудот го опишува влијанието, на типот и екстензитетот на ресекцијата на црниот дроб кај пациенти со колоректални метастази и нивното влијание на преживувањето. Типот на ресекција-анатомска или неанатомска, кај пациенти со колоректални метастази на црниот дроб не влијаат на долгогодишното преживување на пациентите. Неанатомските се поврзани со поголем процент на позитивни ресекциони маргини или R1 ресекција и имаат поголем процент на рецидиви. Екстензитетот или големината на ресекција, исто така, нема сигнификантно влијание на преживувањето на пациентите, мајорните ресекции имаат повисок морбидитет и морталитет, но не влијаат на преживувањето на пациентите со колоректални метастази на црниот дроб.

14. Miftari V, **Serafimov A,** Demiri F, Ismani E. (2019) Effectiveness Study on Longitudinal Laboratory Monitoring of the INR in Patients Receiving Vitamin-K Antagonist for Atrial fibrilation in R. Macedonia. Medicus, International Medical Journal, 24 (3): 280-285. ISSN 1409-6366 (https://eprints.ugd.edu.mk/29593/).

Во овој научен труд е прикажана атријалната фибрилација како примарна причина за исхемичен мозочен удар и за различни други тромботични настани. Еден од најчесто користените препарати за превенција на последиците се витамин К антагонистите, кои се со докажана ефикасност. Во трудот се опишува методологија за постигнување на целна вредност на INR кај популација на пациенти следени во Клиничката болница Тетово за период на опсервација од 6 месеци.

15. Miftari V, Vavlukis M, Ismani E, **Serafimov A.** (2020) Effectiveness of Vitamin K antagonist for secondary prophylaxis of brain stroke in patients with atrial fibrillation in routine public care settings. Medicus International Medical Journal, 25 (3): 413-419. ISSN 1409-6366 (https://eprints.ugd.edu.mk/30072/).

Трудот опишува проспективна, опсервациска студија за ризик фактори за појава на мозочен удар, атријална фибрилација, користење на орална антикоагулантна терапија (аценокумарол) и присуство на идентификувани исхемички лезии во мозокот со компјутеризирана томографија без контрастни средства. Како заклучок се сугерира дека правилното користење на вит К антагонисти значајно ја редуцира инциденцата на нови исхемички лезии на мозокот детектирани со компјутеризирана томографија.

16. **Serafimov A,** Taravari H, Shehu E, Kitanoski D, Miftari V, Georgievska-Ismail Lj, Kedev S, Vavlukis M. (2020) Added Value of Modified Anderson–Wilkins Acuteness Score in Prognostication of Patients with Acute Myocardial Infarction. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 8(B): 1071-1079.ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/29591/).

Во овој научен труд електрокардиограмот е претставен како незаменлива алатка за дијагноза и прогноза кај пациентите со миокарден инфаркт. Ризик скорови, кои водат потекло од електрокардиограмот, како што е модифицираниот Андерсон Вилкинс скор, претставуваат подобар сурогат маркер за време на повреда кај миокардниот инфаркт. Модифицираниот Андерсон – Вилкинс скор покажува силна корелација со биохемиските варијабли: стрес хипергликемија, серумско ниво на калиум, серумско ниво на креатинин и ниво на натриуретични пептиди. Овој ризик скор може да служи како маркер за рано ремоделирање на левата комора на срцето.

17. Karakolevska Ilova M, Simeonovska Joveva E, **Serafimov A.** (2021) De novo Stage IV Luminal Breast Cancer: Yes or No for Local Treatment? Serial Cases and Review. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 9 (B): 1-5. ISSN eISSN: 1857-9655 (https://eprints. ugd.edu.mk/28770/)

Ретроспективните студии за ресекција на примарниот тумор како прв третман на избор се со спротивставени резултати, кои може да бидат поврзани со пристрасност за рандомизација, вклучувајќи различни биолошки типови на рак на дојка, различни метастатски локации и пациенти со различен статус на менопауза. Од друга страна, проспективните студии не покажаа никакви моќни резултати што би го воделе третманот во дено-стадиум IV карцином на дојка поради неколку ограничувања како краток период на следење (помеѓу 23 и 40 месеци), помлади пациенти, ЕР-позитивни /HER2 негативни тумори и тип на хемотерапија дадена или не однапред. Ефектот на претходна операција кај новометастазирани пациенти со рак на дојка сè уште е предизвик, така што постои потреба да се идентификува точната група на пациенти кои би можеле да имаат корист од операцијата.

18. **Serafimov A,** Donevski D, Karakolevska Ilova M, Simeonovska Joveva E, Todosieva Serafimova K, Kedev S, Vavlukis M. (2022) Incremental Value of Cardiac Biomarkers in Mid-term Prognosis of Patients with Acute Coronary Syndrome. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 10 (B). pp. 294-302. ISSN 1857-9655 (https://eprints.ugd.edu.mk/29592/)

Во овој научен труд се дава осврт на предикторите за појава на мајорни несакани срцеви настани кај пациенти кои преживеале миокарден инфаркт. Целта на овој труд е да се идентификуваат раните предиктори на несаканите срцеви настани кај пациенти хоспитализирани поради миокарден инфаркт и биле подложени на перкутана коронарна интервенција. Се заклучува дека комбинацијата од биомаркери за миокарден стрес и инфламација ја подобрува предикцијата за појава на несакани срцеви настани кај пациенти со миокарден инфаркт.

Трудови презентирани и објавени во зборник на трудови од научен собир

19. Karakolevska Ilova M, Simeonovska Joveva E, **Serafimov A,** Petrovska L (2016) Malignant pleural effusions in lung cancer: the condition during the disease. Book of abstracts of the First International Symposium at Faculty of Medical Sciences.

Малигна плеврална ефузија претставува 40% од хроничната плеврална ефузија и е водечка причина за рекурентна плеврална ефузија, која дополнително ја акцентира морбидноста кај пациентите со малигна болест. Плеврална ефузија кај канцер на бели дробови е голем клинички проблем (се појавува во 28% од случаите) и често перзистира без оглед на хистолошкиот тип на канцерот, што дополнително го отежнува третирањето и преживувањето кај овие пациенти.

20. **Serafimov A**, Nikolov S, Jovev M, Trajkovska R, Vasilev B, Sazdov M. Culotte stenting technique in "simple" coronarography – a case report, Book of Abstracts, 6th Macedonian Congress of Cardiology. 3-6th October 2019, Ohrid, North Macedonia.

Во оваа презентација е претставен приказ на случај на пациент со повеќесадовна коронарна артериска болест, идентификувана со коронарографија и предложена идна коронарна бајпас операција, која е одбиена од страна на пациентот. Продолжено е со перкутана коронарна интервенција и т.н. Cullot техника за стентирање на коронарни артерии. Техниката според податоци од литературата значително го подобрува квалитетот на животот кај пациентите со повеќесадовна коронарна артериска болест.

21. Nikolov S, Jovev M, **Serafimov A**, Trajkovska R, Vasilev B, Sazdov M. (2019) Distal transradial approach and treatment possibilities, Book of Abstracts, 6th Macedonian Congress of Cardiology. 3-6th October 2019, Ohrid, North Macedonia.

Во оваа презентација се изложени бенефитите на трансрадијалниот пристап наспроти трансфеморалниот пристап при изведување на коронарна ангиографија, како и перкутана коронарна интервенција. Предностите се како за операторот, така и за пациентот бидејќи времето за закрепнување е помало, компликациите се минимални. Во трудот се презентирани податоци за период од четири месеци, со последователен период на следење од една година.

22. **Serafimov A**, Kitanoski D, Domazetovska S, Shehu E, Pocesta B, Busljetik O, Kedev S, Vavlukis M. (2019) Biomarkers guided therapy for risk stratification and prognostication of patients treated fo Acute Coronary Syndrome, Book of Abstracts, 6th Macedonian Congress of Cardiology. 3-6th October 2019, Ohrid, North Macedonia.

Во овој труд се посочени најчестите срцеви биомаркери и нивната улога во дијагноза, третман и прогностификација на пациентите, кои се презентираат со епизода на акутен коронарен синдром. Трудот е произлезен од истражување за докторска дисертација на кандидатот и претставува голем научен интерес и има голема практична апликација во секојдневната клиничка работа со овој профил на пациенти.

23. Jovev M, Nikolov S, **Serafimov A**, Trajkovska R, Vasilev B, Sazdov S. (2019) non-STEMI in young woman – a case report, Book of Abstracts, 6th Macedonian Congress of Cardiology. 3-6th October 2019, Ohrid, North Macedonia.

Во оваа презентација е презентиран еден клинички случај на миокарден инфаркт, без елевација на СТ сегментот кај млада жена. Пациентката се презентирала со силна градна болка, елевирани срцеви биомаркери (тропонин), како и ЕКГ промени. На направените дијагностички процедури е откриена сегментна хипокинеизја на ѕидот на левата комора и последователна дисекција на една од коронарните артерии (воочена преку ангиографија). Преземени биле соодветни терапевтски процедури и пациентката е испишана во значајна клинички подобра здравствена состојба.

24. Trajkovska R, Nikolov S, Jovev M, **Serafimov A**, Vasilev B, Sazdov S. (2019) Angioplasty in Acute Limb Ischemia – a case report, Book of Abstracts, 6th Macedonian Congress of Cardiology. 3-6th October 2019, Ohrid, North Macedonia.

Во овој труд е презентиран клинички случај на акутна исхемија на долен екстремитет. Опишани се најчестите причини за појава на исхемија на долни екстремитети, како и начинот за нивен третман. Како најзначаен третман се посочува навремена периферна артериографија (PTA), која може да спречи тешки компликации, како загуба на екстремитет и да му овозможи квалитет живот на пациентот.

25. Vasilev B, Nikolov S, Jovev M, Trajkovska R, **Serafimov A**, Sazdov M. (2019) PTA after peripheral bypass – a case report, Book of Abstracts, 6th Macedonian Congress of Cardiology. 3-6th October 2019, Ohrid, North Macedonia.

Во оваа презентација е опишан клинички случај на акутна исхемија на долен екстремитет кај пациент со претходна bypass операција на засегнатиот екстремитет. Периферната артериографија со или без поставување на стент претставува многу ефективен терапевтски зафат за пациент со стеноза на артерија на екстремитетот. Високата успешност на методот го прави претпочитан пред хируршкиот зафат.

26. **Serafimov A.** (2018) Hypokalemia – induced Ventricular Fibrilation, a case report, oral presentation, Open medical Institute, Salzburg Weill Cornell Seminar in Cardiology, 25-29th June, 2018, Salzburg, Austria.

Во оваа презентација се посочени најчестите електролитни нарушувања и нивното аритмогено влијание врз работата на срцевиот мускул. Ниското серумно ниво на калиум (хипокалемија) е честа причина за појава на аритмии, кои се сочинети од различни ентитети, вклучително и вентрикуларна фибрилација. Во презентацијата е посочен случај од клиничката пракса за пациент со ниски вредности на калиум и начинот на дијагноза и третман на сериозна по животот вентрикуларна фибрилација.

<u>Учество во научноистражувачки проекти:</u>

27.Дентална морфологија на хумани трајни заби: екстерна и интерна анатомија на корени и коренски канални системи – експериментална студија (Dental morphology of human permanent teeth: external and internal anatomy of roots and root canal system –an experimental study). [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/9884/

28.Clinically relevant risk factors for suicide: Comparison between clinical group with passive suicidal ideation, active suicidal ideation and without suicidal ideation https://eprints.ugd.edu.mk/12837/

29.*Навики во исхраната и нутритативниот статус на децата.* [Project] https://eprints.ugd.edu.mk/14059/

**Д-р Вера Пеншовска-Николова**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Вера Пеншовска-Николова е родена на 17 септември 1973 год. во Скопје, Р. Македонија. Основно и средно образование завршува во Скопје (СМУЦ „Д-р Панче Караѓозов" - Скопје, отсек Медицински сестри, 1988-

1992 год.) со одличен успех. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишува во учебната 1992 год. и дипломира во 1998 год. со просечен успех 8,6 и се здобива со стручен назив – доктор на медицина.

По дипломирањето, во 1999 година работи како доктор по општа медицина во Меѓународната организација за миграција (IOM), додека од 1999 до 2001 година во Меѓународниот комитет за спас (IRC), и од 2002 до 2003 година како доктор по медицина во Меѓународна федерација на црвениот крст и црвената полумесечина (IFRC). Од 2004 до 2011 година работи како матичен доктор во сопствената ординација ПЗУ „Д-р Вера", а од 2011 година работи во ЈЗУ Здравствен дом - Скопје како доктор на медицина, а потоа како специјалист интернист.

Во 2006 година запишува специјализација по интерна медицина на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје и истата успешно ја завршува во јануари 2013 година, кога се стекнува со звање - специјалист интернист.

Во 2019 година запишува трет циклус студии на Медицински факултет при УКИМ во Скопје, студиска програма Клиничка медицина, област кардиологија. Докторските студии ги завршува со просечен успех 9,85, а на 2 ноември 2022 година јавно ја брани докторската дисертација на тема „Срцеви и липидни маркери како предиктори за коронарната артериска болест кај дијабетес мелитус тип 2 пациенти со и без дијабетична нефропатија" на Медицински факултет при УКИМ во Скопје и се стекнува со звање доктор на медицински науки - клиничка медицина.

Во 2020 година запишува супспецијализација по дијабетологија на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје и истата успешно ја завршува на 15 март 2023 година и се здобива со звање супспецијалист по дијабетологија.

Активно се служи со англиски (C1), германски (B2), српски и хрватски јазик.

Д-р Вера Пеншовска-Николова има голем придонес во научноистражувачката дејност во областа на интерната медицина и дијабетологијата. Во текот на нејзината кариера активно учествува на многу домашни и меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и едукативни манифестации со свои научни трудови, како автор и коавтор.

Кандидатката е член на Лекарска комора на Македонија, Здружението на ендокринолози и дијабетолози на Македонија и Здружението на интернисти на Македонија.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Општи услови за избор:**

1. ***Просечен успех од прв циклус студии.*** Кандидатката има завршено студии на Медицинскиот факултет при УКИМ Скопје, со просечен успех **8,6**.

2. ***Просечен успех од втор циклус студии*** **–** нема втор циклус - магистерски

студии.

***3. Просечен успех од трет циклус на студии* - *Научен степен доктор на науки од област во која се избира***. Кандидатката има научен степен - **доктор на медицински науки од областа кардиологија,** со кои се стекнува по одбраната на докторската дисертација со наслов „Срцеви и липидни маркери како предиктори за коронарната артериска болест кај дијабетес мелитус тип 2 пациенти со и без дијабетична нефропатија" на Медицински факултет при УКИМ Скопје, со просечен успех од **9,85.**

***4. Претходен избор во звање* –** досега не е бирана во звање.

***5. Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.***

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Година на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Вера Пеншовска Николова (2019)** | Алергична реакција на протамин како составна компонента на инсулин | Medicus International Medical Journal. 217-223; ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 24 (2)· | 2019 |
| **2** | **Vera Penshovska Nikolova (2019)** | Impact of socio-demographic risk factors for prediabetes in two different ethnic backgrounds in Skopje. | Medicus, International Medical Journal 334-338; ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 24 (3) | 2019 |
| **3** | **Vera Penshovska Nikolova (2020)** | Cardiac and lipid markers as predictors for coronary artery disease in prediabetic patients | Medicus International Medical Journal, 257-261; ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 25 (2) | 2020 |
| **4** | **Vera Penshovska Nikolova (2021)** | Асоцираност на срцеви и липидни биомаркери со некои параметри кај дијабетична нефропатија кај пациенти со ДМ тип 2 | Medicus International Medical Journal, 194-200; ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 26 (2) | 2021 |
| **5** | **Vera Penshovska Nikolova**. Hristijan Nikolov **(2023)** | Липидниот маркер Аполипопротеин Б како предиктор за коронарната болест кај дијабетес мелитус тип 2 пациенти со и без дијабетична нефропатија | Medicus International Medical Journal, 7-15; ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol· 28 (1) | 2023 |

***6. Потврда за познавање на англиски јазик*** – кандидатката достави потврда за активно познавање на англиски јазик - C1.

***7. Способност за изведување на високообразовна дејност*** – со активно учество како предавач на повеќе стручни состаноци, кандидатката потврдува

способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови за избор:**

**1.*Учество во научноистражувачки проекти*** – кандидатката има учествувано во четири научноистражувачки проекти:

1.1. Меѓународен научен проект - NN9535-4976 (Mirage studija): Мултицентрична ретроспективна студија која ја анализира гликемиската контрола кај една група GLP наивни пациенти со дијабетес тип 2, поставени на еднаш неделна терапија со Semaglutide (Ozempic) во рутинската клиничка пракса во Северна Македонија. Времетраење: јуни 2021 - август 2022 год.

1.2. Национален научен проект - Истражување за епидемиолошките карактеристики на пациентите со хипертензија и висок кардиоваскуларен ризик во Република Македонија - Зентива фарма Македонија. Времетраење: 15.1.2020 - 14.1.2021 год.

1.3. Отворена проспективна мултицентрична студија на набљудување за одредување на ефикасноста, подносливоста и сигурноста на вилдаглиптин (Агнис) кај пациенти со дијабетес мелитус тип 2. Времетраење: јуни 2021 - јуни 2022 год.

1.4. Проект на Влада на Р. Македонија, Здравствен Дом Скопје и ОЖТМ ДЕРЈА – „Почитувај ги препораките - Живеј живот без ковид 19". Времетраење: август 2021 - декември 2021 год.

Кандидатката е автор на **стручна монографија** „Срцеви и липидни маркери како предиктори за коронарната артериска болест кај дијабетес мелитус тип 2 пациенти со и без дијабетична нефропатија", издавач Печатница „Пропоинт" - Скопје, 2023.

***2. Препораки од двајца професори од соодветната област*** – кандидатката достави (3) три препораки од редовни професори на УКИМ: проф. д-р Маријан Бошевски, кардиолог од ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија, проф. д-р Елизабета Србиновска кардиолог од ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија и проф. д-р Оливера Стојчева, нефролог.

***3. Минимум поени за избор во насловен доцент*** – кандидатката има остварено минимум поени (во прилог е табелата во која се бодираат активностите при избор во звање).

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката нема претходен избор во звање, следствено нема активности во делот на наставно-образовната дејност.

**Научноистражувачка дејност**

Својата научноистражувачка дејност д-р Вера Пеншовска-Николова ја остварува преку учеството на домашни и меѓународни конгреси, конференции, семинари и други едукативни манифестации, како и преку публикување на

резултатите од сопствените истражувања во меѓународни научни списанија и во книги на апстракти. Автор и коавтор е на повеќе трудови.

**За овој избор ги има приложено следните трудови:**

Трудови објавени во целост во списанија со меѓународен уредувачки одбор

1. **Вера Пеншовска Николова**. Алергична реакција на протамин како составна компонента на инсулин. Medicus. 2019; 24 (2):217-223. ISSN 1409-6366

2. **Vera Penshovska Nikolova**. Impact of socio-demographic risk factors for prediabetes in two different ethnic backgrounds in Skopje. Medicus. 2019; 24(3):334-338. ISSN 1409-6366

3. **Vera Penshovska Nikolova**. Cardiac and lipid markers as predictors for coronary artery disease in prediabetic patients. Medicus. 2020; 25(2):257-261. ISSN 1409-6366

4. **Vera Penshovska Nikolova**. Асоцираност на срцеви и липидни биомаркери со некои параметри кај дијабетична нефропатија кај пациенти со ДМ тип 2 пациенти. Medicus. 2021; 26(2):194-200. ISSN 1409-6366

5. **Vera Penshovska Nikolova,** Hristijan Nikolov. Липидниот маркер Аполипопротеин Б како предиктор за коронарната болест кај дијабетес мелитус тип 2 пациенти со и без дијабетична нефропатија. Medicus. 2023, 28(1):7-15; ISSN 1409-6366

Трудови објавени во книга на абстракти на меѓународни/национални конгреси

6. **Penshovska Nikolova V,** Nikolov H. Safety effect of therapy with liraglutide, metformin and statins on HBA1C and lipid markers (ApoA1 and ApoB) in patients with T2DM. European Incretin Study Group Meeting; 2022; Lozana, Switzerland.

7. **Penshovska Nikolova V**. Safety effect of combination therapy with Liraglutide plus metformin on HGP and HBA1C vs each therapy alone in patients with DM T2; Third EASD Incretin Study Group Meeting, 2019; Bohum, Germany.

8. Marina Spasovska, Tatjana Rushkovska, **Vera Penshovska Nikolova.** Klinicko znacenje na Hemoglobin A1C i celi vo terapijata na shekernata bolest. Nacionalni Kongres zdravstvenih radnika Srbije sa medjunarodnim ucescem (Savez udruzenja zdrastvenih radnika Srbije); 22 – 26. 05 2019, Zlatibor, Srbija.

Секциско предавање на стручен собир

1. Глика-не зголемува кардиоваскуларен ризик, декември 2020 год., Скопје (Белупо).

2. Jardiance во приоритизација на терапијата на Т2ДМ, во рамките на предавањето со тема Jardiance – од контрола на гликемија до заштита на срцето и бубрезите, 22.11.2022 год., Скопје.

3. Современ терапевтски пристап во лекувањето на хроничната коронарна болест; место и улога на триметазидинот, 1.10.2021 год., Скопје.

4. Модул 1 – превенција и рана детекција на Дијабетес, со фокус на прекумерна телесна тежина, 12.12.2020 год., Скопје.

5. Модул 2 – Водење на пациент со ДМ2 со фокус на броење на јаглехидрати, одржано на ден 29.5.2021 год. во Скопје.

6. Модул 4 – Справување со коморбидитети и компликации кај ДМ тип 2, 11.12.2021 год., Скопје.

7. Современи лекови во кардиоваскуларната патологија, 25.2.2020 год, Скопје, (Македонско здружение по кардиологија и Научно здружение на ендокринолози и дијабетолози);

8. Академија за дијабетес (Центар за семејна медицина, Медицински факултет -Скопје), 2020 год.

<u>Одржано предавање по покана од научна институција</u>

1. The Institute for Medical and Nursing Education, Pointed Discussions: ‘’Clinical Conversations About reducing Cardiovascular Risks in Patients with T2DM using Newer Options in Injectable Antihyperglycemic Therapy”, 24 Јуни, 2018 год. Орландо, САД.

<u>Учество на научен /стручен собир во земјава и во странство ( п/у)</u>

1. International Diabetes Federation – IDF, Конгрес 05-08.12.2022, Лисабон, Португалија

2. 55$^{th}$ Annual Meeting of the EASD Europian Association for the Study of Diabetes – Конгрес од 16-20 септември 2019 г., Барселона, Шпанија.

3. ADA - American Diabetes Association, 78$^{th}$ Scientific Sessions, Orlando, Florida, USA, Juni 22 – 26 2018.

4. 6. Македонски конгрес по ендокринологија и 7. Дијабетолошки денови со меѓународно учество, 13-16 октомври 2022, Струга, Македонија.

5. 5. Дијабетолошки денови со меѓународно учество, 13-14 ноември 2020, Скопје, Македонија.

6. Symposium with international participation “Highlights in Cardiovascular disease“, 1-3 октомври 2021, Скопје, Македонија.

7. 5. Сплитски кардиолошки конгрес “Abeceda kardiometabolickih poremecaja: sprijecimo nezeljene ishode”, Здружение за превенција на болести на срце и крвни садови, Сплитски кардиолошки собир, 10-11.9.2021, Сплит, Р. Хрватска.

8. 5. Македонски конгрес по ендокринологија со меѓународно учество и 3. дијабетолошки денови со меѓународно учество, 10-13 Мај, 2018, Охрид, Македонија.

9. „6. Конгрес ендокринолога Србије" со меѓународно учество, 18-21 ноември 2018, Белград, Србија.

10. Четврти дијабетолошки денови со меѓународно учество, 29-13 март 2019, Крушево, Македонија.

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот покажува значајна стручно апликативна дејност, која се потврдува со се досега наведено во рецензијата, вклучително и публикуваната стручна монографија (наведена погоре).

Стручни награди и признанија

1. Благодарница (Лекарска комора на Р Македонија) за особен придонес и ангажираност при справување со пандемијата предизвикана од корона вирусот Covid 19 (5.6.2021).

2. Благодарница (ОЖТМ ДЕРЈА, ЈЗУ Здравствен дом Скопје, ГРАД СКОПЈЕ) за особен придонес и ангажираност во проектот „Вакцинирано население е заштитено од Covid 19" (Скопје 2020).

3. Благодарница (ОЖТМ ДЕРЈА, ЈЗУ Здравствен дом Скопје, ГРАД СКОПЈЕ) за особен придонес и ангажираност во проектот „Вакцинирај се! Почитувај ги протоколите, живеј живот без Covid 19" (Скопје 2021)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека двајцата кандидати, д-р Александар Серафимов и д-р Вера Пеншовска-Николова, ги исполнуваат условите за избор во наставно-научно звање насловен доцент. Двајцата кандидати покажуваат значителни постигнувања во нивната стручна и научноистражувачка дејност.

Имајќи ги предвид сите факти наведени во овој извештај од целокупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручна активност, и особено континуитетот во досегашниот ангажман во наставно-образовниот процес, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет да го избере кандидатот д-р Александар Серафимов во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Д-р Марија Вавлукис, редовен професор, претседател, с.р.**
2. **Д-р Валентина Велкоска-Накова, вонреден професор, член, с.р.**
3. **Д-р Гордана Камчева-Михаилова, вонреден професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

### Д-р Александар Серафимов

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Помлад асистент | | 10 | | | 10 |
| 2. | Асистент | | 15 | | | 15 |
| 3. | Асистент-докторанд | | 20 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **45** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Научен труд, објавен во меѓународно списание (прв автор) | 2 | 9 | | | 18 |
| 2. | Научен труд, објавен во меѓународно списание (коавтор – втор автор) | 1 | 6 | | | 6 |
| 3. | Научен труд објавен во меѓународно списание (коавтор – останат автор) | 3 | 3 | | | 9 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| 5. | Учество на научен собир со реферат (постер) | 6 | 2 | | | 12 |
| 6. | Учество на научен собир со реферат (усно) | | | 1 | 3 | 3 |
| 7. | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 8. | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 9. | Одбранета магистерска работа | | | 1 | 4 | 4 |
| 10. | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | СМСИ, Салзбург, Австрија, 2018 | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **76** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1. | Учесник во научен проект | 3 | 5 | | | 15 |
| 2. | Член на факултетски орган, комисија (член на уписна комисија) | 2 | 2 | | | 4 |
| 3. | Стручни награди и признанија (Благодарници од ЛКМ и МЛД) | 2 | 4 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **27** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **148** |

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

**Д-р Вера Пеншовска-Николова**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Помлад асистент | | | | | |
| 2. | Асистент | | | | | |
| 3. | Асистент-докторанд | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Научен труд, објавен во меѓународно списание | 5 | 9 | | | 45 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | 3 | 3 | 9 |
| 3. | Учество на научен/стручен собир во земјата и во странство (п/у) | 5 | 1 | 5 | 1,5 | 12,5 |
| 4. | Секциско предавање на научен собир | 8 | 2 | | | 16 |
| 5. | Одржано предавање по покана од научна институција | | | 1 | 3 | 3 |
| 6. | Учество во стручен/научен проект | 2 | 2 | 1 | 3 | 7 |
| 7. | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 8. | Специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 9. | Студиски престој во странство | | | 2 | | 8 |
| | o Студиски престој во Софија (Токуда)- Р.Бугарија (12.5-6.6. 2014 год.).<br>o Студиски престој во Ново Место, Р. Словенија (2-13.12 2013 год.). | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **114,5** |

| Р. бр. | Стручно апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Стручна монографија | 1 | 8 | | | 8 |
| 3. | Стручни награди и признанија | 3 | 4 | | | 12 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **20** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **134,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛЕЖИШТА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр.1702-147/16 од 30.6.2023 година донесена на 52. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 28.6.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *лежишта на минерални суровини* на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во следниов состав:

- д-р Тодор Серафимовски, редовен професор за наставно-научните области *економска геологија и лежишта на минерали суровини,* вработен на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, **претседател**;
- д-р Горан Тасев, редовен професор за наставно-научната област *лежишта на минерални суровини*, вработен на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, **член**;
- д-р Орце Спасовски, редовен професор за наставно-научните области *економска геологија и лежишта на минерални суровини*, вработен на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” на 15.6.2023 година и во предвидениот рок се пријавил:

1. д-р Лазар Ѓоргиев, асистент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Лазар Ѓоргиев** е роден на 19.7.1985 година во Штип, Р. Македонија. Со основно и средно образование се здобива во Штип, каде што му е местото на постојано живеење. Во учебната 2004/2005 година се запишува на Рударско-геолошки факултет во Штип, на Одделот за геологија.

Дипломира на Факултетот за природни и технички науки во Штип во

2009 година, со просечна оценка на студирањето 9.44, и се стекнува со звањето **дипломиран инженер геолог**.

Во учебната 2009/2010 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на Геолошкиот оддел, Катедра наоѓалишта на минерални суровини.

На 30.8.2012 година, на Факултетот за природни и технички науки во Штип, по успешно положените предвидени испити (просек 9.00) го одбранил магистерскиот труд под наслов „*Техногени наоѓалишта во рудникот Бучим и нивните потенцијални економски и еколошки ефекти*" и се стекнува со академски степен **магистер на технички науки** од областа на геологијата.

Во учебната 2014/2015 година се запишува на докторски студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, на Геолошкиот оддел, Катедра за наоѓалишта на минерални суровини.

Во 2019 година изведува краток научен престој при Рударско-геолошкиот факултет во Белград, работејќи на истражување и креирање на модели на рудни наоѓалишта со 3Д моделирање.

На 10.12.2020 година успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов „*Повеќефазно моделирање на орудувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем*" на Факултетот за природни и технички науки во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и се стекнува со научен степен **доктор на технички науки**.

**Работно искуство**

Набрзо по дипломирањето, во периодот од февруари 2010 до март 2011 година работи како самостоен геолошки инженер во Геохидроинженеринг д.о.о. Друштво за геолошки, инженерско-геолошки и геомеханички истражувања и испитувања – Скопје. Понатаму во периодот од март 2011 год. до декември 2013 год. работи како геолошки инженер во смени (руднички геолог) во ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш (Рудник за бакар и злато „Бучим“), а во периодот од декември 2013 год. до декември 2015 год. работи како геолог за опробување, картирање и документација во ДПТУ „Боров Дол" – ДООЕЛ Радовиш. Во периодот од декември 2015 год. до декември 2021 год. работи како главен инженер геолог во компанијата „Калтун Мадденџилик“ – ДОО Скопје. А од декември 2021 год. до денес работи како асистент на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на Геолошкиот оддел, Катедра за наоѓалишта на минерални суровини.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Општи услови за избор:**

- Просечен успех - Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и на втор циклус за секој циклус посебно. Кандидатот остварил просек на додипломски четиригодишни студии (прв циклус) 9.44 и просек на постдипломски студии (втор циклус) 9.00;
- Научен степен- магистер, доктор на науки од научната област за која се избира - Диплома за доктор на науки од соодветната научна област. Кандидатот има доставено диплома за доктор на технички науки, област лежишта на минерални суровини;
- Претходен избор во звање (кандидатот го има претходниот избор во звања, асистент, подетално опишан во делот насловен *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*). Избор во звањето **асистент** на 30.11.2021 г. со Одлука бр. 1702-225/16 од Факултет за природни и технички науки во Штип, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- Објавени научни трудови во референтна научна публикација (7 труда во меѓународни списанија);
- Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Кандидатот има приложено Уверение за познавање на англиски јазик;
- Способност за изведување на високообразовна дејност. Деталите за оваа ставка на кандидатот се наведени во делот *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*.

**Посебни услови:**

- Рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД. Кандидатот е автор на рецензирана скрипта и практикум по дисциплината *Минерални ресурси*.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Движењето во наставата, изборните постапки со датуми на избор и каде е избиран е даден во краткиот преглед кој следи подолу:

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, од 30.11.2021 год., д-р Лазар Ѓоргиев бил избран во звање **асистент** на Факултетот за природни и технички науки (Катедра за наоѓалишта на минерални суровини).

Рецензијата за Изборот во наставно и наставно-научно звање на кандидатот д-р Лазар Ѓоргиев во звањето **асистент** при Факултетот за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип – е објавен во Универзитетски билтен бр. 278 од 1.6.2021 г.

Кандидатот активно учествува во реализација на наставата на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки.

Како асистент ги изведувал вежбите по следните дисциплини: Минерални ресурси (2+2+1), Рудни наоѓалишта (2+2+1), Наоѓалишта на минерали суровини (2+2+1), Наоѓалишта на ретки и расеани елементи (2+2+1).

Едукацијата на студентите ја надополнува со индивидуална практична

работа, со цел студентите да бидат максимално и активно вклучени и во практичниот дел на дисциплините од областа на лежишта на минералните суровини.

***Кандидатот д-р Лазар Ѓоргиев, асистент, има објавени седум научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор (2019-2023):***

**<u>Трудови објавени во меѓународни списанија во изборниот 5-годишен период (2019-2023)</u>**

1. Gjorgiev, L., Rogan-Šmuc, N., Serafimovski, D., Dolenec, M., (2019): Contribution to the widening and confirmation of the mineral association in the Borov Dol ore deposit, based on SEM analysis. *Geologica Macedonica*, Vol**. 33**, No. 2, pp. 99–109. https://js.ugd.edu.mk/index.php/GEOLMAC/article/view/3325/3007

Авторите со најновите минералошки испитувања во порфирското Cu наоѓалиште Боров Дол селектирале вкупно 6 репрезентативни примероци од 4 истражни дупнатини и ги третирале во лабораториски услови со студиски оптички поларизационен микроскоп и со скенинг електронски микроскоп (SEM). При што се констатирани шест карактеристични пара на мономинерални и полиминерални парагенези за кои се одредени и хемиските состави заедно со нивните придружни минерали (кварц-халкопирит-сулфидна, кварц-пирит±халкопирит, халкопирит-борнит, халкопирит-кубанит, халкопирит-борнит-идаит, тетраедрит-тенантит, кварц-молибденит).

2. Gjorgiev, L., Serafimovski, T., Jovanov, K., (2020): 3D modeling of the Borov Dol porphyry copper deposit, Republic North Macedonia. *Geologica Macedonica*, Vol**. 34**, No. 1, pp. 67–82. https://js.ugd.edu.mk/index.php/GEOLMAC/article/view/3567/3220

Авторите во трудот дале преглед на најновите истражувања на порфирското Cu наоѓалиште Боров Дол, при што е даден значаен придонес за разбирање на геолошкиот склоп на наоѓалиштето и утврдување на рудните тела. Во областа на наоѓалиштето Боров Дол се извршени значајни геолошки истраги, а во текот на 2019 год. е започнато со површинска експлоатација. За овој 3D-модел биле искористени сите 100 дупнатини изведени во периодот од 1966 до 2013 год. Дупнатините се со вкупна должина од 23.435 m. Авторите искористиле четири професионални софтверски пакети при подготовката и изработката на 3D моделите во наоѓалиштето Боров Дол. Преку Surfer се изработени модели на површинските ореоли на расејување на Cu, Au, Pb и Zn, кои заеднички ги дефинираат просторот на можниот доводен канал на Cu минерализацијата и придружните метали. Најдетално 3D-моделот на наоѓалиштето Боров Дол е комплетиран со професионалниот софтверски пакет MOVE со кој се добиени површински визуализации и варијанти на 3D-моделот кон длабочина. Компаративност е направена со софтверскиот пакет MineSight, кој воедно ги вклучи и компарациите на геохемиските податоци. Потврда на 3D-моделирањето се доби при користење на професионалниот пакет Vulcan кој дал морфолошки облик на комплетното рудно тело во 3D визуализација и поглед на рудното тело до ниво од 300 m.

3. Gjorgiev, L., Serafimovski, T., Aleksandrov, M., Tasev, T., (2021): Overview of the natural parameters from the geological-economic assessment of the ore deposit Baltašnica, ore field Sasa. Fourth Congress of Geologists of Republic of Macedonia 2021, Ohrid. Special editions of *Geologica Macedonica*, No. 5, pp. 203-210. https://eprints.ugd.edu.mk/28659/ https://eprints.ugd.edu.mk/28659/1/Gjorgjiev%20natural%20parameters.pdf

Авторите ги презентирале најновите резултати од деталните геолошки истражувања на рудното наоѓалиште на Pb-Zn Балташница, при што е направена пресметка на важните техно-економски параметри, со што се дефинира економскиот тип на оваа минерализација. Пресметаниот коефициент на рудноснст во рудните тела изнесува 0,42%, што значи дека во границите на рудните тела 58% од масата има содржина под 4,0% Pb + Zn. Пресметаната вредност на коефициентот на варијација (V) за Pb е 89,30% и за Zn е 104,13%, вредности кои се во опсег од 85-120%, што покажува дека овие рудни тела припаѓаат на втората група и втората подгрупа на наоѓалишта на Pb-Zn со средна рамномерна минерализација. Просечните содржина од олово, цинк, бакар и сребро се пресметани на: 2,96% Pb, 1,79% Zn, 0,089% Cu и 15,97 g/t Ag. Минималната економска содржина (МЕС) во рудното наоѓалиште Балташница, авторите ја пресметале на 4,0116% Pb. На сличен начин е пресметана и граничната содржина (ГС) на олово, која има вредност од 2,8879% Pb. Пресметана е и вредноста на монометалот на олово, во кое е вклучено влијанието на цинкот и среброто претставени во рудата. Пресметаниот монометал на олово, што е 5,6761%, е солидна основа за профитабилна експлоатација на овие сиромашни Pb-Zn руди. Пресметаните резерви на руда во рамките на ова наоѓалиште се 4,5 Mt руда, а проектираниот животен век на рудникот е 15 год.

4. Tasev, G., Serafimovski, T., Boev, B., & Gjorgiev, L. (2022): Radon and radium concentration in self-bottled mineral spring water from the public fountain “Elixir” at the Moklište area, Republic of North Macedonia. Geologica Macedonica, 36(1), 55–72. https://doi.org/10.46763/GEOL22361055t

Авторите во овој труд ги презентирале информации за тековните проучувања на радон и радиум во самофлашираните води за пиење од јавната чешма Еликсир во областа Моклиште, Кавадарци. Добиените резултати за радонот при мерењата на водата, за примероците земени по превентивниот метод, се движеа од 3,40 до 3,69 $Bq{\cdot}l^{-1}$, додека вредностите за примероците земени по типичниот метод се движеа од 2,60 до 3,62 $Bq{\cdot}l^{-1}$.

5. Gjorgiev, L., (2022): Typization of hydrothermal alterations in the Borov Dol deposit. Geologica Macedonica, 36(2), 177–195. https://doi.org/10.46763/GEOL22362177gj.

За проучување на хидротермалните алтерации во наоѓалиштето Боров Дол, авторите одбрале вкупно 12 примероци, од кои 10 примероци од дупнатините BD-335, BD-320 и BD-322 и 2 примероци од површинскиот коп Боров Дол. Од примероците од кои се изработени петрографски препарати е подготвен и материјал за анализи на рендгенска дифракција. Од спроведените испитувања се констатирани следните типови алтерации: пропилитизација, хлоритизација, епидотизација, аргилитизација, каолинизација, калцитизација, силификација,

серицитизација, биотитизација, адуларизација и К-фелдспатизација. Дел од алтерациите се предрудни или го следат образувањето на бакарната минерализација (силификација, серицитизација и К-фелдспатизација), а дел се пострудни (аргилитизација, калцитизација и каолинизација). Моделот на алтерации ги следи примерите на порфирските системи и најзначајни алтерации за просторниот распоред на бакарното орудннување во наоѓалиштето Боров Дол се серицитизацијата, силификацијата и К-метасоматозата. Површинските алтерации отпаѓаат главно на лимонитизацијата и наместа на арглитската алтерација. Пропилитизацијата го дава сегментот на надворешниот венец на измени во овој простор.

7. Gorgiev, L., Stojanova, V., Petrov, G., Stefanova, V., (2023): Fossil flora from Paleogene sediments of the Serta locality in the Tikveš basin, Republic of North Macedonia. *Geologica Macedonica,* Vol**. 37**, No. 1, pp. 75–83. https://doi.org/10.46763/GEOL23371075gj.

Авторите во овој труд за прв пат во Македонија евидентирале и опишале флора во песочничко-глинените седименти од долната флишна литозона на локалитетот Серта (Тиквешки басен). Еден вид од фосилната флора е идентификуван како *Equisetum parlatorii*. Овие нови наоди обезбедуваат информации за дистрибуцијата и историјата на *Equisetum* во минатото и сегашноста и претставуваат пример за важноста на биогеографските и еволутивните процеси во геолошкото минато. Се претпоставува дека една од причините за намалувањето на големината на денешниот *Equisetum* во рецентната вегетација се значајните климатски промени кои биле резултат на хималајската орогенеза за време на доцен миоцен.

8. Gjorgiev, L., Serafimovski, D., Tasev, G., (2023): Techno-economic parameters related to the Bunardzik Cu-Au ore body, Buchim copper mine, Eastern Macedonia. Natural Resources and Technology, Vol 17, No. 1, pp. 4 – 11. https://doi.org/10.46763/NRT23171004gj.

Авторите го пресметале коефициентот на рудоносност во рудното тело Бунарџик, и тој изнесува 0,82%, што значи дека во границите на рудното тело само 18% од масата не е минерализирана, што е многу компатибилно со преостанатите три рудни тела во рудникот за Cu-Au Бучим. Пресметаната вредност на коефициентот на варијација (V) покажа вредност од 54% што е во опсег од 43-100%, што покажува дека ова рудно тело спаѓа во третата група на рудни тела со нерамномерна минерализација. Просечните концентрации на бакар, злато и сребро биле одредени како 0,30% Cu, 0,35 g/t Au и 1,0 g/t Ag. Минималната економска содржина (MEC) во рудното тело Бунарџик, е пресметана на 0,2099% Cu. На сличен начин е пресметана и најниската граница за Cu (гранична содржина), која е со вредност од 0,1399% Cu. Исто така, се пресметани и вредностите на бакар монометал, кои вклучуваат влијание на сегашното злато и сребро во рудата. Пресметаниот бакар монометал е поставен на релативно коректните 0,399% Cu што претставува цврста основа за експлоатација на оваа руда со низок процент на бакар. Пресметаните резерви на руда во ова конкретно рудно тело се 24 042 751 t руда со 0,257% Cu, 0,35 g/t Au и 0,91 g/t Ag и е зголемен векот на траење на рудникот за дополнителни 4,4 години.

<u>**Учебник**</u>

1. Ѓоргиев, Л., и Тасев, Г., 2013. Скрипта „Минерални ресурси“. Рецензирано наставно помагало (*скрипта*), Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Факултет за природни и технички науки, 145 стр. (ISBN 978-608-244-986-9).
2. Ѓоргиев, Л., и Тасев, Г., 2013. Практикум „Минерални ресурси“. Рецензирано наставно помагало (*практикум*), Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, Факултет за природни и технички науки, 55 стр. (ISBN 978-608-244-985-2).

Според досега изнесеното, слободно можеме да констатираме дека кандидатот д-р Лазар Ѓоргиев, асистент, наставно-педагошката и научноистражувачката дејност ги изведува на високо ниво со голема доза на професионалност.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

<u>**Учество во апликативни проекти**</u>

1. „Проект за детални геолошки истражувања на метлични минерални суровини на концесијата Горно Кратово, Општина Кратово”, 2022 (***носител на проект д-р Лазар Ѓоргиев)***.

2. „Проект за детално геолошко доистражување на просторот на депонираната јаловина на јаловиште бр. 1 од ПК Бучим”, 2022 (***носител на проект проф. д-р Тодор Серафимовски; д-р Лазар Ѓоргиев - учесник***).

3. „Елаборат за прекатегоризација на геолошките рудни резерви во рудникот за олово и цинк Злетово на жица број 3 хор. 450-300 и жица број 12 хор. 400-350, состојба на 31.8.2021 година, 2022 (***носител на проект проф. д-р Горан Тасев; д-р Лазар Ѓоргиев - учесник***).

4. „Елаборат од извршените детални геолошки истражувања во периодот 2021/2022 во наоѓалиштето Боров Дол”, 2022 (***носител на елаборат проф. д-р Тодор Серафимовски; д-р Лазар Ѓоргиев – учесник***).

5. „Проект за вршење на детални геолошки истражувања на минералните суровини олово и цинк на дел од локалитетот САСА, наоѓалиште Козја Река при Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица”, 2023 (***носител на проект проф. д-р Горан Тасев; д-р Лазар Ѓоргиев - учесник***).

6. „Проект за вршење на детални геолошки истражувања на минералните суровини олово и цинк на дел од локалитетот САСА, наоѓалиште Голема Река при Рудник САСА ДООЕЛ Македонска Каменица”, 2023 (***носител на проект проф. д-р Тодор Серафимовски; д-р Лазар Ѓоргиев – учесник)***.

Кандидатот д-р Лазар Ѓорѓиев ги поседува следните лиценци и овластувања:

- **Лиценца** за изработка на геолошка документација, изведба и надзор на

геолошки истражувања (број 78);

- **Овластување А** за надзорен инженер од геотехника на м-р Лазар Ѓоргиев дипл. инж. геолог (овластувањето е со важност до: 31.3.2025 год.) (број **6.0156);**
- **Овластување А** за изработка на проектна документација од геотехника на м-р Лазар Ѓоргиев, дипл. инж. геолог (овластувањето е со важност до: 31.3. 2025 год.) (број **6.0156**).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование (Сл. весник на РМ, бр. 82/18) и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 46 од 7.2.2020 год.), како и по деталното разгледување на комплетната доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Лазар Ѓоргиев, асистент-докторанд, **ги исполнува сите законски услови за избор во звање доцент.** Кандидатот го има остварено минимумот поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност (НО), научноистражувачката дејност (НИ) и стручно-апликативната и организациско-развојна дејност (САОР) или вкупен минимум од 75 поени. Тука сакаме да потенцираме дека кандидатот д-р Лазар Ѓоргиев, асистент-докторанд, го надминува вкупниот предвиден минимален квантум на поени за избор во звањето доцент и од целокупната актива остварил 101 поени (НО+НИ+САОР).

Согласно со претходно изнесените податоци (анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот), како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и распишаниот Конкурс, кај д-р Лазар Ѓоргиев, асистент-докторанд, се гледа еден континуиран развој во научноистражувачката работа и значајни резултати во сите наведени дејности, со што кандидатот во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избран во звање доцент во наставно-научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисијата едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да го усвои нашиот предлог и **кандидатот д-р Лазар Ѓоргиев, асистент-докторант, да го избере за наставник во звање - доцент за наставно-научната област Лежишта на минерални суровини.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Тодор Серафимовски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Горан Тасев, редовен професор, член, с.р.
Д-р Орце Спасовски, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Избор во звање помлад асистент | - | - | - | - | - |
| 2 | Избор во звање асистент-докторант | 1 | 20 | - | - | 20 |
| 3 | Избор во звање доцент | - | - | - | - | - |
| 4 | Избор во звање вонреден професор | - | - | - | - | - |
| | **ВКУПНО** | | **20** | **-** | **-** | **20** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | 6<br>1 | 9<br>3 | -<br>- | -<br>- | 54<br>3 |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | - | - | - | - | - |
| **10** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | - | - | 8 |
| **12** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | - | - | 4 |
| **14** | Учесник во научен проект | | | - | - | - |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **69** |
| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојнадејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Книга /учебник | - | - | - | - | - |
| 2 | Поглавје од книга | - | - | - | - | - |
| 17 | Елаборати и експертизи | 6 | 2 | - | - | **12** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | - | - | - | - | - |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | - | - | - | - | - |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **12** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **101** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ ЏЕЗ БАС (60910) И МУЗИЧКА ПРОДУКЦИЈА (60916) НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402 - 60/4 од 11.4.2023 година донесена на својата 106. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 11.4.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање **насловен вонреден професор за наставно-научните области видови на инструменти џез бас (60910) и музичка продукција (60916)** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во следниов состав:

– м-р Сашо Поповски, вонреден професор од наставно-научната област: видови на инструменти - џез гитара, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
– м-р Антонијо Китановски, вонреден професор од наставно-научната област видови на инструменти - џез гитара и џез композиција, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член;
– доцент м-р Кирил Туфегџиевски, наставно-научната област видови на инструменти – контрабас вработен на ФМУ Скопје - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 11 март 2023 година, а единствен пријавен кандидат во предвидениот рок беше:

1. м-р Оливер Јосифовски - магистер по тонска продукција, дипломиран инструменталист/контрабасист.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“, на 11 март 2023 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Оливер Јосифовски за насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области џез бас и музичка продукција. Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот Оливер Јосифовски е роден на 13 декември 1973 година во Битола и потекнува од семејство со музичка традиција. Средно училиште завршува

во „Нико Нестор“ во Струга. Дипломира контрабас на отсекот Џез и поп-музика на Државната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, започнувајќи ги студиите под менторство на проф. Теодиси Стојков и дипломира под менторство на истиот со просек 8.93 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование и наука на Р. Македонија), со назив дипломиран инструменталист/контрабасист. Магистрира на Академијата за аудиовизуелни уметности ЕСРА Париз-Њујорк-Скопје, тонска продукција во 2012 година со просек 10.00 и се стекнува со диплома со назив - магистер по тонска продукција.
Во текот на своето образование, но и потоа, е постојано активен. Учествува на повеќе работилници, семинари и музички соработки со повеќе музички имиња од светски ранг, како што се: Најџел Кенеди, Зоран Маџиров, Тони Китановски, Изет Кизил, Хусну Шенлендирици, Ибрахим Метин Угур, Џамбо Агушев, Тамер Пинарбаши, Муамер Кетенџоглу, Исмаил Лумановски, Анита Савиа, Вера Милошевска, Јола Калиф, Златко Ориѓански, Ѓорги Шарески, Каролина Гочева, Мишел Барбонд, Филипе Барто, Бастиен Бони, Бони Бони, Франчески Беарцати, Розалина Ланг, Ашухиро Ито, Густаво агиларе, Башар Калиф, Франческо Каписо, Дамо Сузуки, Џовани Фалконе, Димитар Бодуров, Васил Хаџиманов, Сашо Поповски, Антони Дончев и други. Со повеќето активно соработува на неколку свои проекти, како и на сцена.

Автор е на музика за бројни театарски претстави, филмови, балет и перформанси. Активно работи со групата Љубојна чијшто продуцент, композитор и аранжер е самиот тој. Има издадено над петнаесет аудио изданија од кои девет со Љубојна.

Има настапувано на огромен број странски и домашни фестивали, одржано бројни концерти и освоено голем број награди.

Јосифовски, исто така, бил и член на жири комисии на интернационални, државни фестивали, како што е Театарскиот фестивал „Гола месечина“ (21 - 30.6.2014) во Скопје, а од 2010 год. до 2019 год. и селектор на Фестивалот за музика од светот во Битола.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање Насловен вонреден професор**

Кандидатот м-р Оливер Јосифовски поседува:

1. Диплома од прв циклус студии – контрабасист/инструменталист во 2001 година, на ДМА „Панче Владигеров“ во Софија, со просек 8.93;
2. Магистер на отсекот тонска продукција во 2012 година со просек 10.00 на академијата ЕСРА Париз-Њујорк-Лондон во Скопје;

Кандидатот м-р Оливер Јосифовски од 1.9.2016 година е ангажиран како стручен соработник, а од 20.4.2018 година е избран за насловен доцент на Џез одделот на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области џез бас и џез ансамбл од страна на Наставничкиот совет на МА.

Ова се накратко неговите досегашни професионални музички остварувања:

**Награди и благодарници**

2017 год. Награда за албум на годината – „Златна бубамара на популарноста“.

2016 год. Награда за „Супер бренд 2015/2016“.

2016 год. Награда за група на годината – „Златна бубамара на популарноста“.

2016 год. Награда за музички спот на годината – „Златна бубамара на популарноста“.

2015 год. Награда за група на годината – „Златна бубамара на популарноста“.

2014 год. Награда од ТВ магазинот „Бекстејџ“ за најуспешна група за 2014 година.

2014 год. Главна награда на Битолски весник „Ајри Демировски“ за најуспешна музичка група, Битола.

2011 год. Специјална благодарница за затворање на фестивалот за словенска музика, Москва.

5.11.2008 год. Специјална благодарница за учество и долгогодишна соработка на презентација на „Yamaha“ инструменти, Скопје, Р.Македонија.

2002 год. Награда за најдобра музика на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“ за претставата „Парите се отепувачка“, НТ Битола, режисер Љупчо Ѓоргиевски.

1998 год., награден за учество на меѓународна работилница и аудиција за талентирани студенти на Berklee College of Music, Бостон, САД, одржана во Благоевград, Бугарија, со покана за школување на истиот колеџ.

**Работилници**

23-27.3.2021 год., Музичка работилница на „Balkan Trafic Festival“, Брисел, Р.Белгија.

15-30.6.2020 год., Онлајн предавање и музичка работилница на интердисциплинарната манифестација „Студентска музичка пролет“ во Скопје.

30.10.2019 год., Музичка работилница „Ритамот – движењето, музиката - дишењето“ во соработка со фестивалот Охридско лето, црква „Св.Софија“, Охрид.

12.8.2019 год., Музичка работилница на „Nišvile Jazz Festival“, Ниш, Р. Србија.

10-17.9.2008 год., Работилница за џез и современа музика „Седум порти“ во Скопје под менторство на Франческо Беарзати тенор саксофон (Р. Франција) и Џовани Фалцоне труба (Р. Италија).

2001 год., Работилница за џез и изведба во живо, Софија, Р. Бугарија, под менторство на гитаристот John Scofield.

2000 год., Работилница за џез контрабас, Софија, Р. Бугарија, под менторство на контрабасистот John Patitucci.

1999 год., Учество на работилница за композиција на филмска музика, Софија, Р.Бугарија, под менторство на композиторот Michael Nyman.

**Аудио проекти**

2021 год., Стела – винил издание со оригинална филмска музика на Оливер

Јосифовски, од истоимениот филм во изведба на Љубојна, издание на PMJ Jazz.

2019 год., Љубојна BYZANCE, издание со Македонската филхармонија, снимател Ален Хаџи-Стефанов, Ангел Ќосев, постпродукција Ангел Ќосев, продуцент Оливер Јосифовски.

6.2019 год., Ljubojna Greatest Hits Collection, издание на Croatia Records.

2017 год., Винил издание „Радио Љубојна“, издадено за Geenger Records, Загреб.

2016 год., „Радио Љубојна“, издание на БЗЦ, снимател Ален Хаџи-Стефанов, постпродукција Ангел Ќосев, продуцент Оливер Јосифовски.

2015 год., „Шербет Љубојна“, издание на ЦК Битола, снимател Ален Хаџи-Стефанов, постпродукција Ангел Ќосев, продуцент Оливер Јосифовски.

2014 год., „Незгаснати огништа“, снимател Ален Хаџи-Стефанов, постпродукција Ангел Ќосев, издание на БЗЦ, продуцент Оливер Јосифовски.

2013 год., „Македонско девојче 2“ на Каролина Гочева во студио XXL, Скопје.

2013 год. „Macedonian Wedding Songs“, снимател Ален Хаџи-Стефанов, издадено за Етерна мјузик, Истанбул, продуцент Али Дојран.

2012 год. „Љубојна brass fantasy“, снимател Ален Хаџи-Стефанов, издание на БЗЦ, продуцент Оливер Јосифовски.

2010 год. Албум на Анита Савија во студиото „Enterprise“, Скопје.

2010 год. Албум на Зоран Маџиров во студиото „Chicken Madness“, издание на Skopje Jazz Festival.

2010 год. Албум „Aah“ на Јола Калиф во студиото „Chicken Madness“, Скопје, издание на Nagam Records – USA.

2010 год. Албум на Константин Одеса во студиото „Chicken Madness“, Скопје.

2009 год., „Песна за мојата песна“, инспириран и работен според поезијата на Петре М. Андреевски, издание на продукциската куќа „Бајро закон корпорејшн“, продуцент Оливер Јосифовски, Скопје.

2009 год. „Скок во три осмини“, компилација од концерти во живо на 103., издание на Радио 103, Скопје.

2008 год. „Македонија фреш“, албум на групата Љубојна од концерти во живо издание на продукциската куќа „Бајро закон корпорејшн“, продуцент Оливер Јосифовски, Скопје.

2007 год. „Мјау мјау“ со Ѓорѓи Шарески квартет, издание на Skopje Jazz Festival, Скопје.

2006 год. „Сохохо“ со Ѓорѓи Шарески квартет, издание на „Chicken Madness“ Скопје.

2005 год., „П.С.О.“ со групата Љубојна издание на „Бајро закон корпорејшн“, продуцент Оливер Јосифовски, Скопје.

2002 год., „Џез стандард“ со Димитар Бодуров трио, издание на „Soundesign“, Пловдив.

2000 год., „Архимед“ со групата „Фолтин“, издание за „МАГ“ Скопје, продуцент Оливер Јосифовски.

1998 год., „Outremer“ со групата „Фолтин“, издание за Skopje Jazz Festival, Скопје, продуцент Оливер Белопета.

**Студиска работа**

2021 год., Студио „Подрумот", Скопје.
2020 год., Студио „Подрумот", Скопје.
11.2019 год., Студио „Fame's", Скопје.
2019 год., Студио „Подрумот", Скопје.
2.2015-9.2016 год., Студио „Подрумот", Скопје.
2-10.2015 год., Студио „Подрумот", Скопје.
7-8. 2014 год. Студио „Подрумот", Скопје.
10-12.2013 год. „XXL", Скопје.
11.2012 год. „Подрумот", Скопје.
2010 – 2011 год. „Enterprise", Скопје.
2006 – 2008 год., „Chicken Madness", Скопје.
2000 – 2008 год., „Soundesign", Пловдив.
1998 – 2005 год., „Миодраг Нечак - Микс", Битола.
1999 – 2000 год., „Jazz FM", Скопје.
1998 – 1999 год., „Acoustic Version", Софија, Бугарија.
1997 – 1998 год., „До-ре-ми",Скопје, Р. Македонија.

**Поважни концерти и настапи на фестивали и културни манифестации**

13.3.2023, Концерт со Божо Вреќо во „Дворана Лисински", Загреб.

14.2.2023, Концерт на „Љубојна" за денот посветен на Св.Трифун, Градски плоштад, Неготино.

11.2.2023, Концерт на „Љубојна", Пливалиште, Струга.

9.1.2023, Божиќен концерт на „Љубојна", Македонска филхармонија, Скопје.

31.12.2022, Новогодишен концерт на „Љубојна" во Битола, Офицерски дом.

19.12.2022, Концерт на „Љубојна" во Охрид, Клуб „Александрија".

3.12.2022, Концерт со Божо Вреќо во Босански културни центар, Сараево.

12.11.2022, Концерт на „Љубојна" на „Прв саем за храна и пијалаци" во организација на Слоуфуд, Скопје.

5.11.2022, Концерт „Дуети" со Ѓорги Шарески, Македонска филхармонија.

4.11.2022, Музичко-актерски перформанс „Битола Бабам Битола", по повод 4 ноември во Битолски театар, во режија на Дејан Пројковски.

3.11.2022, Концерт на „Љубојна" на Втор конгрес на патишта, Скопје.

2.11.2022, Концерт со Божо Вреќо во Белград, Р. Србија.

9.10.2022, Концерт на „Љубојна" на „Питијада" во Велес.

8.10.2022 Концерт на „Љубојна" на „Каменичко Лето", М. Каменица.

17.9.2022 Концерт на „Љубојна" на фестивалот „Звукот на Скопје".

4.9.2022 Концерт на „Љубојна" во Прилеп.

4.9.2022 Концерт на „Љубојна" на манифестацијата „Трчај Бе"

25.8.2022 Концерт на проектот „Стела" на Манаки Оф Програма, Битола

13.8.2022 Концерт на „Љубојна" на Ignatia Escape Festival, Битола

27.7.2022 Концерт со Божо Вреќо во Брач, Р.Хрватска.

14.7.2022 Концерт на „Љубојна" на 18-годишнината на Пивофест во Прилеп.

23.6.2022 Концерт на „Љубојна" на Конференција на ISRM во Охрид.

6.6.2022 Концерт со „Љубојна“ на „Cloud Fest Reja“, Тирана.

4.6.2022 Концерт со „Љубојна“ на „Фолк Фест Валандово“, Валандово.

1.6.2022 Концерт со „In the Mood“ на „Mitrovica Jazz Fest“, Косовска Митровица.

29.4.2022 Концерт со „Balkan Jazzovic“ на фестивалот „Балкан Трафик“, Брисел.

30.03.2022 Концерт и работилница со „Balkan Jazzovic“ на фестивалот „Балкан. Трафик“, Белград.

3.11.2021 Концерт со Божо Врećо во Дворана „Ватрослав Лисински“, Загреб.

27.9.2021 Концерт со „Виварт“ по музика на Давор Јордановски во Кавадарци.

23.9.2021 Концерт со „Виварт“ по музика на Давор Јордановски во Скопје.

21.9.2021 Концерт со „Виварт“ по музика на Давор Јордановски во Куманово.

19.9.2021 Концерт со Љубојна на Фестивал на сонцето Кокино, археолошки локалитет и опсерваторија Кокино.

17.9.2021 концерт на Оливер Јосифовски квартет на „Tirana Jazz Fest“.

5.9.2021 Концертна промоција на новиот винил „Стела“ на фестивалот „Крај Вардарот џез“.

3.9.2021 Слушачка промоција на новото винил издание „Стела“ во клубот Котур.

24.8.2021 Џез концерт SAYUGA (Јуре Пукл квартет) на „Џеф фест“, Копер.

25.8.2021 Џез концерт SAYUGA (Јуре Пукл квартет) на фестивалот Mozzajik Велење.

29.8.2021 Концерт со Љубојна на археолошкиот локалитет „Врбјанска чука“, Прилепско.

28.8.2021 Џез концерт SAYUGA (Јуре Пукл квартет) на фестивалот Прилеп Jazz Week.

8.8.2021 Концерт на Љубојна во Дојран.

2.8.2021 Концерт на Љубојна на фестивалот Преспаленд, Ресен.

1.8.2021 Концерт на Љубојна на манифестацијата „Десет дена Крушевска република“.

30.7.2021 Концерт со Давор Јордановски и проектот Вода, Куршумли ан, Скопје.

20.7.2021 Концерт 20 години Љубојна, Ракометно игралиште, Битола.

16.7.2021 Концерт на Љубојна на Галичка свадба.

2.7.2021 Концерт со Божо Врećо во „Цанкарјев двор“, Љубљана.

9.6.2021 Отворање на Македонскиот културен центар во Тирана.

2.5.2021 Онлајн концерт „Разделени но обединети“, Intermezzo Music Bar, Скопје.

19-25.4.2021 Музички сесии и концерт на „Balkan Trafic Festival“, Брисел.

3.4.2021 Онлајн концерт со Божо Врećо во Ниш.

23-27.3.3021 Музичка работилница на „Balkan Trafic Festival“, Брисел.

17.12.2020 Онлајн концерт на „Љубојна Ritual“ на Таксират фестивал, Скопје.

19.11.2020 Концерт со Божо Врećо во Комбак арена, Белград.

10.10.2020 Концерт и премиера на музиката од филмот македонскиот филм „Стела“ и отворање на киното во Велес.

18.9.2020 Концерт и премиера на музиката од филмот македонскиот филм „Стела“ и проектот #ДецатаОдНашатаУлица на фестивалот Cinedays, Скопје.

17.9.2020 Концерт со „Vivart“ на фестивалот Звуците на чаршија, Скопје.

10.9.2020 Концерт на Љубојна на „Астрорум“ – Мини астро концерти, Cafe Literatura, Скопје.

29.8.2020 Концерт на Љубојна на XVI Меѓународен тамбурашки фестивал, Куманово.

28.8.2020 Концерт на Оливер Јосифовски квартет на Прилеп Jazz Week, Прилеп.

19.8.2020 Концерт на Љубојна во Intermezzo Music Bar, Скопје.

22.7.2020 Концерт на Љубојна на „Локум фест“, Пацио – Завод и музеј, Битола.

05.2020 Youtube концерт на Љубојна #КултураВовремеНаКорона

14.2.2020 Концерт на Љубојна во Демир Капија.

22.12.2019 Концерт на Љубојна Unplugged, Македонска опера и балет, Скопје.

30.10.2019 Музичка работилница во соработка со фестивалот Охридско лето, црква „Св.Софија“, Охрид.

15.8.2019 Концерт на Љубојна на „One Love Tour“, Струмица.

28.7.2019 Концерт на Љубојна на „Summerland“, Скопје.

1.2.2019 Концерт на Љубојна и Македонската филхармонија.

14.9.2018 Концерт на Љубојна на CIOFF Португалија, Лисабон.

12.9.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Вино Веро“, Скопје.

8.9.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Тиквешки гроздобер“, Кавадарци.

1.9.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Смоквијада“, Гевгелија.

25.8.2018 Концерт на Љубојна на Меѓународниот саем за земјоделство АГРА (каде што ја претставуваше Македонија како официјален партнер на саемот) и отворање на истиот, Горња Радгоња, Словенија.

16.8.2018 Концерт на Љубојна со Исмаил Лумановски и NYGAS, Хераклеја, Битола.

12.8.2018 Концерт со Сашо Поповски трио, фестивал „Струмица опен “, Струмица.

11.8.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Дојрански ракувања“, Дојран.

4.8.2018 Концерт на Љубојна на „Епинал на тераса“, Битола.

1.8.2018 Гостување на Љубојна на концертот на Влатко Стефановски во Античкиот театар во Охрид.

13.7.2018 Концерт на Љубојна во Виница.

16.6.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „One Love Tour“, Скопје.

15.6.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Рацинови средби“, Велес.

24.5.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Друга Годба“, Пиран, Словенија.

23. 4.2018 Концерт на Оливер Јосифовски трио на „Ден на џезот“, клуб „Порта џез“, Битола.

17.4.2018 Гостување на Љубојна на концертот на Влатко Стефановски во Дворана Лисински, Загреб.

2.4.2018 Гостување на Љубојна на концертот на Влатко Стефановски во

Коларичева задужбина, Белград.

17, 18, 20.3.2018 Гостување на Љубојна на концертите на Влатко Стефановски во Македонската филхармонија, Скопје.

5.2.2018 - 20.2.2018 Концертна турнеја на Љубојна во Австралија.

13.1.2018 Концерт на Љубојна на фестивалот „Сите во Охрид", Плоштад, Охрид.

29.11.2017 Гостување на Љубојна на концертот на Сефедин Бајрамов, Дом на културата, Битола.

23.11.2017 Концерт на Љубојна на „25 години PWC", Македонска филхармонија, Скопје.

18 и 19.11.2017 Концерт на Љубојна на „Фестивал на младо вино", Винарија „Тиквеш", Кавадарци.

11.11.2017 Концерт со Божо Врећо на „Фестивал на музика од светот", ЦК Битола.

10.11.2017 Концерт на Љубојна на „Фестивал на музика од светот", ЦК Битола.

6.10.2017 Концерт на Љубојна на „Бруцошка забава" на ФЕИТ.

1.10.2017 Концерт на Љубојна на „Фестивал на виното"- Комплекс Македонско село, Скопје.

27.9.2017 Концерт на Љубојна на фестивалот „Јаболкобер", Ресен.

23.9.2017 Концерт на Љубојна на „Ethno.com" фестивал, Панчево, Србија.

11.9.2017 Љубојна на конференција на УНИЦЕФ – „Биди фер за детство без пречки", Скопје.

9.9.2017 Концерт на Љубојна на „Супер Скопје" фестивал.

7.9.2017 Концерт на Љубојна во „Клуб Objectiff", Охрид.

7.9.2017 Настап на Љубојна по повод Денот на независноста, Скопје.

27.8.2017 Концерт на Љубојна на „Берово град на културата за 2017" – фестивал „Етно плоштад".

13.8.2017 Концерт на Љубојна во Виница.

13.7.2017 Концерт на Љубојна на „Фестивал на дувачки оркестри", Пехчево.

28.6.2017 Промоција на прв винил и концерт на Љубојна во клуб „Мочвара", Загреб, Хрватска.

22-26.2017 Престој на Љубојна во Астана, Казахстан и концерт на фестивалот „Астана EXPO 2017 – The Spirit of Tengri".

16.6.2017 Концерт на Љубојна на „Винофест – VERO", Скопје.

4.6.2017 Концерт на Љубојна на фестивалот „Маглиќ", Краљево, Србија.

25.5.2017 Концерт на Љубојна на „Оффест", Скопје.

6.5.2017 Концерт на Љубојна на фестивалот „Денови на македонска култура", Белград, Србија.

16.4.2017 Концерт на Љубојна во Кичево.

23.2.2017 Концерт на Љубојна во „Дом синдиката", Белград.

20.2.2017 Настап Љубојна и доделување на награда за Албум на годината, „Златна Бубамара".

21.1.2017 Настап на Љубојна во City Hall, Скопје.

7.1.2017 Концерт на Љубојна за Божиќ, Тетово.

27.12.2016 Промоција на новото ЦД на Љубојна „Радио Љубојна" во Скопје.

21.12.2016 Настап на Љубојна и прогласување на „Супер Бренд 2015/2016".

16.12.2017 Настап на Љубојна по повод 75-годишнината од постоењето на ПМФ, МНТ, Скопје.

9.11-20.11.2016 Промоција на новото ЦД на Љубојна „Радио Љубојна" во Њујорк.

5.11.2016 Концерт на Љубојна во Дојран.

16.10.2016 Концерт на Љубојна на фестивалот „Денови на оризот", Кочани.

14.10.2016 Концерт на Љубојна на фестивалот „Сомунијада", Радовиш.

7.10.2016 Концерт на Љубојна на фестивалот „Питијада", Велес.

16.9.2016 Концерт на Љубојна на настанот „17 години Сивус", Скопје.

17.8.2016 Концерт „15 години Љубојна", Битола.

12.8.2016 Концерт на Љубојна на „Strumica Open", Струмица.

4.8.2016 Концерт на Љубојна во Домот на културата „Браќа Миладиновци", Струга.

30.7.2016 Концерт на Љубојна на „Sumer Fest", Пробиштип.

21.7.2016 Концерт на Љубојна во Мултимедијалниот центар „Канал 77", Штип.

16.7.2016 Концерт на Љубојна на Д-фест во предворјето на црквата „Св. Илија", Дојран.

4.7.2016 Концерт на Љубојна на фестивалот „Три круши", општина Кисела Вода.

26.6.2016 Концерт на Љубојна на настанот „60 години Витаминка", Прилеп.

22.6.2016 Концерт на Љубојна за отворање на комлексот „Македонско село", с.Нерези, Скопско.

10.6 2016 Концерт на Љубојна во Македонска Каменица.

26.4.2016 год. Концерт со Љубојна, Гимфест, Прилеп, Р. Македонија.

14.2.2016 год. Концерт со Љубојна, Винарија Стоби, Градско, Р. Македонија.

13.2.2016 год. Концерт со Љубојна, Дом на култура „Ацо Шопов", Штип, Р. Македонија.

31.12.2015 год. Новогодишен концерт на Љубојна, Прилеп, Р.Македонија.

23.12.2015 год. Концерт на Љубојна за „Seavus", Скопје, Р.Македонија.

17.12.2015 год. Концерт на Љубојна во арената „Борис Трајковски", Скопје, Р.Македонија.

11.12.2015 год. Концерт на Љубојна на промотивен настан за брендот „Philip Morris", Прилеп, Р.Македонија .

1.10.2015 год. Концерт со Љубојна на манифестацијата „15 години Капитал", Скопје, Р.Македонија.

28.9.2015 год. Концерт со Џијан Емин трио, „Astibo Jazz festival", Штип, Р.Македонија.

19.9.2015 год. Концерт со Љубојна на Интернационалниот филмски фестивал „Браќа Манаки", Битола, Р.Македонија.

11.9.2015 год. Концерт со Љубојна, Кичево, Р.Македонија.

7.9.2015 год. Концерт со Љубојна, Охрид, Р.Македонија.

29.8.2015 год. Концертен проект со Џијан Емин, Берово, Р.Македонија.

28.8.2015 год. Концертен проект со Џијан Емин, Прилеп, Р.Македонија.

23.8.2015 год. Концерт со Љубојна, Струга, Р.Македонија.

1.8.2015 год. Концерт „Шербет Љубојна" за затворање на фестивалот „Илинденски денови", Битола, Р.Македонија.

27.7.2015 год. Концерт со Љубојна, Крушево, Р.Македонија.

23.7.2015 год. Концерт со Љубојна, Ресен, Р.Македонија.

18.7.2015 год. Концерт со Љубојна на „Д-фест", Дојран, Р.Македонија

16.7.2015 год. Концерт со Љубојна на „Пивофест", Прилеп, Р.Македонија.

18.5.2015 год. Концерт со Љубојна, Охрид, Р.Македонија.

14.5.2015 год. Концерт со Марија џез квартет на „Brooklynski jazz week", Скопје, Р.Македонија.

6.5.2015 год. Концерт со Љубојна, ЦК Прилеп, Р.Македонија.

27.12.2014 год. Концерт „Музика на дланка», Центар за култура - Битола, Р.Македонија.

21.12.2014 год. Концерт „Музика на дланка», Универзална сала, Скопје, Р.Македонија.

20.12.2014 год. Концерт „Музика на дланка», Универзална сала, Скопје, Р.Македонија.

13.12.2014 год. Концерт со Каролина Гочева, спортски центар „Борис Трајковски", Скопје, Р.Македонија.

10.10.2014 год. Концерт со Владимир Василевски – Четкар, Club Midnight, Скопје, Р. Македонија.

19.9.2014 год. Одбележување на денот на џезот и концерт со Владимир Василевски – Четкар, Резиденција на претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, во Скопје.

17.9.2014 Концерт на „Ljubojna Brass Fantasy", Хуманитарен настан, сала Гемиџии, Велес, Р.Македонија.

10.9.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", club Favela Teras, Истанбул, Р. Турција.

10.9.2014 год. Телевизиски концерт на „Љубојна чалгија", Tek Rumeli TV, Istanbul, R. Turcija.

9.9.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", Чествување на независноста на Македонија во Македонскиот конзулат во Истанбул, teras hotel Park Bosphorus, Истанбул, Р. Турција.

7.9.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", club Objectif, Охрид, Р. Македонија.

29.8.2014 год. „Ljubojna Brass Fantasy",„Топол културен бран", Берово, Р. Македонија.

28.8.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", „Топол културен бран", Ресен, Р. Македонија.

24.8.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", општина Новаци, Р. Македонија.

21.8.2014 год. Концерт по повод отворањето на „Струшки вечери на поезијата", Струга, Р. Македонија.

19.8.2014 год. Концерт со Владимир Василевски-Четкар, Резиденција на претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, во Охрид.

10.8.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", фестивал: „Десет дена Крушевска република" (Топол културен бран), Крушево, Р. Македонија.

6.8.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", фестивал: „Корени и цутови", Дом на култура, Струга, Р. Македонија.

2.8.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", club Objectif, Охрид, Р. Македонија.

27.7.2014 год. Концерт на „Ljubojna Brass Fantasy", манифестација: „Откриј го Крушево", Крушево, Р. Македонија.

18.7.2014 год. Концерт на „Ljubojna Brass Fantasy", „Топол куклтурен бран", Дојран, Р. Македонија.

17.7.2014 год. Концерт со Владимир Василевски-Четкар, Club Aquarius, Охрид, Р. Македонија.

20.6.2014 год. Концерт на „Ljubojna Brass Fantasy", фестивал: „Златни денови на Кратово", Кратово, Р. Македонија.

29-31.5.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија", „Фестивал на јазиците", Солун, Р. Грција.

14.2.2014 год. Концерт на „Љубојна чалгија" по повод денот на Св.Трифун, Винарија „Стоби", Р.Македонија.

20.6.2014 год. Концерт на Љубојна, фестивал „Златни денови на Кратово", Кратово, Р. Македонија.

7.6.2014 год. Концерт со проектот „East Beat" фестивал „Миксер фест", Белград, Р. Србија.

20-25.2.2014 год. Концерти со Каролина Гочева „Македонско девојче 2", салон на МОБ, Скопје, Р.Македонија.

14.2.2014 год. Концерт со Љубојна по повод денот на Св.Трифун, Винарија „Стоби", Р.Македонија.

31.1 – 1.2.2014 год. Претставување на македонскиот штанд на EMITT светскиот саем за туризам во Истанбул, Р.Турција.

31.1.2014 год. Концерт во „TheMekan teras", Истанбул, Р.Турција.

13.12.2013 год. Концерт "Ljubojna Brass fantasy", Универзална сала, Скопје, Р.Македонија.

20.11.2013 год. Настап на Љубојна на Cinedays, Кино „Фросина", Скопје, Р.Македонија.

3.11.2013 год. Концерт „Љубојна", Конгрес на ревматолози, Охрид, Р.Македонија.

24.8.2013 год. Концерт „Љубојна" на „Топол културен бран – Охридска софра", с.Скребатно, Р.Македонија.

7.8.2013 год. Концерт „Ljubojna Brass fantasy", Антички театар, Охрид, Р. Македонија.

31.7. 2013 год. Концерт „Љубојна" на Ресенско културно лето, Ресен, Р.Македонија.

2.1.2013 год. Концерт „Ljubojna Brass Fantasy", клуб , Ресен, Р.Македонија.

7.12.2012 год. Концерт и промоција на истоименото ЦД „Ljubojna Brass Fantasy", „Фестивал на музика од светот", Битола, Р.Македонија.

6-8.12.2012 год. селектор и учесник на „Фестивал за светска музика", Битола, Македонија.

20.11.2012 год. Целовечерен концерт на Љубојна „Ljubojna Brass Fantasy", Универзална сала, Скопје, Р.Македонија.

17.8.2012 год. Концерт со „Љубојна" на Ресенско културно лето, Ресен, Р.Македонија.

30.7.2012 год. Концерт „Ljubojna Brass Fantasy" на БИТ фест, локалитет Хераклеја, Битола, Р.Македонија.

3.12.2011 год. Селектор на Фестивалот за светска музика World music

festival, Битола, Р.Македонија.

21.10.2011 год. Перформанс со „Љубојна“ за затворањето на Филмскиот фестивал „Браќа Манаки“, Битола, Р.Македонија.

15.10.2011 год. Перформанс со „Љубојна“ за отворањето на Филмскиот фестивал „Браќа Манаки“, Битола, Р.Македонија.

9.9.2011 год. Концерт со „Љубојна“, клуб „Објектив“, Охрид, Р.Македонија.

8.9.2011 год. Концерт со Владимир Четкар на Денот на независноста, Плоштад Македонија, Скопје, Р.Македонија.

4.9.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на „Фестивалот Нушиќијада“ во Ивањица, Р.Србија.

1.9.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на „Пиволенд“, Скопје, Р.Македонија.

28.8.2011 год. „Беседа за Петре“ на Фестивалот „Славење на Пирејот“, с.Слоештица, Р.Македонија.

28.8.2011 год. Концерт со „Љубојна“ по повод празникот Успение на Пресвета Богородица, локалитет Матка, Р.Македонија.

26.8.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на Фестивалот „Етно плоштад“, Берово, Р.Македонија.

17.8.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на „БИТ фест“, Битола, Р.Македонија.

2.8.2011 год. „Љубојна свири чалгија“ концерт во клуб „Објектив“, Охрид, Р.Македонија.

8.7.2011год. Концерт со „Љубојна“ на „Локум фест“, Битола, Р.Македонија.

18.6.2011год. Концерт со „Љубојна“ по повод 18 години студио „Панаш“, клуб „Излет“, Скопје, Р.Македонија.

6.6.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на манифестацијата „10 години Оффест“, клуб „Менада“, Скопје, Р.Македонија.

1.6.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на „Астибо џез фестивал“, Штип, Р.Македонија.

27.5.2011 год. Концерт со „Љубојна“, клуб „Објектив“, Охрид, Р.Македонија.

23.5.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на „Фестивалот за словенска музика“, Москва, Р.Русија.

7.5.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на „Рок фестивал“, Делчево, Р.Македонија.

24.4.2011 год. Концерт со „Љубојна“, клуб „Објектив“, Охрид, Р.Македонија.

16.4.2011 год. Концерт со „Љубојна“ на фестивалот „Град на културата“ Гевгелија, Р.Македонија.

7.4.2011 год. Концертна со „Љубојна“ на промоција на книга, Книжарницата „Три“, Скопје, Р.Македонија.

6.4.2011 год. Концертна промоција на новиот спот на „Љубојна“ - „Ти реков ми рече“ и албумот „Во живо во Универзална“ во LIFE магазинот, Скопје, Р.Македонија.

20.12.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Фестивалот за светска музика“, Битола, Р. Македонија.

19.12.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“ во клубот МСМ, Скопје, Р. Македонија

30.10.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“ во клубот „Објектив“, Охрид, Р. Македонија.

7.10.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“ на фестивалот „Макфест“, Штип, Р.Македонија.

27.9.2010 год. Концерт со „Јаша лака бенд“, Морет, Р.Франција.

26.9.2010 год. Концерт со „Јаша лака бенд“, на фестивалот Les folies foraines, Жу Ле Турс, Р.Франција.

23.8.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“ на фестивалот „Карпошово лето“, Скопје, Р.Македонија.

14.7.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“, Ресен, Р.Македонија.

4.7.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“, „БИТ фест“, Битола, Р. Македонија.

29.6.2010 год. Концерт со Зоран Маџиров секстет на „БИТ фест“, Битола, Р.Македонија

25.6.2010 год. Концерт со групата „Љубојна“, „Аларм фест“, автокамп Љубаништа, Охрид, Р. Македонија

23.6.2010 год. Концерт и снимање во живо со „Ансамбл Модерна“, Куршумли ан, Скопје, Р.Македонија.

17.6.2010 год. Хуманитарен концерт на групата „Љубојна“ за Бисера Лакинска, Куршумли ан, Скопје, Р. Македонија

5.5.2010 год. Концерт на групата „Љубојна“ на фестивалот „Балканска пролет“, Каен, Р.Франција.

10.4.2010 год. Целовечерен концерт на групата „Љубојна“ во Универзална сала, Скопје, Р. Македонија.

25.12.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ во Ноќниот клуб „Хавана“, Скопје, Р.Македонија.

3.11.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ во Прилеп, Р.Македонија.

11.10.2009 год. Промоција на анимираниот хорор-филм „Вистинската приказна за Хансел и Гретел“, режисер Гоце Цветановски, кинотека на Македонија Скопје, Р. Македонија.

10.10.2009 год. Промоција на новиот компакт-диск на групата „Љубојна“ - „Песна за мојата песна“, Бар Сопотско Скопје, Р.Македонија.

7.9.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на филмскиот фестивал „Браќа Манаки“ - Битола Р.Македонија.

16.8.2009 год.Учество на фестивалот „Jazz & vino“ со Deborah Carter Sextet, Варна, Бугарија.

2.8.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ за празникот Илинден во с.Ташмаруништа, Струшко.

26.7.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на манифестацијата „Топол културен бран“ во Кочани, Р. Македонија.

25.7.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на манифестацијата „Топол културен бран“ во Ресен, Р.Македонија.

11.7.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на Петровден, Пљачковица, Р. Македонија.

10.7.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на Кумановско културно лето, Куманово, Р. Македонија.

3.7.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „БИТ фест“ во Битола, Р. Македонија.

10.6.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ - Midsummer Festival – MHT Центар, Скопје, Р. Македонија.

4.6.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ во Фрајбург, Р.Германија.

2.6.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Оф фест“, Скопје .Р. Македонија.

22.5.2009 год. Концерт со групата „Љубојна“ во Прилеп, Р.Македонија.

5-6.12.2008 год. Гостување со „Ѓорѓи Шарески квартет“ во Тирана, Р.Албанија.

26.11.2008 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Таксират“ фестивалот, Скопје, Р. Македонија.

15.9.2008 год. Концерт на семинарот за џез-музика Seven Gates, Дом на АРМ Скопје, Р.Македонија.

24.7.2008 год. Антички локалитет концерт со групата „Љубојна“ на свеченото отворање на фестивалот „Стоби 2008“, локалитет Стоби, Р.Македонија.

14.7.2008 год. Концерт со „Ѓорѓи Шарески квартет“ на фестивалот „Jazzbina“ Summer music fever, Пула, Р.Хрватска.

12.7.2008 год. Концерт со „Ѓорѓи Шарески квартет“ на Clusone Jazz Festival, Клузоне, Р.Италија.

10.7.2008 год. Концерт со „Ѓорѓи Шарески квартет“ на „Jazz Festival“, Церкно, Р.Словенија.

7.7.2008 год. Концерт со „Ѓорѓи Шарески квартет“ на „MNT – Centar Midsummer Festival“, Скопје, Р. Македонија.

2.7.2008 год., „Битола - град на културата“, Битола, Р. Македонија, со групата „Љубојна“.

22.6.2008 год. Промоција на новиот албум на „Љубојна“ со истражувачкото студио за храна наука и уметност „ХНУ“. „MNT – Centar Midsummer Festival“, Скопје, Р.Македонија.

2.4.2008 год. Скопје филм фестивал „Оливер Јосифовски музика за бурлески филмови“, Арт кафе „Мала станица“, Скопје, Р.Македонија.

17.12.2007 год. Концерт со Ѓорѓи Шарески квартет на фестивалот „Decembar svira jazz“, Белград, Р.Србија.

7.12.2007 год. Концерт со групата „Љубојна“: „Ljubojna Unplugged“, Македонска радио телевизија снимање. Скопје, Р. Македонија.

7-9.11.2007 год. Концерт со „Ѓорѓи Шарески квартет“ во „Bar-guru-bar“ џез клуб, Атина, Р.Грција.

6.9.2007 год. Концерт со „Ѓорѓи Шарески квартет“ на Umbria Jazz Festival, Белград, Р.Србија.

4.4.2007 год. Промоција на оригиналниот инструмент Олистаклофони на „Денови на македонска музика“, Салон 19:19, Скопје, Р.Македонија.

6.6.2007 год. Концерт за свеченото отворање на фестивалот „Актерот на Европа“, Рибарско село Отешево, Р.Македонија.

6.9.2006 год. Концерт со групата „Љубојна“ на Ethnic Jazz Festival, Драч, Р.Албанија,

6.6.2006 год. Концерт со Дамо Сузуки (Јапонија), „Мала станица“ - Скопје, Р.Македонија.

12.8.2006 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Balkan Square Festival“, Охрид, Р. Македонија.

13.7.2006 год. Концерт на фестивалот со групата „Љубојна“ - „Бит- фест“ З.М.Г., Битола, Р.Македонија.

3.6.2006 год., „First Balkan Performing Arts“, Солун, Грција, со групата

„Љубојна“.

2905.2006 год. Промоција на првиот албум П.С.О. на групата „Љубојна“, Културен центар „Мала станица“, Скопје, Р.Македонија.

13-17.12.2004 год. Концерт со групата „Љубојна“, Денови на Македонска култура во Франција (Марсеј и Париз).

22.9.2004 год. Концерт со групата „Љубојна“ на отворање на „Македонски културен центар“, Њујорк, САД.

27.8.2004 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Трнфест“, Љубљана, Р.Словенија.

2.7.2004 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Денови на македонска музика“, Рим, Р.Италија.

2.6.2004 год. Концерт со групата „Љубојна“ - „Венециско биенале“, Венеција, Р.Италија.

5.6.2004 год. Музички перформанс со уметници од Јапонија, Уметничка галерија, Битола, Р.Македонија.

26-30.9.2003 год. Концерт со групата „Љубојна“ на „Денови на македонска култура“, Торонто, Канада.

1.6.2003 год. Гостување на театарскиот фестивал „Istanbul-Mekan-TiYatro“ Истанбул, Р. Турција.

21.2.2003 год. Концерт во Универзална сала со „Тони Китановски трио“, Скопје, Р.Македонија.

16.2.2002 год. Концерт со „Филип Бертауд трио“ (Франција), сала „Парк“, Битола, Р.Македонија.

30.12.1999 год. Учествува на Новогодишниот милениумски концерт со Најџел Кенеди Софија, Р.Бугарија.

**Музика за театар и балет**

24.7.2021 Премиера на претставата „Фамилијарна посета“, режисер: Аница Бебиќ.

12.6.2021 Премиера на претставата „Супербајкастично“, режисер: Игор Ивковиќ, Театар за деца и млади, Скопје.

23.5.2018 Премиера на претставата „Смртта на Дантон“, режисер: Дино Мустафиќ, Албански театар, Скопје.

28.4.2018 Премиера на претставата „Јулие Цезар“, режисер: Златко Паковиќ, НТ Битола.

19.3.2018 Премиера на претставата „Пансион“, режисер: Мартин Кочовски, НТ Приштина, Р. Косово.

30.8.2016 год. Музика за балетската претстава „R.E.M.“, кореограф и режисер: Рисима Рисимкин, New Dance Festival - „9 Theather“, Пекинг.

25.6.2016 год. Музика за претставата „Господинот благородник“, режија: Дејана Николовска, Охридски театар.

19.5.2016 год. Музика за претставата „Дворецот на соништата“, режија: Мартин Кочовски, НТ Приштина.

27.3.2016 год. Музика за претставата „Случајот Хармс“, Театар „Комедија“, Скопје, режија: Дино Мустафиќ.

22.12.2015 год. Музика за претставата „Генерална проба на самоубиство“,

Турски театар, Скопје, режија: Билге Емин.

14.12.2015 год. Музика за претставата „Господарот на кукавицата", Театар „Комедија", Скопје, режија: Андреј Цветановски.

12.4.2014 год. Музика за претставата „Сомнително лице", Албански театар, Скопје, режија: Бесфорд Идризи.

18.5.2014 год. Музика за претставата „Народен непријател", театарски фестивал, Враца.

21.2.2014 год. Музика за претставата „Народен непријател" на Фестивалот „Сарајевска зима", Сарајево, режија: Дино Мустафиќ.

1.2.2014 год. Музика за претставата „За домот се работи", Битолски народен театар, Битола.

23.1.2014 год. Музика за претставата „Народен непријател", Национален театар во Тирана, режија: Дино Мустафиќ.

19.12.2013 год. Музика за претставата „Камен", Турски театар Скопје, режија: Билге Емин.

28.9.2013 год. Музика за претставата „Народен непријател", приватен театар ОДА, Приштина - Косово, режија: Дино Мустафиќ.

22.9.2013 год. Музика за претставата „Народен непријател", Албански театар Скопје, Р.Македонија, режија: Дино Мустафиќ.

19.7.2013 год. Музика за претставата „Хамлет во пикантен сос", режија: Александра, музика: Оливер Јосифовски, „Охридско лето", Охрид, Р. Македонија.

6.6.2013 год. Музика за претставата „Ресус", Театар: Андреас Вуцинас (Солун), режија: Павлос Данелатос, Антички театар Хераклеа Линкестис, Битола.

3.10.2012 год. Музика за претставата „Живот во тесни чевли", Градски театар, Истанбул, режија: Нурула Тунџер.

5.6.2012 год. Музика за претставата „Животот е сон", МНТ Скопје, режија: Владо Цветановски.

10.2011 год. Музика за претставата „Сон на летната ноќ", Турски театар Скопје, режија: Мартин Кочовски.

21.9.2011 год. Музика за претставата „Звукот на коските што се кршат", Театра, Скопје, режија: Билјана Радиноска.

16.2.2011 год. Музика за претставата „Собирен центар", Градски театар, Истанбул, режија: Нурула Тунџер.

16.9.2010 год. Музика за претставата „Црвено", режија: Мартин Кочовски, НТ Битола.

1.7.2010 год. Музика за претставата „Спиноза", Драмски театар, Скопје, режисер Зоја Бузалкова.

3.8.2009 год. Музика за претставата „Крпен живот", Н.Т.Војдан Чернодрински- Прилеп, режисер Владо Цветановски, музика: Љубојна.

14.5.2009 год. Музика за тетарска претстава „Јане Задрогаз" Н.Т. „Војдан Чернодрински" - Прилеп. Режисер: Коле Ангеловски.

03.-03. 2009 год. Музика за театарската претстава „Таму каде што не сум бил" НТ Војдан Чернодрински, Прилеп, Режисер Зоја Бузалкова.

12.2.2009 год., Музика за театарската претстава „Огнено лице", НТ „Антон Панов" Струмица, режисер Деан Дамјановски.

17.10.2008 год. Музика за театарската претстава „Цинот – Учителот „ЈХКЏ - Народен театар", Велес, режисер Деан Дамјановски.

25.6.2008 год. Музичка изведба во живо и кореографија во театарската претстава „Хасанагиница“, Албански театар, Скопје, режисер Сашо Миленковски.

10.5.2008 год.. Музика за театарската претстава „Сите лица на Петре М. Андреевски“, Драмски театар, Скопје, режисер Владо Цветановски.

14.12.2007 год. Музика и учество во живо на театарскиот перформанс „На дното“, режисер Деан Дамјановски, МКЦ.

17.11.2007 год. Музика за театарската претстава „Светилникот“, режија Владо Цветановски. НТ „В. Чернодрински“ - Прилеп.

7.2007 год. Музика за театар „Една вечер со учените жени на Молиер“, режисер Деан Дамјановски, Охридско лето.

6.6.2007 год. Музика за балетската претстава „Големата мајка“, режисер Јагода Сланева. Скопско лето.

7-17.12.2005 год. Музика за балетот „Дневник за нас“, премиера на „Светските франкофонски игри“ во Нигер, режисер Рисима Рисимкин.

10.5.2005 год. Музика за театарската претстава „Духот на слободата“. Режија Мартин Кочовски, Деан Пројковски, Деан Дамјановски. НТ Битола.

17.11.2004 год. Музика за театарската претстава „Жив чоек“, режисер Деан Дамјановски, Драмски театар, Скопје.

26.9.2003 год. Музика за театарската претстава „Децата на Лилит“, режија Ѓорѓи Јолевски, Универзална сала, Скопје.

16-17.7.2003 год. Музика за театарската престава „Антигона“, режисер Никита Миливојевиќ, Фестивал „Охридско лето“.

18.10.2002 год. Музика за театарската претстава „Јерма“, режисер Багријана Попова, НТ-Битола.

10.3.2002 год. Музика за театарската претстава „Парите се отепувачка“, режија Љупчо Ѓорѓиевски, НТ-Битола.

10.11.1999 год. Музика за театарската претстава „Македонска крвава свадба“, режисер Љупчо Ѓорѓиевски, НТ-Битола.

2.3.1998 год. Музика за театарската претстава „Казабалкан“, режисер Златко Славенски, НТ-Битола.

**Музика за филм**

2022 год. Музика за документарниот филм „Латици“ на дизајнерката Ирина Тошева.

2022 год. Музика за документарниот филм „101 улога, 102 животи“ посветен на актерот и доајен Бајруш Мјаку.

2019/2020 год. Музика за македонскиот филм „Стела“.

2018 год. Музика за анимираниот филм „Монахот“, режисер Жарко Иванов.

2016 год. Музика за италијанско-албанско-македонскиот филм „Broken“, режисер: Едмонд Будина.

2015 год. Музика за анимираниот филм „Кружно патување на Мери“, режисер Жарко Иванов.

2013 год. Музика за документарниот филм „Пред дождот“, режисер Билјана Гарванлиева.

2013 год. Музика за анимираниот филм „Кружно патување на сенката“, режисер Жарко Иванов.

2011 год. Музика за краткиот филм „Магдалена“ режисер Андреј Цветановски.

2009 год. Музика за документарниот филм „Tobacco girl”, режисер Билјана Гарванлиева.

2007/2009 год. Музика за анимираниот хорор-филм „Ханс и Гретел“, режисер Гоце Цветановски.

2005 год. Музика за телевизискиот филм „Возови или како го направив првиот филм“, режисер Јане Ќортошев.

2004 год. Музика за документарниот филм „Кабада“, режисер Деан Дамјановски, Филип Јовановски.

2002 год. учество со изведбата на „Ритам перформанс“ во филмот „Тајната книга“, режисер Владо Цветановски.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатот, согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област џез бас и музичка продукција. Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за извршување наставно-образовната функција, за стручно-уметничка активност (концертирање), како и преку своите ангажмани во соработката со студентите и учениците покажа високо ниво на професионалност, одговорност, компетентност и преданост во организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Оливер Јосифовски за насловен вонреден професор во наставно-научната уметничка област џез бас на музичка продукција при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

М-р Сашо Поповски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател, с.р.

М-р Антонијо Китановски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „ Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

М-р Кирил Туфекџиски, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| Ред. бр. | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** |
|---|---|---|
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | **ВКУПНО НО = 40 бода** | |

| Ред. бр. | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 5X3=15 | 4X6=24 |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2X2=4 | / |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 4 | / |
| 19 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 4X1=4 | / |
| 21 | Награди-признанија за научни/уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 2X5=10 | 1X10=10 |
| 12 | Раководител на научен проект (дипломска работа) | 1X4=4 | / |
| | **ВКУПНО НИ - СУ = 75 бода** | | |

| Ред. бр. | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1 | Книга/ЦД (издаден аудио компакт диск) | 1X10=10 | 1X15=45 |
| | **ВКУПНО СА - ОР = 55 бода** | | |
| | **ВКУПНО НО + НИ - СУ + СА - ОР = 170 бода** | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-117/6 од 26.6.2023 година донесена на 293. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 26.6.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *економика на туризам и угостителство* на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија, во состав:

- **д-р Билјана Петревска**, редовен професор, научна област економика на туризам и угостителство и економска теорија, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија – претседател;
- **д-р Оливер Филипоски**, вонреден професор, научна област економика на туризам и угостителство и бизнис менаџмент, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија – член;
- **д-р Дејан Методијески**, редовен професор, научна област туристичка политика и хотелиерство, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 15.6.2023 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Владимир Китанов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Владимир Китанов е роден на 24.11.1980 г. во Штип. Основно и средно образование - гимназија завршува во 1999 г. во Штип. Во 1999 година се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, каде што дипломира во 2003 година на Отсекот за одделенска настава со просек 9,06. По завршување на факултетот се вработува како референт за студентски прашања на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Од 2004 до 2007 година е раководител на Студентски прашања и координатор на ЕКТС при Педагошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип.

Со вклучувањето на Педагошкиот факултет во состав на Универзитетот

„Гоце Делчев“ - Штип, од 2007 година, д-р Китанов е распределен како референт за студентски прашања на факултетите: Педагошки факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика и на Факултетот за музичка уметност.

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за еколошки и рурален туризам при МИТ Универзитетот во Скопје, кои ги завршува со 8,66 просек. На 25.11.2009 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов „Развој на руралниот туризам во регионот Малеш-Пијанец“ и се стекнува со научен степен магистер по еколошки и рурален туризам. На 22.3.2012 година на Меѓународната кадровска академија за управување со персонал во Киев, Украина, успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Механизам за оценување и реализација на стратегија за развој на регионална туристичка дестинација на Република Македонија и Украина“, со што се стекнува со научен степен доктор на науки од областа на економија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

1. Доктор на науки од областа на економијата;
2. Остварен просечен успех од студиите на прв циклус: 9.06;
3. Остварен успех од втор циклус: 8,66;
4. Претходен избор во наставно научно звање: д-р Владимир Китанов со одлука бр. 2102-505/6 од 26.12.2018 г. е избран во насловно звање доцент, а со Одлука 2102-304/3 од 16.10.2019 г. е избран во звање доцент за наставно-научната област економика на туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија.
5. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години пред објавување на огласот за избор;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 | **Kitanov, Vladimir** and Asani, Agim | Innovative technology and its impact on the economic development of tourism | International journal knowledge, 57.1 (1). pp. 157-162. ISSN 2545-4439 | 2023 |
| 2.2 | Kitanov, Vladimir | Investment planning for sustainable development of ecotourism. | International Journal Knowledge, 55 (1). pp. 65-68. ISSN 1857-923X | 2022 |
| 3.3 | Kitanov, Vladimir | The socio-economic development of tourism in rural environments. | International Scientific Journal-Knowledge, 54.1 (1). pp. 139-143. ISSN 2545-4439 | 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.5 | Kitanov, Vladimir | Characteristics of economic factors for rural tourism development. | International scientific journal Knowledge, 49.1. pp. 159-162. ISSN 1857-923X | 2021 |
| 5.6 | **Kitanov, Vladimir** and Angelkova, Tanja | Development and economic significance of rural tourism. | Knowledge International scientific journal, 49.1. pp. 163-166. ISSN 1857-923X | 2021 |
| 6.11 | Kitanov, Vladimir | The importance of the economic factors for the management of tourist destinations. | Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (1). pp. 271-277. ISSN 2545-4439 | 2020 |

6. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик: Има способност за изведување на високообразовна дејност: Познавањето на англиски јазик кандидатот го докажува со сертификат (Cambridge English Certificate).

7. Способност за изведување на високообразовна дејност: д-р Владимир Китанов е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика од 2011 година како помлад асистент и доцент. До сега бил член на повеќе универзитетски и факултетски комисии.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Владимир Китанов со Одлука бр. 2602-184/5 од 10.8.2011 г. е избран за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на кој бил активен при реализација на вежби од областа туризам и угостителство од следниве предмети: Ресторански менаџмент, Туристичка географија, Рурален туризам, Промотивни активности, Сообраќај во туризмот, Истражување на туристички пазар, Туристичка картографија, Меѓународен туризам и Културно наследство. За таа цел бил ангажиран на насоките Туризам, Гастрономија и Хотелско-ресторанска насока во наставните центри во Гевгелија, Штип и Скопје.

Кандидатот д-р Владимир Китанов со Одлука бр. 2102-505/6 од 26.12.2018 г. е избран во насловно звање доцент, а со Одлука 2102-304/3 од 16.10.2019 г. е избран во звање доцент за наставно-научната област економика на туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Северна Македонија, и држи настава на прв циклус по предметите Меѓународен туризам, Рурален туризам, Патнички агенции и Вински туризам и на втор циклус предметите Планирање на рурален туризам, Меѓународни туристички движења, Иновации во туризмот и Екотуризам и управување со заштитени подрачја.

***Посебни услови за избор кои треба да ги поседува кандидатот за избор во наставно-научно звање вонреден професор:***

1. Учество во научноистражувачки проекти: Кандидатот д-р Владимир Китанов во 2021 година бил дел од тимот во кој учествувал во развојот на проектот меѓу општина Куманово и Дупница-CB006.2.21.144 „Common History and Culture-Bridge across borders", финансиран по програмата Intereg-IPACBC Programme 2014-2020 Bulgaria-North Macedonia на Европската Унија. Исто така, кандидатот д-р Владимир Китанов во 2021 година учествувал во проектот „Студија за екотуризам и План за промоција на потенцијалите за развој на екотуризмот во Република Северна Македонија". Проектот е изработен според Програмата за развој на туризмот за 2021 година на Министерството за економија на Република Северна Македонија.

2. Рецензирани скрипта и практикум:

Kitanov, Vladimir and Metodijeski, Dejan and Micev, Georgi (2020) *Вински туризам - скрипта.* ISBN 978-608-244-706-3.

Kitanov, Vladimir and Metodijeski, Dejan and Micev, Georgi (2020) *Вински туризам - практикум.* ISBN 978-608-244-707-0.

1. Придонес во оспособување на помлади наставници и соработници: Кандидатот д-р Владимир Китанов бил ментор на повеќе дипломски труда и член на комисија за одбрана на магистерски труд.

2. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поени. Кандидатот д-р Владимир Китанов во изминатиот период има објавени неколку трудови, рецензирана скрипта и практикум, учествувал на бројни активности од стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност. Согласно со табелата на активности кандидатот има остварено НО=30, НИ=164 и САОР=33 поени.

***Листа на објавени научни и стручни трудови***

1. Kitanov, Vladimir and Asani, Agim (2023) *Innovative technology and its impact on the economic development of tourism.* International journal knowledge, 57.1 (1). pp. 157-162. ISSN 2545-4439

Во овој труд авторот зборува за иновативната технологија односно како интернетот го революционизира светот на компјутерите и комуникациите како ништо досега. Пронајдокот на телеграфот, телефонот, радиото и компјутерот ги постави темелите за оваа невидена интеграција на можностите. Ја гледаме ретроспективата и перспективата на развојот на новите комуникациски технологии од социјален и технолошки аспект во контекст на развојот на новите информатички и комуникациски технологии на сите нивоа на глобалната, регионалната, националната и локалната медиумска комуникација. Интернетот во исто време е можност за емитување низ целиот свет, механизам за ширење информации и медиум за соработка и интеракција помеѓу поединците и нивните компјутери без оглед на географската локација. Туризмот може да се гледа како

економска активност која произведува низа позитивни и негативни влијанија. Денес, кога туризмот е една од најпропулзивните светски индустрии, многу земји својата голема шанса за економски напредок ја гледаат токму во нејзиниот развој. Несомнено е дека доколку планирањето, развојот и управувањето со туризмот се поставаат на здрава основа, тој може да биде моќен развоен стимул за секоја земја. Ваквата иновација фактолошки најмногу се одразува врз сите гранки на пазарот не изоставајќи го и туризмот како и неговиот економски развој.

2. Kitanov, Vladimir (2022) *Investment planning for sustainable development of ecotourism.* International Journal Knowledge, 55 (1). pp. 65-68. ISSN 1857-923X

Во овој труд авторот зборува за екотуризмот како претставува силен фактор на економски развој, но треба да се знае дека можноста за трансформирање на одреден простор без контрола и ограничувања може трајно да ја загрози неговата одржливост и економската активност на населението. Постојат различни начини на валоризација на туризмот и искористување на природните ресурси за формирање на туристичка понуда, а треба да се нагласи дека дел од профитот остварен од потрошувачката во туризмот мора да биде насочен кон одржување на ресурсите кои предизвикуваат вакво ниво на потрошувачката. Да се зачува значи одговорно управување со ресурсите и движењето на посетителите со цел да се имплементираат стратешките планови. Екотуризмот ја револуционизира туристичката индустрија. Имајќи ги предвид еколошките, социјалните, медицинските и културните аспекти на екотуризмот, сосема е разбирлива повисоката цена на еко-туристичкиот производ. Екотуризмот е вид на одговорен туризам кој ги минимизира негативните последици по животната средина и дополнително го зајакнува локалниот културен идентитет. Екотуризмот силно го промовира медицинскиот аспект на тој начин што, како составен дел на еко-производите, подразбира активно учество на туристите во спортски и рекреативни активности како што се планинарење, возење велосипед, пливање, нагласувајќи ја важноста на здравата исхрана. Целна група на екотуризмот се еколошки свесни туристи кои зачувувањето на животната средина го рангираат високо меѓу приоритетите на модерната цивилизација.

3. Kitanov, Vladimir (2022) *The socio-economic development of tourism in rural environments.* International Scientific Journal- Knowledge, 54.1 (1). pp. 139-143. ISSN 2545-4439

Во овој труд авторот го анализира туризмот во руралните средини и како треба да се развиваат исклучиво според концептот на одржлив развој, бидејќи таквиот концепт поттикнува контролиран раст и развој преку максимално зачувување и рационално користење на ресурсите. На тој начин би се обезбедил долгорочен економски и социјален развој, а одржливото искористување на ресурсите и одговорното управување со туристичките активности треба да доведе до економска одржливост и зачувување на социјалните и културните вредности на руралните средини. Руралните области, поради нивните специфични карактеристики, претставуваат една од најатрактивните области за современите туристи. Побарувачката за рурални туристички производи се зголемува, но во исто време овие области се многу чувствителни во однос на еколошките, социокултурните и економските влијанија од развојот на туризмот. Затоа за секое рурално подрачје треба да се изнајде соодветен концепт за развој на туризмот, чие

потекло секако треба да се заснова на концептот на одржлив развој. На овој начин ќе се овозможи да се ублажи негативното влијание на туризмот врз животната средина и општеството, да се оптимизира задоволството на посетителите и да се максимизира долгорочниот економски раст на целата рурална област.

4. Kitanov, Vladimir (2022) *Rural tourism as an opportunity for economic development of the Mariovo region in the Republic of North Macedonia.* Institute of Knowledge Management, 51.1 (1). pp. 193-197. ISSN 2545-4439

5. Kitanov, Vladimir (2021) *Characteristics of economic factors for rural tourism development.* International scientific journal Knowledge, 49.1. pp. 159-162. ISSN 1857-923X

Во овој труд акцент е ставен на карактеристиките на руралниот туризам, како услужна дејност, дека може да влијае на создавањето на бруто домашниот производ (БДП) и националниот доход, туку само на нивна прераспределба помеѓу одредени региони на територијата на една или помеѓу одредени земји (во случај на странски туризам). Влијанието на руралниот туризам врз платниот биланс се реализира со воведување на странски платежни средства преку странски туристи, односно без класичен извоз. Ова е и девизната функција на руралниот туризам. На овој начин се овозможува извоз на стоки (некои земјоделско-прехранбени производи) преку рурален туризам кои не можеле да се пласираат на странскиот пазар поради царинските бариери. Доколку туристичкиот биланс се гледа како дел од билансот на плаќања, на страната на средствата се сите приходи остварени преку туризмот, односно девизните приливи преку пристигнување на странски туристи („невидлив извоз“), а на страната на пасивата се евидентираат сите девизни расходи врз основа на домашно патување населението во странство, односно „невидлив увоз“.

6. Kitanov, Vladimir and Angelkova, Tanja (2021) *Development and economic significance of rural tourism.* Knowledge International scientific journal, 49.1. pp. 163-166. ISSN 1857-923X

Во овој труд авторот зборува за руралниот туризам како комплексен туристички производ, составен од бројни парцијални туристички производи кои меѓусебно се поврзани во функционална, економска, социолошка и просторна, како и туристичка целина, бидејќи руралното подрачје има бројни локални и регионални туристички атракции од кои бројни парцијални производи се создаваат, кои по принципот на „ситна врска“ создаваат специфични производи карактеристични за руралните средини и руралниот туризам. Руралниот туризам ја задоволува потребата на градскиот човек за „слободен простор“, за враќање на традицијата, за учење за разликите во однос на природните ресурси и фолклорното наследство и му овозможува да се запознае со „карактеристичните земјоделски култури на регионот“. Руралниот туризам е селективен облик на туризам кој добива на значење во контекст на еколошката димензија на човекот и просторот и растечката свест за потребата од одржлив развој. За сеопфатна анализа на негативните економски ефекти од руралниот туризам, неопходно е да се наведат опортунитетните трошоци, имајќи предвид дека опортунитетниот трошок е вредноста на стоките или услугите од кои сме се откажале. Поточно, потребно е да се анализираат и да се инвестира во некои други дејности кои би можеле да донесат повисоки приходи за локалното население и економија од руралниот туризам.

7. Angelkova, Tanja and Kitanov, Vladimir (2021) *Potentional for ecotourism in Gevgelija region.* Knowledge – International Journal, 48 (1). pp. 143-148. ISSN 2545-4439; 1857-923X
8. Kitanov, Vladimir and Angelkova, Tanja (2021) *The needs and structure of modern tourist destinations.* Knowledge International Journal Scientific Papers, 45.1. pp. 113-118. ISSN 1857-923X
9. Angelkova, Tanja and Kitanov, Vladimir (2020) *Women's folk costume, part of the promotion of cultural tourism in the Gevgelija region.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 42.5. pp. 907-913. ISSN 2545-4439
10. Kitanov, Vladimir and Angelkova, Tanja (2020) *The economic sustainability of the catering and tourist facility through the role of the sommelier.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 42.1. pp. 71-75. ISSN 2545-4439
11. Kitanov, Vladimir (2020) *The importance of the economic factors for the management of tourist destinations.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 38 (1). pp. 271-277. ISSN 2545-4439

Во овој труд авторот зборува за економските фактори кои влијаат врз управувањето со туристичката дестинација се гледаат преку влијанието на глобализацијата, консолидацијата на индустријата преку разни форми на интеграција и растот на малите и средни претпријатија. Голем број емпириски истражувања упатуваат на недостатоци во управувањето со развојот на туристичките дестинации во Македонија и важноста на инструментите за управување и развој на туризмот во земјата. Затоа, императив е соработката на јавниот и приватниот сектор да се вклучи во управувањето и развојот на туризмот, при што организацијата за управување со дестинацијата има клучна улога во координирањето на ангажманот на засегнатите страни во двата сектори. Затоа е неопходно да се овозможи туристичкиот систем на туристичките организации во земјата ефикасно да управува со туристичките дестинации по модулот на организации за далечинско управување, кои претставуваат најнов концепт на организирано функционирање преку јавно-приватно партнерство каде најголемите улоги имаат економските фактори. За подобро позиционирање на туристичкиот пазар, треба да го разгледаме образецот на земјите од Европската Унија за да овозможиме долгорочен развој на туризмот.

12. Kitanov, Vladimir and Angelkova, Tanja (2020) *Иновациите во туризмот и угостителството.* In: Трета меѓународна научна конференција Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, ISCTBL 2020, 13 Nov 2020, Stip.
13. Angelkova, Tanja and Kitanov, Vladimir (2020) *Општина Берово, атрактивна туристичка дестинација за специфични видови туризам.* In: Трета Меѓународна Научна Конференција Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век »ISCTBL 2020«, 13 Nov 2020, Stip.
14. Miceva, Magdalena and Angelkova, Tanja and Kitanov, Vladimir (2019) *Implementation of contemporary trends in logistics in the transport companies.* In: The 2nd International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century", 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia.
15. Kitanov, Vladimir and Kitanova, Irena and Ristova, Cvetanka and Angelkova, Tanja (2019) *Tourism and student excursions as a part of the educational*

system. Knowledge – International Journal , 34 (2). pp. 523-527. ISSN 2545 – 4439
16. Kitanov, Vladimir (2019) The importance of human resources in hotels. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 30.6. pp. 1767-1771. ISSN 2545-4439

Горенаведените трудови од научноистражувачкиот опус на д-р Владимир Китанов во целост се достапни на линкот за трудови (е репозиториум): http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Kitanov=3AVladimir=3A=3A.html

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

За време на изборниот период кандидатот д-р Владимир Китанов учествува во научноистражувачки проекти и апликативни проекти и тоа:

17. Кандидатот д-р Владимир Китанов во 2021 година бил дел од тимот во кој учествувал во развојот на проектот меѓу општина Куманово и Дупница-CB006.2.21.144 „Common History and Culture-Bridge across borders", финансиран по програмата Intereg-IPACBC Programme 2014-2020 Bulgaria-North Macedonia на Европската Унија. Тој имал активна улога во истражувањето и презентирањето на резултатите од проектот, како и изработка на Маркетинг-стратегија за промоција на стариот урбан стил на живот како наследство за туризмот во прекуграничниот регион. Исто така кандидатот д-р Владимир Китанов во 2021 година учествувал во проектот „Студија за екотуризам и План за промоција на потенцијалите за развој на еко туризмот во Република Северна Македонија". Проектот е изработен според Програмата за развој на туризмот за 2021 година на Министерството за економија на Република Северна Македонија. За овој проект д-р Китанов дал свој придонес во фазата на консултирање на соодветна, релевантна и стручна литература и интернет страни, како и теренски истражувања поврзани со потенцијалите за развој на екотуризмот Во република Северна Македонија.

Кандидатот во последните пет години ги има публикувано следните учебници во земјата,кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

18. **Kitanov, Vladimir** and Metodijeski, Dejan and Micev, Georgi (2020) *Вински туризам - скрипта.* ISBN 978-608-244-706-3.

Ракописот е рецензирана е-скрипта има за цел да понуди сублимирање на литературата и концептите за винскиот туризам и запознавање на студентите со можноста тие концепти на најуспешен начин да се применат во областа на туризмот и угостителството во Македонија. Во разработката на скриптата користена е соодветна литература од познати автори и институции од областа на винарството, лозарството, туризмот и угостителството, како и интернетот, како извор на податоци. Скриптата е структурирана на следниот начин: вовед, прва глава, втора глава и трета глава. Првата глава, која е насловена „Поим и дефинирање на винскиот туризам", опфаќа: поим за винарство и лозарство, дефинирање на винскиот туризам, историски развој на винскиот туризам, фактори за постоење и развој на винскиот туризам, понуда и побарувачка на вински туризам. Посебно внимание е дадено на материјалот кој се однесува на суштината

на винскиот туризам, како дегустацијата на вино и посета на винариите, винските манифестации, винските музеи, винските саеми и винските патишта. Во втората глава се обработува материјата поврзана со винските региони и винскиот туризам во светот. Овој дел го опфаќа истражувањето во кое се содржи материјалот поврзан со: економските показатели на светската винска индустрија, винските региони во Европа, винските региони кај Балканските земји, винските региони во Америка, Африка и Австралија. Третата глава е посветена на потенцијалите за развој на винскиот туризам во Македонија. Во овој дел се претставени: историскиот развој на винарството во нашата земја, винската култура и винските региони. Исто така, даден е преглед на винарии од винските региони кои развиваат вински туризам и нудат можност за дегустација на вино. Покрај тоа, опфатени се и останатите аспекти на винскиот туризам во земјата како манифестации, музеи, вински саеми, продавници, патишта и др. Скриптата е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготвување на испитот по предметот Вински туризам. Содржината на скриптата ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Вински туризам. Скриптата можат да ја користат сите студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Вински туризам, ученици во средните туристички училишта, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика и се занимаваат со винскиот туризам. Скриптата е изготвена со цел да се унапреди наставата по предметот Вински туризам и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.

**Kitanov, Vladimir** and Metodijeski, Dejan and Micev, Georgi (2020) *Вински туризам - практикум.* ISBN 978-608-244-707-0.

Овој практикум е дополнување на материјалот кој се содржи во скриптата наменета за предметот Вински туризам и има за цел да понуди дополнителни вежби и задачи кои би се користеле од страна на студентите за успешно совладување на изучуваната материја. Во изработката на овој практикум користена е соодветна литература од познати автори и институции од областа на винарството, лозарството, туризмот и угостителството, како и интернетот како извор на податоци. Практикумот содржи 12 вежби, согласно со предметната програма за изучување на предметот Вински туризам. Практикумот е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготвување на испитот по предметот Вински туризам. Содржината на практикумот ја опфаќа потребната материја за успешна реализација на вежбите по предметот Вински туризам, според Наставната програма на насоките: Гастрономија и исхрана во втора година (4 семестар, 4 кредити, 2+1+1 фонд на часови) и Туризам во втора година (4 семестар, 4 кредити, 2+1+1 фонд на часови). Практикумот можат да го користат сите студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Вински туризам, ученици во средните туристички училишта, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика и се занимаваат со винскиот туризам. Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Вински туризам, како дополнително средство на скриптата по овој предмет, а во насока на подобрување на квалитетот на знаењето на студентите.

Кандидатот д-р Владимир Китанов во својот професионален развој има учествувано на повеќе меѓународни научни конференции од областа на туризмот и економијата во туризмот, меѓу кои:

1. Knowledge International scientific conference 29 March, 2019, Vrnjacka Banja,

Serbija.
2. Knowledge International scientific conference 15 March, 2020, Vrnjacka Banja, Serbija (onlline).
3. Knowledge International scientific conference 8 October, 2020, Greece (online).
4. Knowledge International scientific conference 15 April, 2021, Vrnjacka Banja, Serbija.
5. Knowledge International scientific conference 15 December, 2021, Bansko, Bulgaria.
6. Knowledge International scientific conference 30 September, 2021, Kavala, Greece
7. Knowledge International scientific conference 03 April, 2022, Vrnjacka Banja, Serbija, (**Moderator of thematic session).**
8. Knowledge International scientific conference 03 April, 2022, Vrnjacka Banja, Serbija.
9. Knowledge International scientific conference 18 December, 2022, Bansko, Bulgaria.
10. Knowledge International scientific conference 18 December, 2022, Bansko, Bulgaria **(Panel-tribune session moderator).**
11. Knowledge International scientific conference 1 April, 2023, Sokobanja, Serbija.
12. Трета меѓународна научна конференција Предизвиците во туризмот и бизнис логистиката во 21 век, 13 Nov 2020, Stip.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација од единствениот пријавен кандидат д-р Владимир Китанов, Рецензентската комисија констатира дека д-р Владимир Китанов со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование како и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип за да биде избран во звање вонреден професор, со следниот број поени од целокупната активност: (НО)=30; (НИ)=164; (САОР)=33, или вкупно 227 поени.

Рецензентската комисија има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Северна Македонија, **кандидатот д-р Владимир Китанов да го избере во звање вонреден професор од наставно-научна област економика на туризам и угостителство** на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Северна Македонија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Билјана Петревска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Оливер Филипоски, вонреден професор, член, с.р.

Д-р Дејан Методијески, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ ЗА БОДУВАЊЕ НА Д-Р ВЛАДИМИР КИТАНОВ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

| **Ред. бр.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 4 | Избор во звање доцент | 30 | 30 |
| **ВКУПНО** | | **30** | |

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3) (реф. 1 – 16) | 1<br>1<br>1 | 9<br>6<br>3 | 11<br>2 | 9<br>6 | **129** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | 1 | 6 | **6** |
| 9 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (реф.12,13,14), реф. 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,15,16) | В | **1**/1.5 | 13 | 1.5/**2** | **29** |
| **ВКУПНО** | | | | | | **164** |

| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | Број | Поени | Број | Поени | |
| 1 | Книга/учебник (реф. 18 и 19) | **2** | 10 | | 15 | **20** |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (реф. 17) | 1 | 5 | 1 | 8 | **13** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **33** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **227** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТОФИЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-123/6 од 5.5.2023 година донесена на 302. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 5.5.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област патофизиологија (30118) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **д-р Венјамин Мајсторов,** редовен професор за наставно-научната област патофизиологија, вработен на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – претседател (назначен со Решение бр.2002-123/37 од 5.5.2023 година, донесено на 302. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип);

- **д-р Ана Угринска**, вонреден професор за наставно-научната област патофизиологија на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, вработена во ЈЗУ УИ ПЕТ Скопје – член (назначена со Решение бр.2002-123/38 од 5.5.2023 година, донесено на 302. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип);

- **д-р Милка Клинчева**, насловен вонреден професор за наставно-научната област физиологија и патофизиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработена на Клиника „Жан Митрев“ во Скопје – член (назначена со Решение бр.2002-123/39 од 5.5.2023 година, донесено на 302. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 13.4.2023 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

**д-р Зоран Ханџиски**, доктор на медицински науки, насловен доцент за наставно-научната област патофизиологија.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатот д-р Зоран Ханџиски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено следните документи:

- Пријава (2 примероци);
- Кратка биографија (1 примерок);
- Диплома за завршен прв циклус на студии на Медицински факултет (оригинал и две копии заверени кај нотар);
- Диплома за одбранета докторска дисертација (оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Потврда за одбранет магистерски труд (2 копии заверени кај нотар);

- Уверение за положени испити (три копии заверени кај нотар);
- Уверение за државјанство (оригинал);
- Список на објавени трудови и примерок од секој труд;
- Примерок од докторска дисертација;
- Препорака од двајца професори;
- Потврда за познавање на англиски јазик (оригинал);
- Потврда за положен специјалистички испит (три копии заверени кај нотар).

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Зоран Ханџиски** е роден 1967 година во Скопје. Средно образование завршува во Скопје, како првенец на генерацијата на Гимназијата „Јосип Броз Тито". Со високо образование се стекнува на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што се запишува во 1986 год., а дипломирал во 1993 год. со просечен успех 9,18. Стручниот лекарски испит го положува во 1994 година и се стекнува со лиценца за работа како лекар. Постдипломските студии на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршува во 2002 год. со одбрана на магистерскиот труд на тема „Влијанието на физичките оптоварувања на некои морфофункционални параметри кај деца на возраст од 7-12 години" и се стекнува со звање магистер по медицински науки. Докторската дисертација ја одбранил во 2008 год. на Медицинскиот факултет во Скопје на тема „Проценка на еден мултифакторски пристап во следење на тренажниот процес кај професионални фудбалери", при што се стекнува со научниот степен доктор на науки од научната област спортска медицина. Специјалистичкиот испит по спортска медицина го положува во 2000 год. и станува специјалист по спортска медицина. Во периодот 1995-2008 год. е вработен на Институтот за физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, а потоа во периодот 2008 год. до сега е вработен во ПЗУ Кинетикус - спортска медицина како специјалист по спортска медицина. Во 2010 год. е избран за насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип по предметите Патофизиологија, Спортска медицина, Антропологија, Кинезитерапија при повреди на локомоторен апарат, деформитети на ’рбетен столб и стапала. На истиот факултет бил вработен во периодот 2012-2014 год. и во 2012 год. е избран во доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Во 2018 година повторно е избран за насловен доцент по патофизиологија на истиот факултет. Кандидатот активно се служи со англиски, германски, српски, хрватски и бугарски јазик.

Кандидатот е државен ментор на специјализацијата по спортска медицина на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, претседател на Националното здружение на лекари специјалисти по спортска медицина, поранешен претседател на Здравствената комисија при Македонскиот олимписки комитет (МОК), официјален делегат на РСМ во Европското здружение по спортска медицина (EFMSA) и Светското здружение по спортска медицина (FIMS), член на Европскиот колеџ по спортски науки и член на Антидопинг комисијата при Агенцијата за млади и спорт, Интернационален офицер на допинг контрола (ITA certificate), како и член на Македонското лекарско друштво, Македонското здружение на физиолози и Македонската лекарска комора. Д-р Зоран Ханџиски има објавено над 80 научни и стручни трудови од областа на медицината во домашни и странски списанија, автор и коавтор е на книги од областа на физиологијата, спортската физиологија и спортската медицина, учесник е и модератор на бројни светски и европски конгреси по спортска медицина. Бил главен и одговорен доктор на Македонскиот олимписки тим на Зимските олимпијади (Ванкувер 2010 година и Сочи 2014 година), како и на Летната олимпијада во Лондон 2012 година и во Рио 2016 година.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор**

Кандидатот д-р Зоран Ханџиски ги исполнува сите услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање насловен вонреден професор, а се во прилог и на ОНУ.ОБ.22 Чек листа за избор на вонреден професор, покрај елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија и тоа:

1. Просечен успех од прв циклус студии 9,18;
2. Научен степен магистер по медицински науки;
3. Научен степен доктор на науки од областа на медицинските науки;
4. Претходен избор во насловен доцент во 2018 година;
5. Објавени најмалку пет научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Dalip M., Handjiski Z., Handjiska E. | Changes of stress hormones and testosterone levels in professional football team after preparation period of six weeks | Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 213-217, 2022. | |
| 2 | Handjiska E., Dalip M., Handjiski Z. | Changes of creatine kinase, potassium and anaerobic threshold in professional football team after preparation period of six weeks. | Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 209-212, 2022. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Handjiski Z., Dalip M., Handjiska E. | Chagnes of isokinetic characteristics in flexion and extension of knees in professional football team after prepration period of six months. | Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 197-201, 2022. | |
| 4 | Sehin Yildrim S., Handjiski Z., Handjiska E., Cerit M., Metin D. | Investigation of the effects of water exercises on body. | International Journal of Sport Sciences and Health, (in print), Vol 10, No 21-22, pp.xx-xx, 2023 (прифатен за печатење, доставена потврда). | |
| 5 | Handjiski Z., Handjiska E., Dalip M. | Stress hormone levels and ACTN3 genotupe in young soccer players. | Gazi Medical Journal (in print), Vol 59, pp.xx-xx, 2023 (прифатен за печатење, доставена потврда). | |

6. Сертификат за познавање на англиски јазик. Кандидатот активно го познава
англискиот јазик (доставена соодветна потврда).
7. Способност за изведување на високообразовна дејност – со активното учество во наставата како насловен доцент кандидатот покажа висока способност за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови:**

1. Д-р Зоран Ханџиски има значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати како главен координатор и предавач на меѓународни и национални семинари по спортска медицина, како и на антидопинг семинари.
2. Препораки од двајца професори од соодветната област – Кандидатот достави две препораки: од вонреден професор д-р Мире Спасов и од насловен вонреден професор д-р Милка Клинчева од Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Кандидатот е автор на рецензиран практикум по Физиологија 1, објавен во 2023 година во е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Во 1995 година се вработил на Институтот за физиологија на Медицинскиот факултет, УКИМ Скопје, каде во 1997 год. бил избран за помлад асистент (Универзитетски билтен бр. 683/97), а потоа во 2001 год. избран за асистент по предметот Физиологија (Универзитетски билтен бр.771/01) и реизбран за асистент по истиот предмет во 2004 год. (Универзитетски билтен бр. 848/04). Бил активно вклучен во изведувањето на сите сегменти од наставните активности на Катедрата за физиологија при Институтот за физиологија до 2008 год. Во 2010 год. е избран за насловен доцент, а во 2012 год. е избран за доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што изведувал редовна теоретска настава по предметите: Патофизиологија, Спортска медицина, Антропологија, Кинезитерапија при повреди на локомоторен апарат, деформитети на ’рбетен столб и стапала. Изведува настава и за специјализантите по спортска

медицина на истиот факултет како државен ментор. Во 2018 година повторно е избран во насловно звање доцент по наставно-научната област патофизиологија на Факултетот за медицински науки при УГД во Штип.

Д-р Зоран Ханџиски е автор и коавтор на повеќе од 80 објавени стручни и научни трудови, книги и делови од книги од областа на физиологијата, спортската физиологија и спортската медицина објавени во домашни и странски списанија.

**Објавени научни трудови во меѓународни списанија во последните пет години:**

1. Dalip M., Handjiski Z., Handjiska E. Changes of stress hormones and testosterone levels in professional football team after preparation period of six weeks. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 213-217, 2022.

Целта на студијата е да се евалуираат промените на стрес хормоните и тестостеронот по подготвителен период од 6 недели кај професионални фудбалери од националната репрезентација. Биле вклучени 25 професионални фудбалери кај кои во примероци на венска крв се одредени серумските вредности на тестостерон, ACTH и кортизол. Резултатите покажале дека промените на тестостеронот укажуваат на зголемен ниво на тренинг, а промените на кортизолот, ACTH и AnT укажуваат на депресија на адреналниот кортекс без позитивни ефекти од тренажниот процес.

2. Handjiska E., Dalip M., Handjiski Z. Changes of creatine kinase, potassium and anaerobic threshold in professional football team after preparation period of six weeks. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 209-212, 2022.

Во студијата се иследувани промените на креатин киназата (КК) и нивото на калиум во серумот, како и AnT и максималната брзина на трчање пред и по подготвителен период од 6 недели кај 25 професионали фудбалери. Регистриран е сигнификантен пораст на КК по подготвителниот период пред и по изведување на максимален физички тест, а за калиумот само по максимален физички тест. Не се добиени промени во AnT, што укажува дека тренажниот процес е неадекватен и не предизвикува позитивни ефекти и адаптација за периодот на натпревари.

3. Hahdjiski Z., Dalip M., Handjiska E. Chagnes of isokinetic characteristics in flexion and extension of knees in professional football team after prepration period of six months. Research in Physical Education, Sport and Health, Vol.11, No.1, pp 197-201, 2022.

Евалуирани се промените на мускулните карактеристики кај изокинетички тестови на двете колена, во флексија и екстензија и при различна брзина на движење кај професионални фудбалери по 6-месечен период на тренинзи и натпревари. Добиените резултати потврдуваат дека сигнификантните промени на некои изокинетички карактеристики при поголеми брзини на десната нога се очекувани за време на фудбалскиот тренажен процес и натпреварите. Се чини дека значајното зголемување на базичните изокинетички способности на мускулната сила на квадрицепсите и бицепсите на натколеницата има најголемо значење во стратегијата на тренажниот процес кај професионалните фудбалери.

4. Sehin Yildrim S., Handjiski Z., Handjiska E., Cerit M., Metin D. Investigation of

the effects of water exercises on body. International Journal of Sport Sciences and Health, (in print), Vol 10, No 21-22, pp.xx-xx, 2023.

Целта на студијата била да се испитаат ефектите на тренингот во вода врз составот на телесната маса, виталните знаци и нивото на гликемијата. Иследувани се 40 универзитетски студенти кој биле вклучени во програма за тренинг во период од 10 недели. Добиени се статистички сигнификантни разлики за пулсот и сатурацијата, но не и за гликемијата. Значајни разлики се најдени и за телесната тежина, мускулната маса, процентот на масти, обемот на струкот, торзото и двете нозе.

5. Handjiski Z., Handjiska E., Dalip M. Stress hormone levels and ACTN3 genotype in young soccer players. Gazi Medical Journal (in print), Vol 59, pp.xx-xx, 2023.

ACTN3 генотипот може да помогне во процесот на селекција и специјализација на младите фудбалери. Целта на студијата била да се одреди ACTN3 генотипот и неговата релација со нивото на ACTH и кортизол во плазмата кај 46 фудбалери на возраст од 15 до 17 години. Најчеста варијанта на генотип најдена кај 44% од испитаниците била RR. Не е добиена сигнификантна корелација помеѓу нивото на стрес хормоните (кортизол и ACTH), во мирување и по максимален физички напор, и варијантата на ACTN3 генотипот. Потребни се добро дизајнирани студии кај елитни професионални фудбалери од различни национални лиги за да се утврди евентуална поврзаност помеѓу овие варијабли за да се потврдат резултатите од некои студии.

**Трудови презентирани како постери или усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми во последните 5 години:**

1. Handjiski Z., Handjiska E. Incidence and types of injuries of legs and isokinetic characteristics of knees nad ankles in young male handball players. Medicina Dello Sport, Vol 72-Suppl.1 Al N.3, pp 46, September 2019. Овој труд е усно презентиран и во него се анализирани зачестеноста и видот на повреди на долните екстремитети кај млади фудбалери, при што е утврдено дека најчеста повреда била дисторзијата на десниот скочен зглоб.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот е коавтор на поглавје од книгата „Кондициски тренинг во фудбал", објавена во Скопје, 2021 година. Исто така, имал пленарни предавања на повеќе стручни собири и бил претседател на организациски или програмски одбор на неколку стручни собири.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на извршениот увид во целокупната доставена документација, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно апликативната дејност, како и организациско-развојната дејност на кандидатот д-р Зоран Ханџиски. Од изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Зоран Ханџиски поседува научни и стручни квалитети и ги исполнува условите на Законот за високо образование,

како и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за избор во насловно звање вонреден професор од областа патофизиологија. Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет, кандидатот д-р Зоран Ханџиски да го избере во звање насловен вонреден професор по наставно-научната област патофизиологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Венјамин Мајсторов, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Ана Угринска, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Милка Клинчева, насловен вонреден професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Избор во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) 9/6/3<br>Прв автор: труд бр. 3 и 5<br>Втор автор: труд бр. 1 и 4<br>Останати автори: труд бр. 2 | 2 x 9 = 18<br>2 x 6 = 12<br>1 x 3 = 3 | | | | **33** |
| **23** | Престој во странство | 8 | | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **41** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Поглавје од книга | 1 | 4 | / | / | **4** |
| **7.** | Пленарно предавање на стручен собир | 4 | 2 | / | / | **8** |
| **12.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир | 4 | 2 | / | / | **8** |
| **13.** | Учесник во научен проект | / | / | 1 | 8 | **8** |
| **26.** | Раководител на катедра/оддел/центар | 3 | | | | **3** |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела | 3 x 5 | | | | **15** |
| **29.** | Член на институтски орган, комисија | 2 | | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **48** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **119** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2002-183/8 од 3.7.2023 г., донесена на 305. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 3.7.2023 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на асистент во наставно-научната област фармацевтска хемија (30600) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор за наставно-научните области фармацевтска хемија и радиофармација, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- д-р Љубица Шутуркова, редовен професор за наставно-научните области фармацевтска хемија, фармакоинформатика и клиничка фармација, вработена на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член;
- д-р Зоран Стерјев, редовен професор за наставно-научните области фармацевтска хемија, фармакоинформатика и социјална фармација, вработен на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – член.

На распишаниот Конкурс, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за избор на еден извршител – асистент во наставно-научната област фармацевтска хемија, објавен на 15.6.2023 година во весниците „Слободен печат“ и „Коха“, во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

1. Дино Карпичаров, магистер по фармација.

Пријавата е во целост разгледана и утврдивме дека кандидатот Дино Карпичаров уредно, навремено и во целост ги има доставено следниве документи:

1. Пријава по Конкурс;
2. Диплома за завршени интегрирани студии (прв и втор циклус на студии) (еден оригинален примерок и три копии заверени кај нотар);
3. Уверение за положени испити (просечен успех 9,80) (еден примерок оригинал и една копија заверена кај нотар);
4. Уверение за државјанство – еден примерок оригинал;
5. Кратка биографија, во три примероци;
6. Потврда за успешно завршен курс по англиски јазик (степен Б2) – оригинал;
7. Препораки од двајца професори – оригинали;
8. Список на објавени трудови и по еден примерок од трудовите;
9. Примерок од дипломска работа.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

М-р Дино Карпичаров е роден на 21 август 1994 година во Штип, Република Македонија. Основно образование завршува во Штип, со континуиран одличен успех. Четиригодишно средно стручно образование завршува во СОУ „Јане Сандански“ – Штип на образовниот профил фармацевтски – лабораториски техничар, со континуиран одличен успех. Во периодот од 2011 до 2013 година е избран за претседател на Медицинската младинска организација при СОУ „Јане Сандански“ – Штип. По завршувањето на средното образование се запишува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на студиската програма Фармација (интегриран прв и втор циклус на студии). За време на своите студии учествува во неколку студентски симпозиуми. Во јули 2017 година заминува на двонеделен студиски престој – летна практична настава, на Фармацевтскиот факултет при Државниот медицински универзитет „СамГМУ“ во Самара, Руска Федерација. На 4.10.2018 година го брани својот дипломски труд на тема: „Механизам на дејство и карактеристики на одредени антисептици и дезинфициенси во корелација со нивната активност врз селектирани микроорганизми“, под менторство на д-р Биљана Ѓорѓеска, редовен професор, и се стекнува со академски назив магистер по фармација, со просечен успех при студирањето – 9,80. Една година подоцна го положува државниот испит за здравствени работници со високо образование од областа на фармацијата и станува член на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија. Во 2020 година се запишува на специјалистички студии во областа на испитување и контрола на лекови и истите ги завршува три години подоцна, односно во 2023 година. Почнувајќи од 2021 година, м-р Дино Карпичаров ги започнува своите докторски студии на студиската програма Фармација, на матичниот универзитет. Поседува знаење за работа со компјутери и активно познавање и користење на англиски јазик.

**Кандидатот м-р Дино Карпичаров ги исполнува законските услови за избор во звање асистент:**

- Остварен просечен успех (9,80 на интегриран прв и втор циклус студии на Факултетот за медицински науки (студиска програма Фармација) при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, стекнувајќи се со стручен назив магистер по фармација);
- Избран во асистент во наставно-научна област фармацевтска хемија, со Одлука бр. 2002-217/4, донесена на 251. седница на Наставно-научен совет, одржана на 28.12.2020 година на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, а реферат од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетски билтен број 261, на ден 15.9.2020 година;
- Објавени научноистражувачки трудови во меѓународни списанија или

меѓународни публикации (приложени вкупно 8 (осум);

- Познавање на странски јазик – (потврда за познавање на англиски јазик во прилог на документи);
- Покажува способност за изведување на високообразовна, наставно-научна дејност. Во периодот од изборот до сега е вклучена како соработник – асистент во реализација на практични вежби на студиската програма по Фармација за предметите: Аналитика на лекови 1, Аналитика на лекови 2, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2, Фармацевтска хемија 3, Општа биохемија, Клеточна биохемија, Инструментални фармацевтски анализи, Basics of Biochemistry 1 за студиска програма: Општа медицина на англиски јазик и Клеточна биохемија, Добра лабораториска практика, Лабораториски техники и инструментални анализи за студиска програма Медицински лаборанти;
- Две препораки од професори од оваа област и полето на фармацијата;
- Кандидатот активно да се служи со англиски јазик (има доставена потврда во прилог);
- Во тек е на реализација на специјалистички испит во областа на испитување и контрола на лекови

**Посебни услови**

М-р Дино Карпичаров бил вклучен и активно учествувал во реализација на следните проекти:

1. Janevik-Ivanovska, E., Angelovska, B., Gjorgjeska, B., Arsova-Sarafinovska, Z., Drakalska-Sersemova, E., Darkovska Serafimovska, M., Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, & Miceva, D. (2021). ACLEMETH Knowledge Transfer - Active Learning Methodologies in Good Manufacturing Practices. EU4TECH PoC Western Balkans;
2. Gjorgjeska, B., Janeva, A., **Karpicarov, D.**, Velkova, A., Krzovska, V., Delipetrova, N., & Dimitrova, A. (2017). Анализа на МВС на најчесто користените антисептици и дезинфициенси во болнички услови и поставување на корелација помеѓу нивната структура и активност. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Својата наставно-образовна дејност, м-р Дино Карпичаров ја започнува уште во 2017 год., кога првпат е ангажиран за реализација на практичната настава при Факултетот за медицински науки, како демонстратор-волонтер на студиската програма Фармација за предметите: Фармакологија 1, Фармакологија 2, Аналитика на лекови 2 на студиска програма Фармација; Фармакологија со токсикологија 1, Фармакологија со токсикологија 2 на студиска програма по Општа медицина и Фармакологија за студиските програми по Дентална медицина, Медицински сестри, Акушерки, Медицински лаборанти.

По завршувањето на студиите, од октомври 2018 година, м-р Дино Карпичаров е ангажиран како надворешен соработник – стручњак од пракса на истиот факултет, за предметите: Аналитика на лекови 1, Аналитика на лекови 2, Општа биохемија, Клеточна биохемија, Стабилност на лекови, Регистрација на лек, Добра лабораториска практика за студиската програма Фармација; Клеточна

биохемија, Добра лабораториска практика за студиската програма Медицински лаборанти.

Во 2020 година заснова редовен работен однос со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, преку изборот во звање асистент за наставно-научната област фармацевтска хемија на Катедрата за аналитика на лекови и фармацевтска хемија (Одлука бр.2002-217/4 ).

Во текот на својот редовен работен ангажман, активно учествува во изведба на практичната настава за предметите: Аналитика на лекови 1, Аналитика на лекови 2, Фармацевтска хемија 1, Фармацевтска хемија 2, Фармацевтска хемија 3, Општа биохемија, Клеточна биохемија, Инструментални фармацевтски анализи за студиската програма Фармација; Basics of Biochemistry 1 за студиската програма: Општа медицина на англиски јазик и Клеточна биохемија, Добра лабораториска практика, Лабораториски техники и инструментални анализи за студиската програма: Медицински лаборанти.

**Научноистражувачка дејност**

Рецензираните трудови на м-р Дино Карпичаров за изборот во асистент се рецензирани во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” бр. 261 од 15.9.2020 година (стр. 3-7): https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2020/261/pdf/261-1.pdf

Научна евалуација на научните трудови на кандидатот м-р Дино Карпичаров кои ги доставува за избор на асистент - *http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Karpicarov=3ADino=3A=3A.html*

1. **Karpicarov, D.**, Apostolova, P., Arev, M., Arsova-Sarafinovska, Z., & Gjorgjeska, B. (2023). *Development and validation of HPLC method for content determination of Meloxicam in injections*. Knowledge – International Journal, 57(4): 517–522. https://eprints.ugd.edu.mk/31666/

Во овој труд, авторите развиваат и валидираат аналитички метод базиран на течна хроматографија под висок притисок, за определување на содржина на мелоксикам во инјекции. Развојот на аналитичкиот метод е поткрепен со детални образложенија за избор на систем за изведба на аналитичкиот метод, дефинирање на стационарната и мобилната фаза, избор на растворувач за подготовка на стандардниот раствор и примерокот за анализа, како и образложенија за останатите аспекти кои се важни за развојот и оптимизацијата на аналитичкиот метод. Валидацијата на аналитичкиот метод е направена во согласност со барањата на ICH и барањата наведени во тековните изданија на меѓународно признаените фармакопеи, при што авторите потврдуваат дека методот е точен, прецизен при работа под исти услови, за краток временски период и на еден ист примерок, како и прецизен при работа во еден ден, во иста лабораторија, од страна на два аналитичари. Понатаму, авторите потврдуваат дека методот е специфичен, линеарен во дефинираниот опсег, како и робустен при промена на pH вредноста, протокот и односот на компонентите во мобилната фаза.

2. Apostolova, P., **Karpicarov, D.**, Arev, M., Janevik-Ivanovska, E., Gjorgjeska, B., & Arsova-Sarafinovska, Z. (2022). *Development and validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 68(1): 97–98. https://eprints.ugd.edu.mk/30820/

Во овој труд, авторите развиваат и валидираат аналитички метод, базиран на течна хроматографија под висок притисок, за определување на содржина на метилпреднизолон ацепонат во крем. Развојот на аналитичкиот метод е поткрепен со детални образложенија за сите аспекти кои се важни за оваа цел, но и за оптимизацијата на аналитичкиот метод. Валидацијата на аналитичкиот метод е направена во согласност со барањата на ICH и барањата наведени во тековните изданија на меѓународно признатите фармакопеи, при што авторите потврдуваат дека методот е специфичен, линеарен во дефинираниот опсег, прецизен на ниво на системска прецизност, метод прецизност и интермедиерна прецизност, точен, како и робустен при промена на температурата на колоната, брзината на проток и составот на мобилната фаза.

3. Krsteska, B., **Karpicarov, D.**, & Gjorgjeska, B. (2020). *Laboratory diagnosis of infections caused by Chlamydia trachomatis, experiences from the PHF Clinical Hospital "M.D. Trifun Panovski" – Bitola for the period from 2013 to 2019*. Knowledge – International Journal, 38(4): 691–696. https://eprints.ugd.edu.mk/24014/

Во овој труд се претставени карактеристиките на *Chlamydia trachomatis* како еден од најчестите причинители на сексуално преносливи болести. Исто така, даден е детален преглед на начинот на кој се врши дијагноза, превенција и третман на инфекции предизвикани од страна на овој микроорганизам. Притоа, анализирани се податоци од пациенти со хламидија, дијагностицирани и лекувани во ЈЗУ Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски" – Битола, во период од шест години, од 2013 до 2019 година. Врз основа на спроведеното истражување, констатирано е дека најголем дел од дијагностицираните пациенти се на возраст помеѓу 26 и 40 години, поголем дел од дијагностицираните пациенти се од урбана средина и речиси идентичен е бројот на дијагностицирани пациенти во однос на нивниот општествен статус. Оттука, авторите истакнуваат дека е потребно да се спроведат превентивни и едукативни мерки, како во урбаните, така и во руралните средини, потенцирајќи дека статусот во општеството не игра голема улога кога станува збор за едукација на пациентите во поглед на нивната заштита од оваа сексуално преносива болест.

4. Gjorgjievski, B., **Karpicarov, D.**, & Gjorgjeska, B. (2019). *Determination of paraprotein in serum and urine by electrophoresis for diagnosing multiple myeloma (MM), experiences from the PHF University Clinic of Hematology for the period from 2015 to 2017*. Knowledge – International Journal, 34(4): 895–902. https://eprints.ugd.edu.mk/22676/

Во овој труд се претставени карактеристиките на мултипниот миелом како тип на канцер кој ги зафаќа плазма клетките, како и критериумите за дијагностицирање на овој малигнитет. Притоа, анализирани се податоци од пациенти со мултипен миелом, дијагностицирани и лекувани во ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија, во период од три години, од 2015 до 2017 година. Врз основа на спроведеното истражување, поставена е корелација меѓу податоците за заболувањето во оваа студија и податоците на Светската здравствена организација. Констатирано е дека кај поголем дел од пациентите со мултипен миелом, постои нарушување на бубрежната функција и елевирано ниво на β-2-микроглобулинот, поради што при дијагностицирање на мултипен миелом, неопходно е да се одреди и нивото на овој протеин.

5. Gjorgjeska, B., & **Karpicarov, D.** (2019). *Анализа на механизмот на дејство и антимикробната активност на одредени антисептици и дезинфициенси врз Bacillus spp., Acinetobacter spp., Klebsiella spp., Serratia marcescens и Candida spp. како едни од најчестите предизвикувачки на интрахоспиталните инфекции.* Knowledge – International Journal, 30(4): 740–745. https://eprints.ugd.edu.mk/21892/

Во овој труд се претставени механизмите на дејство на формалдехидот, етанолот, борната киселина, водород пероксидот, бензалкониум хлоридот и повидон јодот, како едни од најчесто употребуваните антисептици и дезинфициенси во болнички услови. Испитуваните антисептици и дезинфициенси се употребени во концентрација во која се комерцијално достапни како биоцидни средства, а нивната антимикробна активност е испитувана врз изолирани соеви на микроорганизми од пациенти и тоа: *Bacillus spp*., *Acinetobacter spp*., *Klebsiella spp*., *Serratia marcescens* и *Candida spp*. Како метод на работа е користен диск-дифузиониот метод и врз основа на добиените резултати, авторите даваат насоки за избор на најсоодветно средство за ерадикација на наведените причинители на интрахоспиталните инфекции.

6. Gjorgjeska, B., & **Karpicarov, D.** (2018). *Механизам на дејство и карактеристики на одредени антисептици и дезинфициенси во корелација со нивната активност врз селектирани микроорганизми*. Knowledge – International Journal, 28(2): 423–428. https://eprints.ugd.edu.mk/21234/

Во овој труд се претставени механизмите на дејство и најзначајните карактеристики на формалдехидот, етанолот, борната киселина, водород пероксидот, бензалкониум хлоридот и повидон јодот, како едни од најчесто употребуваните антисептици и дезинфициенси во болнички услови. Испитуваните антисептици и дезинфициенси се употребени во концентрација во која се комерцијално достапни како биоцидни средства, а нивната антимикробна активност е испитувана врз изолирани соеви на микроорганизми од пациенти и тоа: *Staphylococcus epidermidis*, *Staphylococcus aureus*, *Escherichia coli* и *Pseudomonas aeruginosa*. Како метод на работа е користен диск-дифузиониот метод и врз основа на добиените резултати, авторите даваат насоки за избор на најсоодветно средство за ерадикација на наведените причинители на интрахоспиталните инфекции.

7. Gjorgjeska, B., Janeva, A., Iceva, I., **Karpicarov, D.**, Velkova, A., Krzovska, V., Dimitrova, A., & Delipetrova, N. (2018). *Structure and physicochemical properties of antiseptics and disinfectants in relation to their activity*. Journal of Hygienic Engineering and Design, 23: 3–7. https://eprints.ugd.edu.mk/20223/

Во овој труд е направена детална анализа на хемиската структура и физичко-хемиските својства на едни од најчесто употребуваните антисептици и дезинфициенси во болнички услови: етанол, повидон јод, формалдехид и водород пероксид. Имајќи ги предвид структурните белези на овие соединенија, авторите поставуваат корелација помеѓу структурата, или пак, делови од структурата, со антимикробната активност на истите соединенија.

8. Gjorgjeska, B., Koceva, A., Iceva, I., & **Karpicarov, D.** (2018). *Relation between Quantity of Disinfectant and Antiseptics Used and Appearance of Intra-Hospital Infections in the Region of Eastern Macedonia*. International Journal of Healthcare and Medical Sciences, 4(1): 1–10. https://eprints.ugd.edu.mk/19238/

9.

Во овој труд се претставени најзначајните карактеристики на интрахоспиталните инфекции. Преку детална анализа на годишните извештаи за потрошувачката на антисептиците и дезинфициенсите во клиничките и општите болници на територијата на Источна Македонија, за периодот помеѓу 2007 и 2011 година, поставена е и корелација помеѓу количеството на употребени антисептици и дезинфициенси, од една страна, и појавата на интрахоспиталните инфекции, од друга страна.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

*Учество на конгреси, работилници, вебинари:*

7th Congress of Pharmacy in North Macedonia: Modern trends in pharmacy: opportunities and challenges, 5-9 Oct 2022, Ohrid, Republic of North Macedonia - Apostolova, Paulina and Karpicarov, Dino and Arev, Marija and Janevik-Ivanovska, Emilija and Gjorgjeska, Biljana and Arsova-Sarafinovska, Zorica (2022) *Development and Validation of HPLC method for determination of Methylprednisolone aceponate in cream.* - https://eprints.ugd.edu.mk/21893/

**Членство во професионални здруженија и асоцијации:**

Член е на Фармацевтска комора на Македонија и на EPSA (*European Pharmaceutical Student Association*).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебни услови за избор во наставни, насловни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и според приложената документација, кандидатот асистент м-р Дино Карпичаров, а врз основа на неговата целокупна активност и искуството стекнато во наставната и научна дејност како асистент, Рецензентската комисија констатира дека истиот во целост го исполнува условот за избор во звање асистент во наставно-научната област фармацевтска хемија (30600).

М-р Дино Карпичаров покажува успешни резултати во досегашната негова ангажираност во наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, а што е видливо од приложената документација. Неговата способност за стручна комуникација со студенти и колеги, стекнатите теоретски знаења и лабораториската пракса, одличните комуникациски вештини и големиот ентузијазам одат во прилог на препознатлив тимски соработник.

Врз основа на изложеното Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип кандидатот м-р Дино Карпичаров да биде избран во звање асистент во наставно-научна област фармацевтска хемија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Љубица Шутуркова, редовен професор, член, с.р.

Д-р Зоран Стерјев, редовен професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 612 НАУКА ЗА КНИЖЕВНОСТ, 64000 МАКЕДОНИСТИКА, 61226 КУЛТУРОЛОШКИ СТУДИИ (ВО КНИЖЕВНОСТА) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-150\5 од 4.7.2023 година донесена на 271. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 4.7.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *еден наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област 612 наука за книжевност, 64000 македонистика, 61226 културолошки студии (во книжевноста)* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во следниот состав:

- д-р Ранко Младеноски – претседател, редовен професор за наставно-научните области 61207 Теорија на книжевноста, 61202 Македонска книжевност XX век на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Луси Караниколова-Чочоровска – член, редовен професор за наставно-научните области 61203 Историја на јужнословенските книжевности, 61205 Современи јужнословенски книжевности на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Ева Ѓорѓиевска – член, вонреден професор за наставно-научните области 64006 Романистика, 61211 Историја на книжевноста на романските народи на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 15.6.2023 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

**- д-р Наташа Сарафова.**

Поднесената пријава од страна на кандидатката д-р Наташа Сарафова е комплетна и навремено доставена. Пријавата е внимателно, детално и во целост разгледана и утврдивме дека кандидатката уредно ги има доставено следниве документи:

1. Копија заверена кај нотар од **диплома за завршен прв циклус** академски студии од полето на образование, уверение за положени испити, додаток на диплома;
2. Копија заверена кај нотар од **диплома за завршен втор циклус** академски студии (мастер) од полето на хуманистички науки (културологија во книжевноста) и уверение за положени испити;
3. Копии заверени кај нотар од **диплома за завршен трет циклус** академски студии (докторски студии) од полето на хуманистички науки (културолошки студии), Одлука за одбранет докторски труд и Уверение за положени испити;
4. Кратка биографија;
5. Копија заверена кај нотар од **Потврда за познавање странски јазик** (АПТИС);

6. Две **препораки** од редовни професори на Универзитет;
7. Список на **објавени научни и стручни трудови и трудови**;
8. **Одлуки за избор во звање асистент** на Катедрата за македонски јазик и книжевност, Филолошки факултет, УГД – Штип;
9. Уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Наташа Сарафова е родена на 21 мај 1976 година во Штип. Основно образование завршува во ОУ „Ванчо Прќе“ во Штип со одличен успех. Средно образование завршува со одличен успех во 1994 година на културолошка насока во СОУ „Славчо Стојменски“ во Штип. Во академската 2002/2003 година се запишува на студии на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во 2007 година ги завршува студиите. Во 2018 година, според Законот за високо образование, согласно со член 113, став 23 и 24 од Законот, и Одлука на Ректорска управа на Универзитет „Гоце Делчев“ Штип со бр.0901-736/4 од 25.6.2013 година, при Факултетот за образовни науки, на кандидатката ѝ е издаден додаток на диплома за прв циклус студии и уверение за положени испити за завршени обврски според студиската програма со просечна оценка **8,38** и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по предучилишно воспитување.

Во академската 2009/2010 година се запишува на втор циклус студии на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на студиската програма културологија во книжевноста. Магистрира на 21 март 2014 година со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Идентитетот на жената во книжевноста за деца врз примери од светската книжевност за деца“ со просечна оценка **9,2** и се стекнува со научен назив **магистер по културологија во книжевноста**. Во академската 2014/2015 година се запишува на третиот циклус – докторски студии на студиската програма Културолошки студии во книжевноста на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторира на 29.3.2023 година со одбрана на докторската дисертација „Културните политики и културните индустрии – фактори за видливоста на малите книжевности во корпусот на светската книжевност (студија на случај: Норвешка и Македонија)“ со просечна оценка **9,7** и се стекнува со научен назив **доктор по културолошки студии.**

Д-р Наташа Сарафова го почнува своето работно искуство во 2008 година како деловен асистент (технички секретар) сѐ до 2016 година при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во 2018 година со Одлука бр. 1902-177/6 на 19.9.2018 година на 178. седница на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката д-р Наташа Сарафова е избрана за демонстратор на Катедрата за македонски јазик и книжевност. Кандидатката активно учествува во подготвување на вежбите на изборните и задолжителните предмети:

- Историја на македонската култура и цивилизација;

- Светска книжевност;
- Словеначка книжевност;
- Интеркултурно образование.

За време од три години, сметано од 3.12.2018 година, со Одлука број 1902-214/4 донесена од страна на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на 184. седница, има засновано работен однос со избор во соработничко звање асистент за наставно-научните области македонистика и историја на општа книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Активно работи и ги одржува вежбите на изборните и задолжителните предмети:

- Хрватска книжевност;
- Српска книжевност;
- Бугарска книжевност;
- Словеначка книжевност;
- Светска книжевност;
- Македонска литература и култура.

За време од три години, сметано од 30.8.2021 година, со Одлука број 1902-147/4 донесена од страна на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на 232. седница, има засновано работен однос (по втор пат) со избор во соработничко звање асистент за наставно-научните области македонистика и историја на општа книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Активно работи и ги одржува вежбите на изборните и задолжителните предмети:

- Хрватска книжевност;
- Српска книжевност;
- Бугарска книжевност;
- Словеначка книжевност;
- Македонска литература и култура.

**Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

- *Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв, втор и трет циклус на студии, за секој циклус посебно.*

Кандидатката ги завршува студиите од прв, втор и трет циклус со просек од најмалку 8 (нејзиниот просек од прв циклус на студии е **8,38**, од втор циклус на студии е **9,2** а од трет циклус е **9,7**).

- *Има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира*

Д-р Наташа Сарафова има завршено трет циклус на студии во областа во која се бира наставник во наставно-научните области 612 Наука за книжевност, 64000 Македонистика, 61226 Културолошки студии (во книжевноста).

- *Има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Sarafova, N. | GENDER CONSTRUCTION THROUGH FAYRY TALES - FEMALE CHARACTERISTICS | Knowledge International Journal | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Sarafova, Natasa. | Сатиричните елементи и дуализмот во расказот „Сфингата без тајна“ од Оскар Вајлд | Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип | 2019 |
| 3. | Наташа Сарафова | ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ ВРЗ ВИДЛИВОСТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (Пример : Норвешка книжевност) | Меѓународна научна конференција „ФИЛКО“: филологија, култура и образование | 2021 |
| 4. | Сарафова Н, Тасевска. М | АСПЕКТИ НА КНИЖЕВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО НОРВЕШКА | Меѓународна научна конференција „ФИЛКО“: филологија, култура и образование | 2021 |
| 5. | Natasha Sarafova, Marica Tasevska | THE MEANING AND ROLE OF CREATIVE INDUSTRIES IN THE EUROPEAN UNION | KNOWLEDGE – International Journal Vol.55.5 | 2022 |
| 6. | Marica Tasevska, Natasha Sarafova | THE PLACE AND ROLE OF WRITING SKILLS IN GERMAN LANGUAGE TEACHING | KNOWLEDGE – International Journal Vol.55.5 | 2022 |

- *Има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот*

Кандидатката добро го владее англискиот јазик, поседува APTIS тест од Британски совет – Скопје, со определено ниво Б2.

- *Има способност за изведување на високообразовна дејност*

Кандидатката има петгодишно искуство како асистент – стручен соработник во високото образование.

**Посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент**

- *Препораки од двајца професори од соодветната научна област за која се врши изборот*

Кандидатката д-р Наташа Сарафова има доставено две препораки од редовни професори од соодветната област во кои се нагласува ангажираноста, одговорноста и посветеноста на кандидатката во нејзиниот професионален развој.

Според доставените документи, кандидатката д-р Наташа Сарафова ги исполнува општите и посебните законски услови за избор во звање доцент.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Наставно-образовната дејност на кандидатката започнува во 2018 година па се до денес, кандидатката е ангажирана како асистент - стручен соработник од областа македонистика на Филолошкиот факултет при УГД – Штип и учествува во изведувањето на наставата за предметите: Хрватска книжевност, Српска книжевност, Бугарска книжевност, Словенечка книжевност, Македонска литература и култура .

**Список на објавени трудови пред изборот во соработничко звање асистент:**

1. Jovanov, J, Sarafova, H, 2011 Impact of short text messages on the contemporary Macedonian language. Yearbook 2011 - Faculty of Philology, UGD – Stip
2. Sarafova N, 2010 Harry Potter phenomenon. Yearbook 2010 - Faculty of Philology, UGD – Stip.
3. Sarafova, N, 2011 Implementation of the programmes for learning Macedonian as a foreign language at the Faculty of Philology, Stip - a step towards successful multicultural education. Procedia - Social and Behavioral Sciences Volume 15, 2011, Pages 2377-2382 3rd World Conference on Educational Sciences – 2011.
4. Dimova, V, Sarafova, H, 2011 Education and culture. Procedia - Social and Behavioral Sciences Volume 15, 2011, Pages 2357-2359 3rd World Conference on Educational Sciences – 2011.

**Список на објавени трудови во периодот додека траат двата избори во соработничко звање асистент од 2018 година до денес**

5. Sarafova, N. (2019). GENDER CONSTRUCTION THROUGH FAYRY TALES - FEMALE CHARACTERISTICS. Knowledge International Journal, 35(6), 1879 - 1882. Retrieved from http://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/2586
6. Sarafova, Natasa (2019) Сатиричните елементи и дуализмот во расказот „Сфингата без тајна“ од Оскар Вајлд. Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип. ISSN 1857-7059
7. Наташа Сарафова, 2021 ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ ВРЗ ВИДЛИВОСТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (Пример : Норвешка книжевност) https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/249
8. Сарафова Н.,Тасевска М, (2021) АСПЕКТИ НА КНИЖЕВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО НОРВЕШКА https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/article/view/4162
9. Tasevska, Marica and Sarafova, Natasa (2022) Местото и улогата на вештината пишување во наставата по германски јазик. Knowledge – International Journal, 55.2. pp. 339-343. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/31697/
10. Sarafova, Natasa and Tasevska, Marica (2022) Значењето на креативните индустрии во Европската Унија. Knowledge - International Journal, 55 (6). pp. 929-934. ISSN 1857-923X https://eprints.ugd.edu.mk/31698/

**Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Наташа Сарафова**

1. Sarafova N, 2010 Harry Potter phenomenon. Yearbook 2010 - Faculty of Philology, UGD – Stip

**Евалуација на трудот (бр. 1)** Истражувањето е спроведено од културолошки аспект. Податоците се собирани од авторизирани и неавторизирани литературни дела, интернет-блогови и обработени статии кои се преточени во книги и документирани филмови посветени на феноменот и феноменалното во седумте дела напишани од авторката Џоан Кетлин Роулинг за авантурите на Хари Потер; на дефинирањето на феноменот, според Џек Зипест, и критериумите од хегемонизираната групација која ги пропишува стандардите за да се биде феномен,

на податоците за продадените милионски бројки на книгите и гледаноста на филмовите за Хари Потер, противставените ставови за позитивното/ негативното влијание на книгите и филмовите за Хари Потер, магичното освојување на академските кругови, како и неговото феноменално привлекување да се прочита од милиони детски, тинејџерски и возрасни читатели. Феноменот Хари Потер е одличен пример во современиот капитализам. Тој не само што е литературен феномен туку е и маркетинг феномен. Мисијата за феноменалниот Хари го спои светот на литературата за деца со возрасните читатели, академските истражувачи со теориите за популарната култура, светот како свет само преведен на повеќе јазици.

2. Jovanov, J, Sarafova, H, 2011 Impact of short text messages on the contemporary Macedonian language. Yearbook 2011 - Faculty of Philology, UGD – Stip

**Евалуација на трудот (бр. 2)** Само десетина години откако се воведува оваа услуга, комуникацијата во нашиот свет во голема мера се измени. Во секоја држава преку кратките СМС пораки се создаде поинаков јазик, јазик со конкретна употреба, може да се каже – сосема нов „СМС јазик". Неминовно е употребата на таквиот јазик да влијае врз стандардизираниот јазик, особено кај младата популација, која, патем, е најголем корисник на овој вид услуга. Какво е влијанието и кои се последиците – со оваа статија е направен обид преку анализа и анкета да се доловат, а останува индивидуална проценката колку и во која мера стандардизираниот јазик (во овој случај – македонскиот) се менува.

3. Sarafova, Natasa and Dimova, Violeta (2011) Implementation of the programmes for learning Macedonian as a foreign language at the Faculty of Philology, Stip - a step towards sucessfl multicultural education. Procedia - Social and Behavioral Sciences. ISSN 1877-0428

**Евалуација на трудот (бр. 3**) Како учесник во проектот во кој има седум партнерски универзитети од Англија, Полска, Словенија и Македонија и која е поддржана од Европската Унија, со оваа студија се прави обид за стекнување на увид во начинот на прифаќање на новите принципи, култура и животна средина од страна на странските студенти кои го посетуваат Курсот за изучување на македонскиот јазик како странски јазик, од кои повеќето се турски студенти кои студираат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Македонија. Поточно, студијата ќе помогне добиваме информации за нивно запознавање и приспособување на образовниот систем во Македонија, како и прифаќање на новите практики преку нивно учество на курсот и запознавање со административните обврски кон универзитет кој се однесува и на домашни и на странски студенти. Мултикултурната средина ги прави сите ученици еднакви, така што секој е мотивиран да го научи македонскиот јазик со помош на наставници од различни националности. Важноста на учењето на новиот јазик помага во создавање опуштена атмосфера во која учениците ќе можат да се запознаат и да го почитуваат културата на другите учесници, што води до успешно мултикултурно образование.

4. Dimova, V, Sarafova, H, 2011 Education and culture. Procedia - Social and Behavioral Sciences Volume 15, 2011, Pages 2357-2359 3rd World Conference on

Educational Sciences – 2011.

**Евалуација на трудот (бр. 4**) Музиката, танцот, спортот, сликарството, архитектурата и се разбира литературата се облици на комуникација, кои од една страна овозможуваат поврзување со минатото, а од друга страна, минатото може да ни помогне да ги разликуваме современите потреби и да ги развиваме идните перспективи. Културното значење на литературата лежи во нејзиниот придонес кон системот на симболи преку кој поголемите заедници создаваат свој идентитет. Литературата како дел од културната свест за една поголема група станува место, каде што е одлучено што ќе се памети. Мајчин јазик и литература е еден од основните теми во образовниот наставен план. Со внимателен избор на книжевни дела во наставната програма може да се постигне една од најважните цели на образовниот процес, а тоа е создавање образовни и естетски компетенции на учениците и нивно вклучување во градењето на сопствениот културен идентитет, не само во нивните сопствената земја, но исто така и како дел од мултикултурата на нациите.

5. Sarafova, N. (2019). GENDER CONSTRUCTION THROUGH FAYRY TALES - FEMALE CHARACTERISTICS. Knowledge International Journal, 35(6), 1879 - 1882. Retrieved from http://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/2586

**Евалуација на трудот (бр. 5)** Целта на ова истражувањето е обидот да се обработат квалитетите на женските карактери и нивните различни идентитети. Приказните се создадени за да се остварат различните општествени функции во повеќекратен контекст. Носечките учесници во истражувањата во ова поле се согласуваат дека често пати раскажувањата од детството, односно приказните, играат привилегирана улога во конструирањето на детските претстави за самите себе. Како дел од најдлабоките и најтрајните детски впечатоци, приказните имаат намера да влијаат преку вметнатите културни норми и вредности кои се дизајнирани за зајакнување на општествените очекувања. Нивното прераскажување од страна на родителите ја нагласува обврската на децата кон тие вредности, особено кај младите девојки. Тоа произлегува од фактот дека најголем дел од приказните вклучуваат женски карактери.

6. Sarafova, Natasa (2019) Сатиричните елементи и дуализмот во расказот „Сфингата без тајна“ од Оскар Вајлд. Годишен зборник на Филолошки факултет – Штип. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот (бр. 6)** Целта на трудот е да се посочат иронично-сатиричните елементи на дуализмот во расказот „Сфингата без тајна“ од Оскар Вајлд, концепт на двоен идентитет карактеристичен за доцниот викторијански период во деветнаесеттиот век. Користени се историско-биографска критика и анализа на сегменти во расказот напишан во прво лице, воедно давајќи факти за животот на авторот и културниот контекст за тој период. Вајлд во своите дела го критикува викторијанското општество не луѓето, неговите негативни карактеристики, како што се: хипокризијата, двојните стандарди, сексуалната репресија и класната свест. Особено социјалниот аристократски живот, системот на општествената класа, ставовите за бракот, и дуализмот на човечката природа.

Овој труд е поделен на два дела. Во првиот дел се занимава со вовед за Оскар Вајлд и викторијанскиот период кој од рурална, станува урбана средина. Вториот дел се однесува на жанрот и сегментите на раскаозот „Сфингата без тајна" анализирајќи го женскиот лик (како симбол на викторијанската жена) и причините за мистериозниот двоен идентитет на човечката природа.

7. Наташа Сарафова, 2021 ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И КУЛТУРНИТЕ ПОЛИТИКИ ВРЗ ВИДЛИВОСТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ (Пример: Норвешка книжевност) https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/issue/view/249

**Евалуација на трудот (бр. 7)** Научната статија е поттикната од една статија која има позитивно инспирирачка нота, со наслов „Норвешка е најдобрата земја во светот за писателите" оттука и мотивот за спроведеното истражување кое ќе ја расветли оваа реченица, а подоцна ќе донесе заклучок со кој во иднина би можело да се направи поголемо истражување, компаративна анализа помеѓу македонските културни политики наспрема норвешките културни политика, но само во делот за книжевноста. Поради ова се истражува заштитата и материјалната помош на уметниците-писатели во оваа држава и како се поставени културните политики во Норвешка за овој придонес. Низ прашањата: Какво е влијанието на глобализацијата врз светската книжевност? Кои се стандардите на културните политики во Норвешка за афирмација на своите уметници – писатели? Дали норвешките културни политики во однос на книжевноста, се вистинската порта за поголема видливост на националната книжевност во рамката на светската книжевност? Пример за афирмација и промоција на националната книжевност со цел за нејзина поголема видливост во рамки на светската книжевност.

8. Сарафова Н., Тасевска, 2021 АСПЕКТИ НА КНИЖЕВНИТЕ ИНДУСТРИИ ВО НОРВЕШКА https://js.ugd.edu.mk/index.php/fe/article/view/4162

**Евалуација на трудот (бр. 8)** Во оваа статија е направено истражување со кое се појасниме поимите за културните индустрии, со акцент на книжевните индустрии во Норвешка. Како успеваат да се одржат, кои се нивните стратегии за успех, дали добиваат помош од државата? Поставивме хипотеза: Книжевните индустрии во Норвешка, успешно профилираат и се унапредуваат, поради добрата културна политика во државата и нејзината огромна заложба за афирмација на националната книжевност надвор од границите на државата.

9. Sarafova, N., & Tasevska, M. (2022). THE MEANING AND ROLE OF CREATIVE INDUSTRIES IN THE EUROPEAN UNION. *KNOWLEDGE - International Journal*, *55*(5), 929–934. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/5755

**Евалуација на трудот (бр. 9)** Креативните индустрии претставуваат еден од најбрзо растечките сектори на европската економија. Оттаму и истражувачкиот проблем на оваа статија кој е тесно поврзан со дигитализацијата и нејзините предизвици. Целта на спроведеното истражување е да се прикажат теоретските аспекти на креативните индустрии во ЕУ, преку квалитативна анализа на значењето и улогата на овие индустрии. Постојат различни дефиниции за креативните

индустрии кои варираат во зависност од перспективата на личноста која се осврнува на темата. Дефиницијата на UNCTAD е најшироко прифатена поради нејзината приспособливост „Креативните индустрии се циклуси на создавање, производство и дистрибуција на стоки и услуги кои користат креативност и интелектуален капитал како примарни инпути; сочинуваат збир на базирани знаења, активности, фокусирани, но не ограничувајќи се на уметноста, туку, потенцијално генерираат приходи од трговијата и правата на интелектуалната сопственост; опфаќаат материјални производи и нематеријални интелектуални или уметнички услуги со креативна содржина, економска вредност и пазарни цели". Креативните индустрии во последниве години постојано се стекнуваа со важност, повеќе од кој било друг бизнис сектор – за конкурентноста на европската економија како целина. Тие се веќе водечки сектор за економски раст и отворање работни места, дури и кога нивниот целосен потенцијал е далеку од тоа што треба да се постигне.

10. Tasevska, M., & Sarafova, N. (2022). THE PLACE AND ROLE OF WRITING SKILLS IN GERMAN LANGUAGE TEACHING. *KNOWLEDGE - International Journal*, *55*(2), 339–343. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/kij/article/view/5785

**Евалуација на трудот (бр. 10)** Пишувањето е една од основните културни техники и припаѓа на основните вештини, преку која јазикот се отсликува во графички знаци. Пишувањето најчесто ни служи за споделување факти, мисли или чувства во пишана форма. Според Хејд пишувањето во наставата по странски јазик претставува можност за контакт со нова, непозната структура (1997:181). Каква е нејзината функција во наставата по германски јазик зависи од тоа дали истата претставува наставна или посредна цел. Пишувањето како посредна цел ни служи за утврдување на знаењата на учениците, препишувања или прераскажувања на текстови во пишана форма, запишување на новите граматички структури или новата лексика во тетратка и сл. Од друга страна, пак, доколку пишувањето го користиме со цел да споделиме некоја суштинска информација со запазување на сите јазични норми зборуваме за пишувањето како наставна цел. Вештината пишување, покрај вештините читање, слушање и зборување, претставува една од четирите клучни вештини чие усвојување го олеснува усвојувањето на странскиот јазик и придонесува за стекнување на комуникативни компетенции. Колкава е застапеноста на вештината пишување во наставата по германски јазик и кои техники, стратегии и методи се користат за нејзино успешно усвојување е предмет на истражување на овој труд. Преку претходно изготвена анкета за вкупно 26 наставници по германски јазик ќе се обидеме да ја отсликаме состојбата и третирањето на вештината пишување во наставниот процес, како и застапеноста или незастапеноста на различните техники и методи кои придонесуваат успешно стекнување на јазични компетенции во пишана форма, со надеж дека добиените резултати ќе дадат свој придонес кон усовршување на оваа вештина, со цел полесно и долгорочно усвојување на пишувањето како продуктивна вештина присутна во нашето секојдневие. Клучни зборови: вештини, интеракција, пишување, настава.

Кандидатката д-р Наташа Сарафова има петгодишно искуство во наставно-образовната дејност во високото образование како стручен соработник, како и 10

објавени научни труда, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Наташа Сарафова континуирано работи на својот професионален развој преку учество на конференции, научни сесии, трибини и форуми, работилници, онлајн обуки, семинари и вебинари, при што се стекнува со соодветни сертификати.

**Учество на конференции, научни сесии/трибини/форуми**

11. Сертификат за учество на 39 Меѓународна научна конференција KNOWLEDGE IN PRACTICE (16 – 18.12.2022), Банско, Р. Бугарија.
12. Сертификат за учество на Меѓународната научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", 25 и 26 мај 2023 година на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Македонија.

***Учество во проекти***

13. Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката д-р Наташа Сарафова од 2009 година до 2012 година на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип е определена за координатор на ТЕМПУС проектот за реформи и подобрување на постојните наставни програми за учење на македонскиот јазик како странски јазик (MFL): (158638-1-2009-1-MK-TEMPUS-JPCR). Учесници и партнер универзитети од Македонија и од Европа: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Универзитетот во Љубљана, Јагелонскиот универзитет, Полска, Universsity во Bedfordshire, Универзитет „Св. Климент Охридски", Универзитет „Гоце Делчев", Универзитет Американ колеџ - Скопје.

**Евалуација на проектот:** Цели на проектот: 1. Реформи и подобрување на постоечките наставни програми за учење на македонскиот јазик како странски јазик (MFL); 2. Дизајн на три книги за учење на MFL на три нивоа: основно, средно и напредно ниво; 3. Дефинирање на соодветни процедури за испитување и оценување на тест напредно ниво и подготвување за кореспонденција. Структурирана документација во согласност со европските стандарди; 4. Воведување на одржлива интеруниверзитетска академска соработка и усогласување на наставните програми.

14. Учествува во проектот со наслов „Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование" (2018).

**Евалуација на проектот:** Овој проект има две главни цели: 1. Да се истражат различни видови евалуациски постапки со цел да се утврди остварливоста на целите и задачите на наставата и учењето во високото образование; 2. Да се истражат можностите за проверка и вреднување на наставниот процес во високото образование и за унапредување на студиската програма по методиките на филолошките факултети, која ќе помогне во подетално дефинирање на наставничките компетенции на студентите – идни наставници по македонски, англиски, германски, италијански и турски јазик и книжевност. Во проектот беа вклучени студентите запишани во втора, трета и четврта година на студиските програми по македонски, англиски, германски, италијански и турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, како и дел од наставничкиот

и соработничкиот кадар на Факултетот. **Учесници во проектот**: проф. д-р Нина Даскаловска, проф. д-р Драгана Кузмановска, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, проф. д-р Ранко Младеноски, проф. д-р Марија Леонтиќ, проф. д-р Махмут Челик, доц. д-р Даринка Маролова, доц. д-р Весна Коцева, виш лектор м-р Снежана Кирова, виш лектор м-р Биљана Иванова, виш лектор м-р Марија Тодорова, м-р Татјана Уланска, м-р Марица Тасевска, м-р Марија Гркова, проф. д-р Светлана Јакимовска, доц. д-р Ева Ѓорѓиевска, доц. д-р Ана Витанова-Рингачева, лектор м-р Надица Негриевска, асистент-докторанд Јована Караникиќ-Јосимовска, асистент м-р Наташа Сарафова и асистент м-р Кристина Костова.

***Студиски престој во странство***

15. Во функција на изработка на докторска дисертација со наслов „Културните политики и културните индустрии – фактори за видливоста на малите книжевности во корпусот на светската книжевност (студија на случај: Норвешка Македонија)" кандидатката д-р Наташа Сарафова остварила научноистражувачки престој во периодот од 14 до 18.3.2022 година на Универзитетот во Ås (NMBU), Норвешка.

***Член на институтски орган***

16. Март 2018 – член на Институт за јазици при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација и во согласност со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката д-р Наташа Сарафова ги исполнува суштинските и законските критериумите за избор во наставно-научно звање доцент за наставно-научната област 612 Наука за книжевност, 64000 Македонистика, 61226 Културолошки студии (во книжевноста). Таа поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски. Затоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката д-р Наташа Сарафова во наставно-научното звање доцент за наставно-научната област 612 Наука за книжевност, 64000 Македонистика, 61226 Културолошки студии (во книжевноста) на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Ранко Младеноски, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Луси Караниколова-Чочоровска, редовен професор, член, с.р.
Д-р Ева Ѓорѓиевска, вонреден професор, член, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
(Табела за вреднување на активностите на д-р Наташа Сарафова според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Избор во асистент прв пат<br>Избор во асистент втор пат | 2x15 | | | | 30 |
| | **ВКУПНО НО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор – бр. 3,4,5,7,8,10, втор автор – бр. 9 | 6x9 = 54<br>1x6 = 6 | | | | **60** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир (бр. 2, 6, втор автор бр. 1) | 2x3 = 6<br>1x2 =2 | | | | **8** |
| **3.** | Учество на научен собир со реферат (бр. 11, 12) | 1 | 1 | 1 | 1,5 | **2,5** |
| **4.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| | **ВКУПНО НИ + СУ** | **78,5** | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Учесник во научен проект (бр.13, 14) | 1 | 5 | 1 | 8 | **13** |
| **7.** | Студиски престој во странство (бр. 15) | | | 1 | 8 | **8** |
| **8.** | Член на институтски орган (бр. 16) | 1 | 2 | | | **2** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **23** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30 (НО) + 78,5 (НИ+СУ) + 23 (СА+ОР) = 131,5** | | | | |

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**
**ЗА СТУДЕНТИТЕ НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ/НАСОКИ“**
**ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ВИОЛЕТА НИКОЛОВСКА**
**ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и врз основа на Одлуката со бр. 1602-82/ 16 од 184. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на ден 10.5.2023 година, е избрана Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Лидија Тантуровска, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“;
- проф. д-р Лидија Аризанковска, Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

за изготвување извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**“ од **авторката проф. д-р Виолета Николовска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**: Учебникот „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**“ од проф. д-р Виолета Николовска, како што е наведено во Предговорот, е наменет за студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и тоа – на прв циклус студии при Факултетот за образовни науки: Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Педагогија, а и за некои студенти од други факултети со наставна насока, каде што е задолжителен предмет.

Според Наставниот план и според Наставната програма, содржината и материјата што се разработува во приложениот ракопис на учебникот „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**“, сметаме дека соодветствува и може да им послужи на студентите на Факултетот за образовни науки: Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Педагогија, кои го слушаат во првиот семестар, со фонд на часови 2+2+1, а и за некои студенти од други факултети, кои имаат наставна насока (од Факултетот за информатика, студиска програма: Математика – наставна насока, кои го слушаат во третиот семестар, со фонд на часови 2+2+1, и е задолжителен предмет).

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот од материјалот на учебникот „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**“ од проф. д-р Виолета Николовска е на 70 страници, А4-формат, со проред 1 и со големина на букви 12. Станува збор за концизен труд, кој соодветствува на бројот на часовите, од една страна, и соодветствува според одредбите од Правилникот

за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од друга страна.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Со оглед на фактот што граматиките, кои им стојат на располагање на студените, не биле соодветни за нивното ниво на образование (учебници за средно училиште или пак литература што бара соодветни лингвистички предзнаења и што е наменета за студентите на филолошките факултети), авторката подготвила учебник во 2015 година: „Македонски јазик: фонологија, морфологија, морфосинтакса". Но, по речиси една деценија, се јавила потреба за подготвување второ, дополнето и модификувано издание со проширен наслов: „МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки". Авторката проф. Николовска наведува дека некои содржини се поинаку конципирани (според некои посовремени теории), а се вклучени и содржини од областа на синтаксата, кои, во претходното издание, освен преку морфосинтаксата на одделните зборовни групи, не се опфатени.

**Краток опис на содржината:** Општи карактеристики на учебникот „МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки" се:

- станува збор за концизен материјал од областа на граматиката на македонскиот јазик, во кои се разработуваат јазичните појави на нивоата: фонетика и фонологија, морфологија (и морфосинтакса), синтакса;
- е богат со соодветни примери за секоја јазична појава;
- теориската поставеност е збогатена со соодветни современи теории.

Целта на учебникот „МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки" е да ги воведе студентите во основите на науката за јазикот воопшто и од него да ја совладаат граматиката на македонскиот јазик и принципите по кои се изучува таа.

Материјалот што е понуден во учебникот се состои од неколку дела. По неизбежниот Предговор, се сместени содржините од областа на *воведот во науката за јазикот*, како што се: *За јазикот. Лингвистика. Лингвистички поддисциплини*; *Лингвистиката и другите науки*; *Функции на јазикот; Јазична редунданција*. Преку овие содржини, студентите треба се запознаат со тоа *што е јазикот како средство за комуникација* и *како е организиран на различни нивоа како систем од знаци*, потоа се дефинира и *лингвистиката како наука за јазикот* и *се определуваат нејзините врски со другите, сродни дисциплини*. Сместени се и две теми, кои се однесуваат на јазикот како средство за комуникација: *Функции на јазикот* и *Јазична редунданција.*

Впрочем, се разгледува *јазикот како систем од единици организирани на повеќе нивоа,* меѓу кои, на секое ниво, се остваруваат односи меѓу единиците од истото ниво. Секоја јазична единица, на секое ниво се дефинира преку односите со другите јазични единици. Јазикот се разгледува како *жив организам*, подложен на промени, кои не се случајни и кои се рефлектираат на односите во целиот систем. Се разгледува и јазикот како *средство за комуникација*, кој при тоа остварува различни комуникативни функции. Јазичната комуникација, за да се разбереме, мора да биде јасна и недвосмислена, а јазичната редунданција се разгледува како

појава, која и ја овозможува таа еднозначност и недвосмисленост, разбирливост на комуникацијата.

Во делот посветен **на фонологијата** најпрвин се дефинираат единиците на фонолошкото ниво (фонема, алофона, дистинктивни и редундантни признаци). Системот на фонеми е опишан според критериумите што ги среќаваме обично во постоечките граматики. Се опишани десетина бинарни опозиции во чии рамки е даден системот на фонеми на македонскиот стандарден јазик. Одделно внимание им се посветува на карактеристиките на акцентот во македонскиот јазик, на правописните принципи и на правоговорот. Во поглавјето посветено на фонологијата се обработени и фонетските промени: асимилација, дисимилација, алтернација, елизија, метатеза, палатализација, депалатализација, назализација и деназализација. Со описот на фонетските промени се дадени и некои историски фонолошки опсервации.

Во поглавјето посветено **на морфологијата и на морфосинтаксата** се разработуваат зборовните класи, критериумите за нивната класификација и нивната синтаксичка употреба. На почеток се обработени зборовните групи: именки, придавки и прилози, па заменските зборови (личните заменки, заменските придавки, заменските придавки со кои се укажува на квалитет и на квантитет, лично-предметните заменки, показните заменки и заменските прилози) и броевите, а потоа е разработен сложениот глаголски систем во македонскиот стандарден јазик. По дефинирањето на глаголите како полнозначни зборови и по нагласувањето на основната нивна функција (во реченицата) се дадени граматичките категории: граматичката категорија *вид* кај глаголите, граматичката категорија *преодност* кај глаголите, граматичката категорија *начин* кај глаголите (заповедниот, можниот и исказниот); потоа е даден системот времиња кај македонскиот глагол (сегашното време – презентот, идното време – футурот, минатото определено свршено време – аорист, минатото определено несвршено време – импрефект, минатото-идно време, минатото неопределено време – перфект, идното прекажано време и предминатото време – плусквамперфект). Во продолжение се дадени неличните форми на глаголот во македонскиот стандарден јазик (глаголската именка, глаголската придавка, глаголскиот прилог и глаголската *л*-форма) со сите свои специфики. Од неменливите зборови се разработени службените зборови (предлозите, сврзниците, партикулите = честиците), а и извиците и модалните зборови.

Во учебникот се дефинираат зборовните класи, се даваат нивните поткласи, се дава прегледот на формите и на крајот се зборува за нивната синтаксичка употреба. Во рамките на морфологијата се истакнува употребата на граматичките форми на зборовите. Она што е специфично во овој учебник е и разликувачката поставеност на *прототипна употреба на формите* (во нивното основно значење) од *непрототипна употреба на формите* (употреба на формите во значења, кои се примарни за други форми), мотивирана од поставките на *Теоријата за категоризација врз основа на прототип во когнитивната лингвистика*.

Третиот дел е посветен на синтаксата, во кој се разгледува основната реченична конструкција (составена од едно предикативно јадро претставено со лична глаголска форма) и сложената реченица. Спецификата во овој дел е посоченоста на семантичките улоги на учесниците во еден настан различен од синтаксички функции, кои ги вршат зборовите во реченицата.

Подробно, во синтаксата најпрвин се разработува граматичка структура на реченицата, а потоа модалната структура на реченицата. Посебно место ѝ се посветува на комуникациската организација на исказот. Во вториот дел од синтаксата се разработуваат сложените реченици: независносложените реченици (односно паратаксата) и зависносложените реченици (односно хипотаксата); па прилошкоопределбените зависносложени реченици: исказните (декларативни) зависносложени реченици, односните (релативни) зависносложени реченици, допусните (концесивни) зависносложени реченици.

На крајот од ракописот „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**" ја има основната литература што е користена при подготвување на учебникот.

Вака конципираниот учебник сметаме дека ќе им биде од голема полза на студентите што го изучуваат македонскиот јазик како предмет на нематичните факултети и особено на студентите од Факултетот за образовни науки.

Што се однесува **до јазичниот израз на авторката**, проф. д-р Виолета Николовска, покрај тоа што е разбирлив, јасен и приемлив за соодветното образовно ниво на студентите што ќе го користат, со својата индивидуалност остава печат на една педагошка блискост со толкувачка нота – само и само да им е јасно на студентите. Тоа се чувствува во честите споредби што ги дава, потоа во големиот број избрани примери што се наведени во учебникот, па и генеалошките и типолошките изведувања на некои јазични појави – за да се добие поголемата слика на нормата на македонскиот стандарден јазик.

**ЗАКЛУЧОК**

Според одредбите од Статутот и од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, официјално избраната Рецензентска комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип смета дека поднесениот ракопис „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**" од **авторката проф. д-р Виолета Николовска** соодветствува да биде учебник, наменет за студентите од прв циклус на студии при Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Наведениот учебник, со своите научни квалитети, ги задоволува критериумите за објавување како педагошки труд. Рецензентската комисија во состав од проф. д-р Лидија Тантуровска и проф. д-р Лидија Аризанковска му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го објави учевникот „**МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК за студентите на наставничките факултети/насоки**" од **авторката проф. д-р Виолета Николовска.**

**Рецензенти**
Проф. д-р Лидија Тантуровска, с.р.
Проф. д-р Лидија Аризанковска, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**На прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на кампус 3**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФМН | 0206-671/3 од 06.07.2023г. | „Тироидна дисфункција како предикативен фактор во спонтаната загуба на рана бременост“ „Thyroid dysfunction as a predicative factor in spontaneous early pregnancy loss“ | проф.д-р Светлана Јовевска интерен ментор проф.д-р Самуел Садикарио екстерен ментор | Сања Балциева |